УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

ИНСТИТУТ ЗА СПЕЦИЈАЛНА

ЕДУКАЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

# Семејна поддршка и ресурси на семејствата на децата со интелектуална попреченост и аутизам

Кандидат: Севим Исени

Ментор: Проф. д-р Наташа Станојковска-Трајковска

Скопје, 2020 година

**СОДРЖИНА:**

**ВОВЕД** ........................................................................................................ 4-5

**ОПИС НА ТРУДОТ** ......................................................................................... 6

1.ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

2.ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

**1.ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ**........................................................................ 6-18

**I.Интелектуална попреченост**.........................................................................6

1.1.Што е интелектуална попреченост ........................................................................ 6

1.2 Проблеми со кои се соочуваат родителите на деца со интелектуална попреченост.........................................................................6-7

**II. Семејна поддршка и ресурси**.........................................................................8

2.1 Поим и дефиниција ........................................................................8-10

2.2 Поддршка и семејниот квалитет на живот на семејствата на деца со интелектуална попреченост ........................................................................10-12

2.3 Фактори кои влијаат на семејниот квалитет на животот и социјалната заштита........................................................................12-14

2.4 Поддршка од локалната заедница на семејствата на деца со интелектуална попреченост ........................................................................14-15

**III. Релевантни истражувања**.........................................................................17

3.1Семејна поддршка на лица со интелктуална попреченост ....................................17

3.2.Семејна поддршка и ресурси на семејства на деца со интелектуална попреченост и на деца со типичен развој ..........................................17-18

**2.ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ** ........................................................................19

**IV. Методологија на истражување** ....................................................................19

4.1.Предмет на истражување: ........................................................................19

4.2.Цел на истражување: ........................................................................19

4.3.Задачи на истражување: ....................................................................................19-20

4.4.Хипотези .....................................................................................................21-27

4.5. Варијабли на истражување .....................................................................................28

4.6.Методи, техники и инструменти на истражување .................................................28-29

4.6.1. Методи .......................................................................................................28

4.6.2. Техники на истражување ...............................................................................28

4.6.3. Инструменти на истражување .........................................................................28

4.7. Примерок на истражување ученици корисници на воспитно образовни институции (Посебно основно училиште, редовни основни училишта)-Скопје ...............................30

4.8. Место и време на истражување .........................................................................30

4.9. Статистичка анализа на податоците ....................................................................30

4.10. Организација и тек на истражувањето ...............................................................31

**II-ПРИКАЗ И ОБРАБОТКА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ………………….................32**

1.1. АНАЛИЗА НА ПРИМЕРОКОТ (ВОЗРАСНИ)………………………..…..….33

1.2. АНАЛИЗА НА ПРИМЕРОКОТ (ДЕЦА)…………………………..........….42

**III. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ……………………………….................49**

1.0.АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СКАЛАТА НА СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА (ССП)………………………......………………………………..........……….…50

1.1. ДЕСКРИПТИВНА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ССП….....................…50

1.2. СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ССП…….….................55

2.0. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СКАЛАТА НА СОЦИЈАЛНИРЕСУРСИ (ССР..................................................................................................…84

2.1. ДЕСКРИПТИВНА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ССР…..............……84

2.2. СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ССР….........................91

**Заклучоци..................................................................................................130**

**Препораки ..........................................................................................130-131**

**Користена литература** ...........................................................................132-134

**V.Прилози**..........................................................................................135-139

Анкетен Лист ......................................................................................................135

Скала на семејна подршка ..................................................................................136-137

Скала на семејните ресурси ...............................................................................138-139

# Вовед

Семејствата кои имаат дете со пречки во менталниот развој се соочуваат со страв, неинформираност, незнаење, срам и исклучување. Сето тоа води до социјална исклученост на овие семејства, што ја отежнува нивната интегрираност во заедницата. Причините за лошиот статус на семејствата кои имаат дете со пречки во развојот, лежат длабоко во социјалните, економските, културните и психолошките корени на сите култури.

Овие семејства се во постојана социјална изолација, а сиромаштијата и социјалната исклученост се едни од релативните карактеристики на животот на овие семејства. Многу од овие семејства живеат во опкружување на дискриминација, предрасуди, незнаење, неинформираност и со незадоволени елементарни потреби. Многу често се случува овие семејства да имаат ниски приходи, а причината за сиромаштија и социјална исклученост е ниската стапка на вработеност, недостапност на јавните служби и институции, потребната поддршка којашто би требало да ја имаат од заедницата, како и од се уште недоволната развиеност на услугите и сервисите за поддршка на овие семејства од страна на државата.

Македонија сеуште немаме доволно развиен систем на формална и неформална социјална заштита, или истиот функционира на незадоволително ниво поради што семејствата се соочуваат со дополнителни проблеми. Актуелни и фреквентни се емоционалните проблеми со кој се соочуваат родителите, од појава на фрустрација, депресија, анксиозност, страв за сопствената иднина и иднината на своите деца. Доаѓа до промена на климата во семејството, намалување на толеранцијата, зголемување на конфликтите и потребата да се најде виновник за целокупните проблеми со кои се соочува семејството. Се променува и односот на другите деца, тие добиваат повеќе задолженија и обврски кон својот брат/сестра со интелектуална попреченост или аутизам, кое резултира со намалено слободно време, намалување на социјалните контакти со своите врсници, па се до појава на љубомора и чувство на помала вредност.

Истражувањето ни овозможи да ги детектираме најчестите негативни влијанија во семејството, проблемите кои се предизвикани од тие влијанија, но секако и моделите и начините за превенција или ублажување на влијанието на истите.

# I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## I.Интелектуална попреченост

### 1.1. *Што е интелектуална попреченост?*

Децата со интелектуална попреченост имаат исти основни физиолошки, социјални и емоционални потреби како и останатите деца.Нивниот развој ги следат истите законитости на развојот кои важат за децата од општата популација,но темпото му е забавено, а според степенот на ретардација ограничено, т.т. лимитирано.

Според Правилникот за регулирање на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој, (Службен весник на РМ бр.30/2000) лицата со ментална ретардација ги делат во неколку подгрупи:

***-лица со лесна интелектуална попреченост*** –ги препознаваме по благото намалување на нивото на интелектуалните, говорните, јазичните, моторните и социјалните способности. Овие лица и покрај тоа што зборуваат со извесно задоцнување, најголем број од нив го користат говорот во секојдневниот живот. На стандардизираните тестови за интелегенција тие имаат IQ од 50 до 69;

***-лица со умерена интелектуална попреченост***– покажуваат забавен развој и ограничени способности во употреба на говорот, јазикот, моториката како и грижата за себе. На стандардизираните тестови покажуваат IQ од35 до 49;

***-лица со тешка интелектуална попреченост*** – тие се слични на лицата со умерен ментален хендикеп. Разликата се гледа во значително ограничените способности во областа на говорот, јазикот,моторните способности и грижата за себе. Поголем број лица од оваа категорија имаат изразени моторни и други придружни оштетувања кои укажуваат на оштетување или пореметување во развојот на ЦНС. На стандардизираните тестови покажуваат IQ од 20 до 34;

***-лица со длабока интелектуална попреченост***- е најтешка категорија која се карактеризира со ограничени способности за разбирање и прифаќање на барањата или упатствата.Поголем број од овие лица се полуподвижни или неподвижни и немаат способност да ги контролираат своите физиолошки потреби.Овие лица не се способни сами да се грижат за себе, поради што им е потребна постојана помош, нега и надзор од друго лице. На стандардизираните тестови покажуваат IQ до 20.

→ **Што предизвикува интелектуална попреченост?**

Лекарите откриле многу причини за интелектуална попреченост.

Најчести се:

**Генетски услови**, понекогаш интелектуална попреченост е предизвикана од абнормални гени наследени од родителите, грешки кога гените се комбинираат или други причини.

**Проблеми за време на бременоста**, интелектуална попреченост може да резултира кога бебето не се развива правилно во мајката. На пример, може да има проблем со начинот на кој клетките на бебето се делат додека расте. Жената која пие алкохол или добива инфекција како рубеола за време на бременоста, исто така, може да има бебе со интелектуална попреченост.

Проблеми при раѓање. Ако бебето има проблеми при трудот и раѓањето, како што не добива доволно кислород, тој или таа може да има интелектуална попреченост.

**Здравствени проблеми**. Болестите како голема кашлица, мали сипаници или менингитис можат да предизвикаат интелектуална попреченост. Тие исто така може да бидат предизвикани од екстремна неухранетост (не јаде право), не добиваат доволно медицинска грижа, или со тоа што се изложени на отрови како олово или жива.

**Интелектуална попреченост не е болест**. Тоа исто така не е еден вид ментална болест, како депресија. Не постои лек за интелектуална попреченост. Сепак, повеќето деца со интелектуална попреченост можат да научат да прават многу работи. Само им треба повеќе време и напор од другите деца.

→ **Кои се знаците за интелектуална попреченост?**

Постојат многу знаци на интелектуална попреченост. На пример, децата со интелектуална попреченост можат:

- седат, лази или оди подоцна од другите деца;
- да научат да разговараат подоцна, или да имаат проблеми со зборување,
- е тешко да ги запаметат работите,
- разбират како да платат за нештата,

- имаат проблеми со разбирањето на социјалните правила,
- имаат проблеми да ги видат последиците од нивните постапки,
- имаат проблеми со решавање на проблеми, и / илиимаат проблем да размислуваат логично.

Со определбата на семејството како примарна општествена група, не може а да не се потенцира ставот на познатиот американ-ски антрополог Маргарет Мид дека семејството е институција на која и ја должиме човечноста, затоа што не е познат друг начин на кој се создаваат човечки суштества, освен со воспитување во рамките на семејната заедница.

Со оваа констатација, како што гледаме, длабоко се изразува суштината на неопходноста на семејството во минатото, особено во сегашноста и иднината.

Семејната заедница не го губи карактерот на општествената заедница, туку во современи услови на живот и покрај низата опш-тествени установи и институции кои превземаат одредени семејни функции семејството и понатаму останува неопходен и нужен услов за егзистенција на човечката заедница.

Семејството денес е предмет на проучување на повеќе науки. Тоа е единствена институција, општествен микрокосмос, динамичен и променлив како и самото општество.

Основните димензии на семејното функционирање пред се се однесуваат на комуникацијата, улогите, интерперсоналните односи, емоционалната поврзаност, контролата на однесување, начинот на емоционалното реагирање, како и односот на семејството кон проб-лемите. Во таа смисла семејството го набљудуваме како примарна општествена група која се заснова врз био-социјални и емоционални односи и која што истовремено е детерминирана и санкционирана од општествениот систем. При ваквото одредување на семејството, општествената детерминираност и санкција ја разграничува опре-делбата на семејството како заедница од неговата определба како институција.

При дефинирањето на семејството како социјална група, повеќе автори додаваат дека е тоа сепак специфична група: тоа поседува и некои свои посебни карактеристики што се различни од оние што ги поседуваат останатите групи.

На пример, Ман Л. смета дека семејството е мала социјална група во која постои природна поврзаност помеѓу членовите. Екерман В. Н. нагласува дека семејството е примарна група и се јавува како посредник помеѓу индидивуата и пошироката општествена заедница. Савичевиќ Д. наведува дека бракот и семејството се микросоцијални групи.

Младеновиќ М. истакнува дека семејството во содржината и во структурата и на формален поглед е историски променлива група .

Рот Н.,ги наведува карактеристиките на семејството, па меѓу другото вели:

- Врските помеѓу членовите во семејството имаат посебен квалитет што го нема во останатите групи. Тие се со интензивна емоционална поврзаност помеѓу сите члено-ви на семејството: помеѓу сопружниците, родителите и деца та, браќата и сестрите. Интерперсоналните врски во семејството се посебни, посложени, поинтензивни и под-лабоки, отколку во други видови групи.

- Семејната група е мошне трајна. Иако односите помеѓу членовите во извесна мерка се менуваат поради биоло-шките и психолошките промени кај членовите, како и поради промените во општествените сфаќања за улогата на одделните членови на семејството, поврзаноста помеѓу членовите на семејството останува трајна, постои додека тие живеат.

Во современото семејство, кое е ориентирано кон своите членови, основна задача е да се исполнат очекувањата на секој член поединечно. Рамноправната распределба на улогите помеѓу члено-вите е во согласност со индивидуалните афинитети и способности на секој член поединечно.

Семејството е нај идеална средина, која овозможува макси-мални услови детето да ги задоволи своите биолошки, психолошки и други потреби.

Фројд го истакнува големото влијание и значењето на семеј-ството во раното детство врз целиот подоцнежен живот.

Исто така, голем број научници од оваа област посебно ги нагласуваат условите во кои децата се развиваат, како многу значај-ни за правилно формирање на позитивни членови на општествената заедница. Децата кои потекнуваат од хармонични семејства, во кои владеела пријатна семејна атмосфера, каде односите помеѓу него-вите членови

биле блиски и отворени,  семејството во кое постоело взаемно разбирање на родителите и добри односи помеѓу родители-те и децата, покажуваат поголема адаптабилност кон семејната атмосфера и услови. Среќното кохезивно семејство претставува еден од битните услови за успешен и хармоничен живот на децата.

Кохезивноста на семејството претставува нејзината внатре-шна привлечна сила, која произлегува од взаемната активност на членовите на семејството, како и атрактивноста на семејството за своите членови и која се изразува во нивното потполно задоволство со семејството и желбата да живеат во него.

Отсуството на родител или родителите или прекинувањето на комуникацијата со детето во периодот на неговиот развој, е  ненадоместливо. Можеби во овој ранлив период од развојот на мла-дата личност на детето му е потребно исто толку внимание и љубов што му е потребно во раниот период на социјализација. Така, децата кои не се сигурни дека родителите се грижат за нив, или пак не се доволно сигурни дека родителите ги сакаат, најверојатно, покрај постоечките проблеми (попреченоста) ќе развијат и други општест-вено негативни особини.

Грижата околу детето со посебни потреби не треба да го разединува семејството, напротив треба уште повеќе да го доближи.

Децата со посебни потреби, како и сите други деца, имаат потреба и неотуѓиво право да растат и да се развиваат во семеј-ствата, помеѓу родителите и континуирано да ја уживаат нивната љубов. На ваквите деца им е потребна многу повеќе љубов и пого-дна емоционална почва, за да можат да се активираат и развијат физичките и психички потенцијали.

Од суштинско значење за порационален биланс во трансми-сијата на основните социјални и културни вредности што  ја  врши  семејството во поглед на своите деца, е вклучувањето на детето со посебни потреби во секојдневниот вообичаен живот на членовите на семејството, со својата распределба на активностите, обврските, режимот на исхрана, одморот итн.

Настојувањето на членовите на семејството, децата со посеб-ни потреби да се вклучат како рамноправни во заедничките актив-ности, според нивните преостанати способности и објективни мож-ности, без емоционална обоеност во постапката со него, ќе создадат извонредна клима за забрзување на процесот на социјализација и за

елиминирање на ставот што често се формира кај овие деца како последица на претерано внимание, дека другите членови на семеј-ството се обврзани и должни да му помагаат во задоволувањето на неговите секојдневни потреби.

Голем број семејства, кои имаат деца со посебни потреби, остануваат надвор од реалноста, затворени, изолирани, во своите домови, каде нивните деца имаат минимални услови и можности за целосен развој и напредок. Стравот од повторно етикетирање, недо-умицата како да се справат со реакциите на околината кога ќе ја откријат нивната, најчесто скриена тајна, ги остава најголемиот број семејства многу оддалечени и недостапни за соработка.

Семејството со право се смета за една од најстарите соци-јални групи. Тоа е основната клетка во која детето ги осознава првичните сознанија за она што го опкружува, за доброто и лошото, убавото и неубавото. Во семејството ја добива потребната љубов, се стекнува со чувство на сигурност. Тука се развива чувството за блискост, внимание, грижа и заедништво од кои подоцна ќе произ-лезат знаењата, вештините, ставовите и вредностите кај личноста, толку потребни на децата, особено на децата со посебни потреби.

Семејството како примарна општествена група во современото општество покрај репродуктивната,воспитната и економската функција, има и заштитна функција и тоа заштита на децата во нормални семејства и заштита на посебна категорија на деца во која што се вбројуваат и децата со пречки во менталниот развој.Родителите на децата со пречки во развојот наидуваат на многу тешкотии,и животот на овие деца во семејството, во поголем број на случаи, доведува до промена во функционалнатаорганизација како во самото семејство,така и надвор од него. Тие промени се предизвикани и од видот и големината на расположливата општествена помош.

1.4 Дефинирање на семејство

Семејството се дефинира како прв и најважен фактор за социјализација на детето и обезбедување на соодветни услови за негов нормален и правилен развој. Во рамките на семејството детето ги формира првите емоционални врски, го развива чувството на припадност и започнува да го учи светот околу себе, односно ја гради својата личност.Сé она што важи за семејството и улогата на родителите во развојот на детето што не е попречено во развојот, важи и за родителите што имаат дете со пречки во развојто, со

тоа што родителите на ова дете имаат и специфични проблеми кои другите родители ги немаат или ги немаат во толкав обем, тежина и разноликост. Многу истражувања предупредуваат на неповолното влијание од појавата на дете со пречки во развојот во семејството врз животот на целото семејство.

Историски гледано, литературата во односнот родител-дете се фокусирала на психолошкото влијание на родителот врз детето, а од поново време, фокусот полека се преместува кон проучување на психолошкиот ефект што детето може да го има врз родителите.

### 1.4.1 Карактеристики на семејството

Во современото семејство, кое е ориентирано кон своите членови, основна цел е да се исполнат очекувањата на секој член поединечно. Рамноправната распределба на улогите меѓу членовите е во согласност со индивидуалните афинитети и способностите на секој член поединечно. Семејството е најидеална средина, која овозможува максимални услови детето да ги задовли своите биолошки,психолошки и други потреби.

Голем број на научници го истакнуваат големото влијание и значењето на семејството во ранотот детство врз целокупниот живот. Исто така се нагласуваат и условите во кои децата се развиваат, кои се многу значајни за правилно формирање на позитивни членови на општествената заедница. Децата кои потекнуваат од хармонични семејства,во кои владеела пријатна семејна атмосфера,кадешто односите меѓу неговите членови биле блиски и отворени, семејството во кое постоело заемно разбиранње на родителите и добри односи помеѓу родителите и децата,покажуваат поголема адаптибилност кон семејната атмосфера и услови. Отсуството на родител или родителите или прекинувањето на комуникацијата со детето во периодот на неговиот развој, е ненадоместливо. Децата кои не се сигурни дека родителите се грижат за нив,или пак не се доволно сигурни дека родителите ги сакаат,покрај постојаните проблеми (попреченоста) ќе развијат и други општествено негативни особини.

### 1.4.2 Реагирање и очекувања на родителите кон детето со попреченост

Да се биде родител на дете со интелектуална попреченост или аутизам често со себе носи низа проблеми во менталното здравје, зголемено ниво на стрес, чувство на

помала вредност и срам, намалена физичка функционалност, измореност и исцрпеност кај родителите.

Tavorima опишува четири начини на реагирање на родителите кон попреченоста на детето.Во *првиот случај* родителот емоционално се „разделува“ од детето, оставајќи ја грижата за детето на другиот родител, а самиот се крие преку низа ангажирања и активности надвор од домот. *Вториот начин* на реагирање е кога родителите ќе се здружат и заедно го одбиваат детето, во таков случај најчесто детето се остава во институција. *Третиот начин* на реагирање е кога детето станува центар во животот на родителите, тогаш тие спремно ја поднесуваат секоја жртва, обидувајќи се да му ја задоволат секоја желба и задоволство, сметајќи дека тоа е најдобро за детето. *Последниот начин* на реагирање, кој можеби е и најдобар, е кога родителите се ангажираат да му пружат поддршка на детето и меѓусебно си пружат поддршка, со тоа го задржуваат личниот идентитет и духот на нормалниот живот.

За да се помират родителите со фактот дека имаат поинакво дете, дете со посебни потреби, родителите мора да поминат низ неколку фази:

- Првата фаза е ***фазата на шок***, кога чувствата на родителите се закочени, тогаш доминира чувството на реалност и беспомошност. Родителите се крајно анксиозни поради што многу тешко ја примаатт ваквата првична информација, дури кога таа ќе им биде презентирана и неколку пати.
- ***Фазата на негација***, кога сериозноста на состојбата е доведена во прашање и родителите тогаш дуриможат да имаат фантазиидека детето ќе им биде на магичен начин излекувано, па често пати го носат од лекар на лекар очекувајќи дека барем некој од нив ќе ги исполни нивните очекувања. Оваа фаза најчесто е пропратена со зборовите „Ова не е можно“, „Ова не ни се случува нас“...
- ***Фазата на жалење и лутина*** кога депресивните чувства и чувствата на кривица доминират. Иако многу од родителите на моментално хендикепираните деца се здрави луѓе и тие имаат чувство на одговорност и кривица поради раѓањето на дете со пречки во развојот. Самообвинувањата можат да бидат толку интензивни што родителите можат да се чувствуваат несреќни до крајот на животот. Понекогаш тоа чувство може да се проектира и на околината (гинекологот, педијатрите, бабицата...).

- ***Фаза на реорганизација***, во која родителите ја прифаќаат реалноста и започнуваат да се однесуваат конструктивно, да бараат стручна помош за подобрување и унапредување на состојбата на нивното дете.Тогаш се прават планови за негова нега, едукација, иднина.

  Децата со посебни потреби, како и сите други деца имаат потреба да растата и да се развиваат во семејства,помеѓу родителите и континуирано да ја уживаат нивната љубов. На ваквите деца им е потребно многу повеќе љубов и погодна емоционална почва, за да можат да се развјат физичките и психичките потенцијали.но за жал голем број семејства,кои имаат деца со посебни потреби,остануваат надвор од реалноста,затворени, изолирани во своите домови, кадешто нивните деца имаат минимални услови и можности за целосен напредок и развој.Страв од повторно етикетирање,како да се справат со реакциите на околината кога ќе ја откријат нивната, најчесто скриена тајна, ги остава голем број на семејства недостапни за соработка.

***Очекувањата на родителите*** за уште нероденото дете се различни и често зависат од општествениот статус на родителите. На пример, средните и високите класи очекуваат високи способности како во физичкото, така и во интелектуалното и здравственото подрачје. Колку се поголеми очекувањата толку е поголемо разочарувањето ако добијат дете со инвалидитет..

  - Некои карактеристики кои би можеле да се појават кај родителите се: Срам, избегнување на роднините, пријателите, соседите, а со тоа и повлекување во себе.
- Потребно е улогите во семејството одново да се редефинираат и да се прилагодат на потребите на детето.
- Контактите со околината се редуцираат, а семејството почесто се врти кон сопствените и расположливи општествени ресурси

1.4.2.Семејство на лице со пречки во интелектуалнот развој или аутизам

Раѓањето на детето во семејството најчесто е извор на радост и формирање на нови чувства, а во бракот, кој дотогаш бил без деца, доаѓа до вистинско формирање на семејството и развивање на основни семејни чувства како што се нежност,згрижувачки и заштитнички став. Меѓутоа, раѓањето на дете со пречки во развојот или подоцнежно

откривање на пречките претставува силен предизвик на целиот семеен живот. Голем број истражувања покажуваат дека раѓањето на дете со пречки во развојот е неспорен и силен стрес за семејството најчесто го менува нивното постојано функционирање и одредување на правецот и текот на нивниот живот. За развој и растење на детето посебно во неговиот развој во првите години од неговиот живот, заедничкото функционирање на брачните партнери,односно родителите на детето како семејство е од голема важност.Овие семејства се под стрес од различни причини, двајцата родители го проценуваат семејството како нешто што е нефлексибилно,а под нефлексибилност на семејството се мисли во делот на учество на родителите коишто имаат дете со пречки во развојот дека кај истите постои страв од промени.

Посебен проблем претставува прашањето на подготвеност на родителите, имајќи во предвид дека истите многу тешко ја поминуваат кризната ситуација, прифаќаат или пак бараат дополнителна помош или поддршка.

Раѓање на дете со атипичен развој за мајката претставува трауматско раздобје кое на неа остава сериозни последици во областа на личноста и интеркацијата со околината. Раѓањето ја прави жената мајка. А раѓањето на дете со попреченост во жената освен улога на мајка прозиведува и чувство на губиток.

### 1.4.3. Улога на мајката

- Детето со попреченост во семејството го зголемува физичкото, временското и психичкото оптеретување на мајката.
- Дневната нега, грижата, посетите на лекар и терапевтските термини се трајна грижа на мајката.
- Тие оптеретувања често предизвикуваат нервози, нарушување на спиешето, депресија. (Jonas 1990.).
- Идејата за добра мајка е поврзана со нејзината улога на добра мајка, која пак е поврзана со нејзината насоченост кон детето. Претпоставката за “детство долго цел живот“ на нејзиното дете се конфронтира со нејзиното мајчинско очекување и нејзината иднина која е иницијално поврзана со паника и страв.

- Во грижата за детето таа се чувствува беспомошно и некомпетентно.
- Секогаш упатена на соработка со професионалци и при растењето на детето, не може да се изразува доследно на својата желба туку се потпира на прописи и ставови на професионалци, што ја држи во постојана напнатост и будност.
- Отежната е и изградбата на нејзиниот емоционален однос со детето, а тоа може да се доживее како тешкотија во афирмацијата и независноста на социјалното подрачје.
- Некои други автори (Nippert, 1988.) ја акцентираат самостојноста на мајката, компетентноста како и нејзиниот конструктивен пристап во решавањето на проблемите.
- Вреднувањето на грижата за детето, нејзините улоги во растењето и воспитувањето можат да го зајакнат нејзиното задоволство и да ја зголемат нејзината псхичка самостојност.

### 1.4.4 Улога на таткото

- Во истражувањата, улогата на таткото е помалку застапена од улогата на мајката.
- Манифестирање на реакциите на таткото:
- Потполно разочарување со оглед на традиционалната улога на таткото и перспективата на животот со дете со инвалидност.
- Држење на таткото на дистанца и чувство на “неупотребливост“.
- Зголемена професионална ангажираност на таткото со цел компензирање на неговото фрустрирачко искуство и бегањето од когнитивниот и емоционалниот товар.
- Чувство на љубомора поради ангажираноста на сопругата околу сопственото дете.
- Истражувањата покажале дека татковците тешко прифаќаат дете со инвалидност од причина што на проблемот гледаат повеќе рационално, па самоконтролата им го отежнува емоционалното надминување на проблемот.
- Некои други автори, укажуваат на позитивниот однос на таткото кон детето со инвалидност “многу уникатен и топол однос“ кој се изразува во облик на заедничка одговорност и подготвеност во давање помош на што допринесува и поволната семејна клима. (Herzig 1993, Kallenbach, 1997.)

- Значи, детето со инвалидност, не носи само кризи туку им дава шанса на родителите за емоционална поврзаност, зајакнување на родителството и отворена комуникација внатре во семејството.

1.4.5 Улогата на браќата и сестрите во семејството

Можни негативни последици за браќата и сестрите:

- Поголемата оптеретеност на родителите доведува до извесно запоставување на другите деца.
- Љубомора што родителите посветуваат повеќе време на нивниот брат или сестра со инвалидност.
- Во семејството имаат повеќе обврски.
- Имаат поголема одговорност и понекогаш ја превземаат улогата на родител
- Стигматизација од страна на околината
- Страв дека и самиот тој ќе стане инвалид или ќе добие дете со инвалидност.

Позитивни страни:

- Зголемување на свеста за одговорност и социјално однесување.
- Поголемо разбирање и толеранција за другите луѓе, поголема отвореност и самокритичност.
- Поголема толеранција на фрустрација, подобро поднесување на конфликт.
- Поинтензивен семеен живот со поголема топлина.

Фактори кои влијаат на улогата на браќата и сестрите:

- Степен на инвалидност
- Редослед на раѓање
- Начин на одгледување од родителите.

1.4.5. Улога на детето со попреченост во семејството

Улогата на детето со инвалидност во семејството е поврзана со способноста на родителите да се прилагдат на новата и неочекувана ситуација.

Cloerkes (1997.) наведува три можни ситуации односно улоги на детето:

- Презаштитено дете- последица на претерана емоционална поврзаност на родителот со детето. Се е насочено кон детето и тоа доминира во семејството.
- Претерана емоционална врска со едниот родител, најчесто со мајката. Таа ја превзема целокупната грижа за детето и ги запоставува останатите членви на семејството па и самиот партнер.
- Чувство на вина на родителите кое поттикнува изолирање на детето од другите членови на семејството.

2.6. Потешкотии во семејсвото со лице со пречки во интелектуалниот развој

Воспитувањето на децата, а особено на децата со пречки во развојот, претставува предизвик за секое семејство како биолошко, така и згрижувачко. Од друга страна пак, и кога семесјството функцинира,а детскиот развој е нормален во зависност од степенот на развиеноста и способноста, возраст и пол на детето, како и бројни способности на самите членови на семејството. Раѓањето на детето со пречки во развојот претствува нови барања за семејството со кое што порано истите не се соочувале, а истото важи и за згрижувачките семејства.Приаќањето на детето кое има пречки во интелектуалниот развој претставува ново искство кое што звиси од бројни фактори: големината и тежината на развојните потешкотии на детето, емоционалните карактеристики, полот и возраста на детето и мотивација на семејството да ги совлада потешкотиите кои се пресудни за крајниот резултат.Според тоа треба да се има во предвид дека згрижувачките семејства се наоѓаат во една подобра ситуација за разлика од биолошките семејства, а траумата од раѓањето, стравот од иднината кои се карактеристични за биолошките семејства, не постојат во згрижувачките семејства.

Најчеста емотивна реакција по раѓањето на нивното дете е депресијата, потреба од изолација, шок, неверување, фрустрација, чувство на вина, а често провејува и мислата: подобро да не се родеше. Оваа состојба е посебно карактеристична за мајката, но го погодува и таткото само тоа е помалку видливо. Истиот избегнува да го држи детето во прегратка, избегнува со му се обрати со зборување и некои други слични постапки,а мајката којашто го изразува своето незадоволство во однос на детето се одразува на целокупната атмосфера во семејството после раѓањето на детето со пречки во развојот. Ретки се оние родители кои се смирени и смирено го примаат овој момент, јасно станува

дека оваа создадена атмосфера не е соодветна за развојот на детето, затоашто детето инстиктивно чуствува дека работите не се во ред па поради тоа често плаче.

Исто така присутни се и потешкотиите со кои родителите се справуваат уште во првите денови по раѓањето на детето од родилиштето кога треба да се донесе одлука каква медицинска интервенција треба да се преземе и на кого истата да се повери. Родителите на децата со оштетен слух се соочуваат со еден вид на потешкотии, а на оние со оштетен вид со друг вид на потешкотии и тн.Згрижувачите  ги имаат истите проблеми како родителите, но разликата е во тоа што истите емотивно не се поврзани како што се родителите.

Воспитните проблеми се јавуваат пред се, од видот на пречките во развојот и нивниот степен, од полот и од други особености на детето, како и од подготвеноста на семејството истите да ги ублажи. Треба да се земат во предвид и разликите во поглед на темпераментот и докажаната врска помеѓу вродените карактеристики на темпераментот на детето и условите каде истото се воспитува. Постојат три групи според карактеристиките на темпераментот на децата:

-*група со лесно воспитување* –карактеристично е добро расположение, уредни хигиенски навики и многу изразена радозналост.

-*група со тешко воспитување*- децата во оваа група често плачеле, немале воспоставено уредни хигиенски навики, неуредно јаделе, спиеле, бурно реагирале на секој обид на наметнување од страна на другите врсници или поголеми деца, а некои реагирале така што се повлекувале од непознати ситуации.

-*група на незаинтресирани деца*- се карактеризираат со пасивност, повлекување од непознати ситуации, негативности и слаби реакции на било кој поттик.

Вклучувањето на детето со пречки во развојот во образовниот систем претставува уште еден тешко решлив проблем.Клучниот воспитен проблем поврзан со образованието на детето кое има пречки во развојот,е мотивација за образование. Родителите на сите категории деца кои имаат пречки во развојот се насочени кон медицинската помош на детето да му помогне или да го ублажи неговиот проблем, со што целата нивна енергија ја насочува кон изнаоѓање на соодветна медицинска помош.

2.7. Како да му се помогне на семејство кое што има дете со пречки во развојот

Многу родители поставуваат бројни прашања за тоа како се однесува медицинскиот персонал во времето кога се родило нивното дете кое имало попреченост. Понекогаш на родителите не им кажувале ништо или ги уверувале дека со тек на време се ќе биде во ред. Мислењата за пречките кои ги имале децата често ги соопштувале на груб начин, без почитување на приватноста, пред други лица во простории каде што се водат разговори. Најчесто мајките имале бројни прашања кои сакале да ги постават, но едноставно не знаат каде и на кого да ги упатат и многу пати не добиваат совети што понатаму треба да прават и од кого да побараат помош. Па заради тие причини се изработени прирачници кои се наменети за родителите, за медицинскиот персонал и за просветните работници.Во нив е детално опишано како истите да реагираат кога ќе се сретнат со дете кое има пречки во развојот.

Препораки коишто UNICEF ги има дадено во 1990 година, се следните:

- Лицето кое дава известување на родителите, дека нивното дете има пречки во развојот, треба да биде доктор кој има искуство во работата со новороденчиња кои се родени со развојна потешкотија и којшто е добро информиран за можностите за давање на помош.,во надлежните институции каде што родителите можат да се обратат.
- Родителите мора да бидат информирани што е можно порано, пред мајката и детето да го напуштат породилиштето. Можно е кај мајките да се појават бурни реакции или депресија, за што е потребно да се даде психијатриска/психолошка помош се додека не се смири.
- Таткоти и мајката заедно треба да бидат рисутни кога докторот ги соопштува пречките во развојот на детето, и не се препорачува пречките прво да се соопштат на таткото на детето па потоа тој да ја информира мајката или сопругата.
- Првото соопштување на родителите дека нивното дете има пречки во азвојот треба да биде без присуство на други лица, се препорачува после излегувањето на мајката и детето од породилиштето, на средбата да присуствуа некој родител кој има дете со некакви пречки во развојот и колку што е можно да го ублажат овој проблем.
- На родителите треба да им се зборува во присуство на новороденчето и да се однесуваат на ист начин како со било кое друго новородено дете, при што треба да се искажува симпатија спрема детето преку говор и однесување.

- Да им се овозможи на родителите после излегувањето од породилиштето да контактираат со доктор кој ја продолжува грижата за нивното дете.Доколку, докторот не е во можност потребно е да даде одговор на поставените прашања,треба да ги упати родителите кај кои стручни лица и институции треба да се обратат за да им пружат помош.
- Со ова општо упатство корисно е родителите да добијат и пишано упатство, кое што се однесува на нивното дете, со насоки за природата и степенот на попречување кое го има нивното дете, начинот на решавање како и облиците на поддршка од социјален и медицински аспект.
- Потребно е да се информираат родителите за организации,за видот на помош кои ја обезбедуваат и за асоцијациите на родителите, кои исто така даваат помош на семејството и на детето.

Голем дел од овие препораки се  и за згрижувачките семејства, за да згрижувачот знае со какви проблеми можеби ќе се соочува доколку се одлучи да прифати дете со пречки во развојот.

# II.Семејна поддршка и ресурси

**2.1 Поим и дефиниција**

Семејствата сакаат најдобро за своите деца, да го негуваат својот раст и развој. Семејствата со деца кои имаат посебни потреби сакаат истото за своите деца, но често пати се соочуваат со дополнителни предизвици, вклучувајќи голем стрес, социјална изолација и финансиски издржливост. Семејствата може да станат преоптоварени, и им е тешко да го навикнат системот за услуги за своет одете и да најдат социјална и емоционална поддршка за себе.

***"Поддршка за семејството ,им помага на семејствата да пристапат до широк спектар на поддршка и услуги, вклучувајќиги и формалните поддржувања (како што се платени од негата) и неформални поддржувања (како што се родител-до-родител врски) и заеднички систем на услуги кои го промовираат благосостојбата на семејствата и нивните деца со посебни потреби,,***

→ **Целта  на семејната поддршка е:**

- Зголемување на силата и издржливоста на семејствата
- Поддржете ги родителите како им помагаат на своите деца со посебни потреби да го постигнат својот целосен потенцијал.
- Подобрување на капацитетот на заедницата за да им служи на семејства со деца кои имаат посебни потреби
- Помага семејствата да вршат критични врски со други семејства и ресурси во заедницата
- Обезбедува индивидуализирана поддршка на семејството, која ја почитува семејната култура, вредности и преференции

Програмата за поддршка насемејството работи со семејствата, заедниците и давателите на услуги за да промовира и да обезбеди поддршка за семејствата со деца кои имаат посебни потреби – кои вклучуваат посебни здравствени потреби, развојни и учени хендикепи и дијагнози за однесувањето / менталното здравје.

Поддршката за семејството вклучува:

- Информации за дијагнози, хендикеп и ресурси – како да најдете услуги
- Родител-до-родител поддршка – врска со други кои имале слични искуства
- Работилници и групи за поддршка - обука и стратегии кои можете да користите
- Социјалниактивности - забава и рекреацијазацелотосемејство
- Семејнозастапување и развојнаполитики - вклучувањевообликувањенаполитики и услугиповрзанисосемејството и инвалидитетот

→ **Како семејствата и децата имаат корист од семејната поддршка?**

Семејствата наоѓаат информација и емоционална поддршка и учат за подобрување на развојот и благосостојбата на нивното дете – сите промовираат подобри резултати за семејствата и децата.

→ **Придобивки**

- Го зголемува нивото на знаење на семејството за состојбата на нивното дете
- Го зголемува чувството на компетентност на семејствата во нивното старателство
- Ги поврзува родителите со слични искуства

- Го  поттикнува развојот на нови општествени односи
- Го намалува чувството на изолација
- Обезбедува можности за семејствата да ги поддржуваат другите и да го подобрат системот на услуги

→ **Кога семејствата бараат поддршка?**

Семејствата со деца на возраст од раѓање на млада зрелост бараат поддршка од семејството за многу причини.

Еве само неколку:

- Разбирање на нова дијагноза
- Доенчиња родени предвреме или во NICU
- Премин кон рана интервенција, предучилишно, државно училиште, пост-средно образование или вработување
- Семејство се преселува
- Наоѓање на локални услуги и даватели на услуги
- Застапување за образовни права и услуги
- Финансиско планирање за семејства со деца кои имаат посебни потреби
- Наоѓање на посебни услуги, како што се добивање на рампи и зградени или вклучени летни кампови
- Образование зародители и стратегии
- Поддршка на работното место за вработените со деца кои имаат посебни потреби
- Справување со стигмата и малтретирањето
- Балансирање на потребите на типично развивање на браќа и сестри

## 2.2 Поддршка и семејниот квалитет на живот на семејствата на деца со интелектуална попреченост

Поимот квалитет на живот се опишува на различни начини, поради бројните сложени компоненти што ги содржи овој поим тешко е да се дефинира

едноставно.Зборот „квалитет„ асоцира на позитивни вредности, како што е среќа, успех, богатство здравје и задоволство, додека зборот „живот„ се однесува на централните аспекти на човековоте постоење. Во зависност од кој контекст се говори дефинициите можат да бидат различни и тоа дали се говори за квалитет на живот во општ контекст на „смислата на животот„ за квалитет на живот во одредено општество или за квалитет на живот на одредена група лица, или пак на поединец.

Концептот квалитет на живот се развил во неколку области и тоа најпрвин во медицината, каде најзначајно било квалитетот на здравјето медицинската грижа и третманот што го добивале индивидуите. Во исто време вниманието е насочено и кон тоа какво влијание има третманот во целина на животот на индивидуите во една заедница во која живеат.

Овој термин во себе ги содржи сите аспекти на животот, бидејќи тие меѓусебе се поврзани, а на нив влијаат различни средински услови. Истовремено, ваквиот концепт ја вклучува можноста за превеење избор – акт кој е во самата суштина на квалитетот на живот.

Во последните триесет години квалитетот на живот станува брзорастечка дисциплина, прифатена од различни влади, агенции и јавни сектори од целиот свет. Многу студии се спонзорирани од организации како УНЕСКО, ОЕЦД(OECD).Организација за економска соработка и развој, и Светска здравствена организација.

Светска здравствена организацијаквалитетот на живот го дефинира како индивидуална перцепција на сопствената позиција на животот, во контекст на културните и вредностите на системот во кој живее и во однос на сопствените цели, очекувања, стандарди и преокупации.

Теодоровиќ смета дека квалитетот на живот е индивидуална проценка на сопственото задоволство од начинот на живот, неговиот тек, условите, перспективите, можностите и ограничувањата.

Квалитетот на живот се однесува на живеење исполнет, значаен, целисходен живот на поединецот. Квалитетот на живот се базира на пет есенцијални идеи, и тоа:

1. *Квалитет на живот адресира слични аспекти, атрибути и процеси на животот кај сите луѓе како што се:* исхрана, здравје, социјални односи, домување и слободно време, без разлика дали имат попреченост или не и без разлика во која земја живеат.
2. Квалитетот на живот е персонален. Квалитетот на живот има персонално значење и истиот е детерминиран од уникатна интеракција меѓу лицето и неговата средина, исто така тој може да се согледа од лична перспектива. Ние може да се ободеме да ги подобриме нивните животи но сепак последниот збор го има самото лице.
3. Индивидуите можат да ги оценуваат специфичните аспекти на нивниот живот. Таквите специфични аспекти се:финансиите, социјалните врски, верата, менталното и физичко здравје, слободното време, социјалната инклузија и правата. При изборот најдобро е да се фокусираме на оној аспект што во моментот е најважен за индивидуата.
4. Сите аспекти на животот се меѓусебно поврзани. Пр.финансиите се поврзани со слободното време, и двете со социјални односи, но сите аспекти на животот се под влијанија на средината.
5. Квалитетот на живот е променлив. Голем број на планирани и непланирани настани можат да го променат квалитетот на живот. Исто така, со тек на времето се менуваат, варираат и приоритетите и вредностите кај индивидуите.

Фелче и Пери опишуват троен модел во детерминирањето на квалитетот на живот, при тоа истакнуваат дека:

- објективен опис на животните услови на индивидуата и на нејзините околности;
- субјективната добросостојба се однесува на личната сатисфакција со животните услови и животниот стил;
- персоналните вредности и аспирации се релативна мерка како индивидуата ги валидизира различните аспекти на сопствените објективни животни услови, односно субјективната добросостојба.

## 2.3 Фактори кои влијаат на семејниот квалитет на животот и социјалната заштита

Колку семејствата успешно ќе се справат со тешката ситуација, зависи од квалитетот на заемните брачни односи, од родителското здравје, од адекватните модели на давање на услуги и помош, односно од третманот н децата и семејствата, гледано од здравствен, педагошки и социјален аспект. Социјалната заштита се дели на формална и неформална.

**Неформалната заштита** ги вклучува ресурсите поврзани со семејството, пријателите, соседите и другите роднини. Бројот на неформалните заштитни системи е важен фактор за намалувањето на стресот поврзан со одгледување и воспитување на дете со интелектуална попреченост. Пошироката социјална мрежа е поврзана со поуспешната адаптација и справување. Семејствата со деца со пречки во развојот често имаат помала мрежа за неформална заштита и тоа е причина за нивната поголема социјална изолација во споредба со другите семејства.Семејството или пријтелите можеби нема да можат да го предвидат или почувствуваат времето кога на родителите им е најпотребна помош. Дедовците и бабите може нема да ја прифатат дијагнозата или може да се случи да обвинуваат еден од родителите, секако, најчесто оној кој не е во сродство со нив. Пријателите може да се чувствуваат непријатно во присуство на детето или можби нема да знаат што да кажат за да ги утешат родителите, па како резултат на тоа, најчесто стојат настрана. Како дополнување на ова можеме да кажеме дека постои веројатност родителите да се срамат од своето дете и од проблемите што ги има, па многу ретко се осмелуваат да излезат од дома. Сите овие фактори може да доведат до социјана изолација.

Што се однесува до **формалната заштита**, таа се фокусира на ресурсите добиени од професионалниот колектив, а тука спаѓа заштита на детето и семејството преку обезбедување соодветна институционална и вонинституционална подршка, економски олеснувања и поттикнувања на семејството. За намалување на стресот важни се и ресурсите кои ги има семејството. Семејството кое е подобро материјално ситуирано и чии членови имаат подобро здравје, поуспешно се носат со стресот. Родителите кои се поинтелегентни и имаат повисоко образование можат подобро да ја разберат стресната ситуација пред која се наоѓаат и да развијат подобри вештини за решавање на проблемот. Но, од друга страна, овие семејства имаат поголема аспирација за своите деца и се под

поголем притисок поради големиот расчекор помеѓу она што го посакувале за своето дете и реалноста која ги опкружува.

Во членот 2 од Законот за заштита на децата стои дека заштитата се остварува со обезбедување на услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата. Понатаму во истиот закон, во член 4 се истакнува правото на посебен додаток кое му следува на децата со ИП, со исклучок на децата кои имаат лесна ИП.

Со став 2 од Законот за социјална заштита утврдена е вонинституционалната заштита, која најчесто се реализира преку нудење на социјални услуги, помош на поединец и помош на семејство, додека пак со членот 26 од истиот закон се обезбедува Дневното згрижување на децата што се социјално загрозени, меѓу кои се и децата со ИП. Во однос на економската поддршка со овој закон (член 44) обезбедено е правото на материјален надомест на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот.

**2.4 Воспитни проблеми**

Какви воспитни проблеми ќе се јават зависи, пред се, од видот на пречките во развојот и нивната тежина, од полот и други особености на детето, како и од подготвеноста на семејството истите да ги ублажи. Трба да се земат предвид и разликите во поглед на тепераментот и докажаната врска помеѓу вродените карактеристики на темпераментот на детето и условите каде истото се воспитува.

Масен со соработниците испитувал група од 141 дете во раниот период од нивниот живот и истите се разделени на три групи според карактеристиката на тепераментот на децата:

1. Групата на деца лесни за воспитување ја сочинувле околу 40% од сите деца, а нивната карактеристика била добро расположение, уредни хигиенски навики и многу изразена љубопитност. Родителите овие деца ги оцениле како лесни за воспитување.
2. Групата тешки за воспитување била составена од околу 10% од децата од групата. Децата од оваа група често плачеле, немале воспоставено уредни хигиенски навики, неуредно јаделе, бурно реагирале на секој обид на

наметнување од страна на другите врсници или поголемите деца, а некои реагирале на тој начин што се повлекувале од непознати ситуации. Овие деца родителите ги оцениле како тешки за воспитување.

3. Група незаинтересирани деца, околу 50% деца од групите се карактеризирани со пасивност, повлекување од непознати ситуации, негативност и слаби реакции на било кој поттик. Овој пример покажува дека и дете без развојни потешкотии може да биде тешко за воспитување.

Но кај децата со пречки во раззвојот почесто се јавуваат и воспитни потешкотии, нивните симптоми се посложени и често многу долго траат, некогаш и во текот на целиот живот. Агресивните облици на однесување, како што се валкање по подот и викање, се јавуваат кај сите категории на деца кои имаат пречки во менталниот развој во значаен процент од 85%- 90%, со што овие изливи на неприспособено однесување траат кусо под услов родителите/згрижувачите смирено да му пријдат на детето, затоа што изнервиран родител/старател само ја продолжува ваквата реакција.

Вклучувањето на детето со пречки во развојот во образовниот систем претставува уште еден тешко решлив проблем. Клучниот воспитен проблем поврзан со образованието на детето кое има пречки во развојот, е мотивација за образование. Теоретски гледано најголема практична помош може да има Олпоротовата сугестија за теолошкоиот интегритет, и за детето и за родителите, дека изворот на губење на мотивација потекнува од нивното уверување, дека напорот кој што вреди да се вложи во образованието во нивната ситуација нема смисла, а за жал општеството им потврдува во пракса дека истите имаат право.

Стравот од иднината како кај детето, така и кај родителите претставува, како ментално хигиенски така и воспитен проблем, ја отежнува мотивацијата за секоја активност како за развојот на детето, така и за целокупното функционирање на семејството.

Отсуството на спонтаност во семејството во раната возраст, а и подоцна, го отежнуваат развојот на детето во границите на неговите можности, па со тоа проблемите на менталното здравје и воспитните проблеми на детето стануваат се повеќе заплеткани и ако ништо не се превземе, истите стануваат се посложени и потешки за решавање.

## 2.5 Поддршка од локалната заедница на семејствата на деца со интелектуална попреченост и аутизам

Еден од предусловите за остварување на правата на децата со пречки во развојот е да се зајакне капацитетот за давање на услуги и структури во заедницата кои се неоходни не само за дневно функционирање на основните потреби, туку и за максимален развој на нивните потенцијали.

Организација на заедницата подразбира мобилизација на групи, институции, организации и здруженија за донесување на заеднички одлуки и создавање на заеднички сили за промени. Тоа вклучува развој на партнерство за здравствена заштита со цел да се подобри капацитетот на заедницата и се одвива во неколку фази.

- Идентификување на проблемот, секогаш е прва фаза. На прашањето може да се укаже на еден од родителите поединец, претставник на службите во заедницата- здравство, социјална заштита и здруженија на родители кои имаат деца со пречки во развојот итн. Пред да се почне со акцијата за решавање на проблемот, важно е да се обезбеди пристап до службите и институциите во заедницата, кои се формално или неформално одговорни за решавање на проблемот. Проблемот обично не е само еден па треба да се одвојат приоритетите. По тоа се преминува на дефинирање на целите, кои треба да бидат јасно формулирани, временски одредени и пред се реални. Потоа се утврдува начинот на решавање на проблемот од аспект на постоечките можности, ограничувања и прифатливост на заедницата.
- Принципи и методи за оранизирање на заедницата

Принцип на партиципација- промени во заедницата се можни само ако со експертите и соодветните служби се вклучени и оние кои се најмногу погодени од овие проблеми.

Партнерство – за решавање на сложени проблеми во заедницата на деца со пречки во развојот, треба да се направат значителни напори кои ги надминуваат можностите и ресурсите на една институција или организација.

# III. Релевантни истражувања

## 3.1 Семејна поддршка на лица со интелктуална попреченост о аутизам

Семејна подршка- Се однесува на поддршката која меѓу себе си ја даваат родителите на детето, поддршката која им ја даваат нивните родители, пријатели, други родители, семејната средина, невладините организации, верската заедница, стручни лица од помагателни профили, како и институции од областа на социјална, здравствена заштита и образование.

### 3.2. Семејна поддршка и ресурси на семејства на деца со интелектуална попреченост и на деца со типичен развој

"Поддршка за семејството, им помага на семејствата да пристапат до широк спектар на поддршка и услуги, вклучувајќиги и формалните поддржувања (како што се платени) и неформални поддржувања (како што се родител-до-родител врски) и заеднички систем на услуги кои го промовираат благосостојбата на семејствата и нивните деца со посебни потреби.

Уште во 2010 година **Уницеф** идентификуваше група родители на деца со посебни потреби во Македонија што беа обучени од страна на ***PACER*** (Ресурсен центар на родители со седиште во САД), со цел да се креира една нова родителска организација. Формиран во 2012 година, **Ресурсниот центар на родители на деца со посебни потреби** започнува со активна работа во 2014 година.

Инициран, формиран и воден од родители на деца со посебни потреби, како национален родителски сервис што им служи на родителите и нивните деца, **Ресурсниот центар** дејствува како партнер на родителите, на здруженија чии активности и дејствување се однесуваат на децата со посебни потреби, но едновремено и на институциите што работат на подобрување на условите на животот на децата со посебни потреби.

**Мисијата** на Ресурсниот центар е да им служи на сите деца со посебни потреби и нивните семејства преку: обезбедување *поддршка*, *помош*, *пристап до информации,* обезбедување *остварување на нивните права* во сите сегменти на животот со цел – што *поуспешна социјална инклузија*, како и *подигање на јавната свест и одговорност* за постоењето на тие права.

Преку остварената мрежа на соработници од над 80 организации со кои има склучено меморандуми на соработка и воспоставена соработка со институциите во РСМ, преку своите 5 регионални координатори и 2 национални координатори, Ресурсниот центар овозможува бесплатни сервиси: поддршка родител-родител, групна психолошка поддршка организирана во психолошки кампови, индивидуална континуирана психолошка поддршка, правни совети преку соработка со Македонското здружение на млади правници, медијација и совети од областите на социјалната заштита и инклузијата во образованието (и за родителите и за наставниците), поддршка наставник- наставник за наставниците во основното образование. Ресурсниот центар на родители на деца ги вмрежува родителите и овозможува размената на искуства и информации преку Фејсбук – страница https://www.facebook.com/resursencentarnaroditelinadecasoposebnipotrebi/?ref=bookmarks и затворената група Посебни родители на Фејсбук, постојано ја дополнува и базата на податоци за семејства на лица со попреченост, која во овој момент достигнува бројка од над 2500 илјади семејства. Покрај тоа, Ресурсниот центар произведува и ресурси за поддршка на семејствата и сите вклучени во работата со лицата со посебни потреби (прирачници за родители, прирачници за наставници, прирачник за млади волонтери, брошури за лица со некаков вид на попреченоститн.)

*Ресурсниот центар е сервис за **СИТЕ** родители на деца/лица со попреченост и лица со попреченост.*

# IV. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

## IV. Методологија на истражување

### 4.1.Предмет на истражување:

Предмет на ова истражување е да се утврдат семејните ресурси и семејната поддршка која ја имаат семејствата што имаат деца со интелектуална попреченост и аутизам во посебните и редовните училишта.

### 4.2.Цел на истражување:

- Дали постојат разлики во семејните ресурси и семејната поддршка кај семејствата од различна националност.
- Дали постојат разлики во семејните ресурси и семејната поддршка кај семејствата со различен материјален статус
- Дали постојат разлики во семејните ресурси и семејната поддршка кај родителите со различен работен статус
- Дали постојат разлики во семејните ресурси и семејната поддршка кај семејствата со различен образовен статус
- Дали постојат разлики во семејните ресурси и семејната поддршка кај семејствата со деца со различен степен на попреченост
- Дали постојат разлики во семејните ресурси и семејната подршка кај семејствата на деца со типичен развој и на деца со атипичен развој или деца со пречки во развојот

### 4.3.Задачи на истражување:

→ Да се утврди времето кое семејствата на деца со посебни потреби го поминува заедно

→ Да се утврди финансиката можност на семејствата на деца со посебни потреби при задоволување на основните потреби

→ Да се утврди можноста на семејствата на деца со посебни потреби за обезбедување на храна за два оброка дневно

- → Да се утврди финансиската можност на семејствата на деца со посебни потреби при плаќање на месечните сметки
- → Да се утврди времето кое го има семејството на дете со посебни потреби го има на располагање за релаксација и лична нега
- → Да се утврди медицинската помош која ја ужива самото семејство на дете со посебни потреби
- → Да се утврди помошта кое семејствата на деца со посебни потреби ја добива од нивните родители
- → Да се утврди помошта која едниот партнер ја добива од другиот партнер во семејствата на деца со посебни потреби
- → Да се утврди помошта која ја пружаат блиските пријателите на семејството на дете со посебни потреби
- → Да се утврди помошта која семејствата на деца со посебни потреби ја добива од социјалните служби

## 4.4 ХИПОТЕЗИ

Следејќи ги кооптираните независни (демографски) варијабли и критериумски варијабли (содржински произлезени од применетите мерни средства т.е. прашалниците ССП и ССР), во ова истражување ќе бидат тестирани осум основни хипотези, како и од нив произлезените помошни хипотези.

→ Главните хипотези бр. 1-4 се однесуваат на перцепцијата и вреднувањето на прашањата од Скалата на социјална поддршка (ССП).

→ ***Хипотеза 1:***

→ *Родителите на деца со атипичен развој (интелектуална попреченост и аутизам) различно ја перцепираат и вреднуваат социјалната поддршка што ја добиваат, во споредба со родителите на деца со типичен развој).*

Од неа произлегуваат следните помошни хипотези:

→ *Хипотеза 1а:* Родителите на деца со атипичен развој различно ја перцепираат и вреднуваат социјалната поддршка од семејно потекло, во споредба со родителите на деца со типичен развој.

→ *Хипотеза 1б:* Родителите на деца со атипичен развој различно ја перцепираат и вреднуваат социјалната поддршка од пријатели - поединци, во споредба со родителите на деца со типичен развој.

→ *Хипотеза 1в:* Родителите на деца со атипичен развој различно ја перцепираат и вреднуваат социјалната поддршка од неформални групи од локалната заедница, во споредба со родителите на деца со типичен развој.

→ *Хипотеза 1г:* Родителите на деца со атипичен развој различно ја перцепираат и вреднуваат професионалната социјална поддршка од општествени установи, во споредба со родителите на деца со типичен развој.

→ ***Хипотеза 2:***

→ *Родителите од различна етничка припадност различно ја перцепираат и вреднуваат социјалната поддршка што ја добиваат.*

Од неа произлегуваат следните помошни хипотези:

→ *Хипотеза 2а:* Родителите од различна етничка припадност различно ја перцепираат и вреднуваат социјалната поддршка од семејно потекло.

→ *Хипотеза 2б:* Родителите од различна етничка припадност различно ја перцепираат и вреднуваат социјалната поддршка од пријатели – поединци.

→ *Хипотеза 2в:* Родителите од различна етничка припадност различно ја перцепираат и вреднуваат социјалната поддршка од неформални групи од локалната заедница.

→ *Хипотеза 2г:* Родителите од различна етничка припадност различно ја перцепираат и вреднуваат професионалната социјална поддршка од општествени установи.

→ ***Хипотеза 3:***

→ *Родителите со различна социо-економска положба различно ја перцепираат и вреднуваат социјалната поддршка што ја добиваат.*

Од неа произлегуваат следните помошни хипотези:

→ *Хипотеза 3а:* Родителите со различна социо-економска положба различно ја перцепираат и вреднуваат социјалната поддршка од семејно потекло.

→ *Хипотеза 3б:* Родителите со различна социо-економска положба различно ја перцепираат и вреднуваат социјалната поддршка од пријатели – поединци.

→ *Хипотеза 3в:* Родителите со различна социо-економска положба различно ја перцепираат и вреднуваат социјалната поддршка од неформални групи од локалната заедница.

→ *Хипотеза 3г:*Родителите со различна социо-економска положба различно ја перцепираат и вреднуваат професионалната социјална поддршка од општествени установи.

→ ***Хипотеза 4:***

→ *Родителите со различен степен на образование различно ја перцепираат и вреднуваат социјалната поддршка што ја добиваат.*

Од неа произлегуваат следните помошни хипотези:

→ *Хипотеза 4а:* Родителите со различен степен на образование различно ја перцепираат и вреднуваат социјалната поддршка од семејно потекло.

→ *Хипотеза 4б:* Родителите со различен степен на образование различно ја перцепираат и вреднуваат социјалната поддршка од пријатели – поединци.

→ *Хипотеза 4в:* Родителите со различен степен на образование различно ја перцепираат и вреднуваат социјалната поддршка од неформални групи од локалната заедница.

→ *Хипотеза 4г:* Родителите со различен степен на образование различно ја перцепираат и вреднуваат професионалната социјална поддршка од општествени установи.

Главните хипотези бр. 5-8 се однесуваат на перцепцијата и вреднувањето на прашањата од Скалата на социјални ресурси (ССР).

→ ***Хипотеза 5:***

→ *Родителите на деца со атипичен развој (интелектуална заостанатост и аутизам) различно го перцепираат и вреднуваат степенот на доволност на социјалните ресурси со кои располагаат, во споредба со родителите на деца со типичен развој.*

Од неа произлегуваат следните помошни хипотези:

→ *Хипотеза 5а:* Родителите на деца со атипичен развој различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите базични дневни потреби, во споредба со родителите на деца со типичен развој.

→ *Хипотеза 5б:* Родителите на деца со атипичен развој различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите сместувачки и инфраструктурни потреби, во споредба со родителите на деца со типичен развој.

→ *Хипотеза 5в:* Родителите на деца со атипичен развој различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите потреби од доменот на социјалната и општествена заштита, во споредба со родителите на деца со типичен развој.

→ *Хипотеза 5г:* Родителите на деца со атипичен развој различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите лични и социјални потреби, во споредба со родителите на деца со типичен развој.

→ *Хипотеза 5д:* Родителите на деца со атипичен развој различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите потреби од одмор, забава и задоволства, во споредба со родителите на деца со типичен развој.

→ ***Хипотеза 6:***

→ *Родителите од различна етничка припадност различно го перцепираат и вреднуваат степенот на доволност на социјалните ресурси со кои располагаат.*

→ Од неа произлегуваат следните помошни хипотези:

→ *Хипотеза 6а:* Родителите од различна етничка припадност различного перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите базични дневни потреби.

→ *Хипотеза 6б:* Родителите од различна етничка припадност различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите сместувачки и инфраструктурни потреби.

→ *Хипотеза 6в:* Родителите од различна етничка припадност различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите потреби од доменот на социјалната и општествена заштита.

→ *Хипотеза 6г:* Родителите од различна етничка припадност различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите лични и социјални потреби.

→ *Хипотеза 6д:* Родителите од различна етничка припадност различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите потреби од одмор, забава и задоволства.

→ ***Хипотеза 7:***

→ *Родителите со различна социо-економска положба различно го перцепираат и вреднуваат степенот на доволност на социјалните ресурси со кои располагаат.*

Од неа произлегуваат следните помошни хипотези:

→ *Хипотеза 7а:* Родителите со различна социо-економска положба различного перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите базични дневни потреби.

→ *Хипотеза 7б:* Родителите со различна социо-економска положба различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите сместувачки и инфраструктурни потреби.

→ *Хипотеза 7в:* Родителите со различна социо-економска положба различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите потреби од доменот на социјалната и општествена заштита.

→ *Хипотеза 7г:* Родителите со различна социо-економска положба различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите лични и социјални потреби.

→ *Хипотеза 7д:* Родителите со различна социо-економска положба различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите потреби од одмор, забава и задоволства.

→ ***Хипотеза 8:***

→ *Родителите со различен степен на образование различно го перцепираат и вреднуваат степенот на доволност на социјалните ресурси со кои располагаат.*

Од неа произлегуваат следните помошни хипотези:

→ *Хипотеза 8а:* Родителите со различен степен на образование различного перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите базични дневни потреби.

→ *Хипотеза 8б:* Родителите со различен степен на образование различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите сместувачки и инфраструктурни потреби.

→ *Хипотеза 8в:* Родителите со различен степен на образование различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите потреби од доменот на социјалната и општествена заштита.

→ *Хипотеза 8г:* Родителите со различен степен на образование различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите лични и социјални потреби.

→ *Хипотеза 8д:* Родителите со различен степен на образование различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите потреби од одмор, забава и задоволства.

## 4.5 Варијабли на истражување

→ Место на живеење (град/село)
→ Возраст на детето
→ Степен на интелектуална попреченост
→ Пол на детето
→ Национална припадност на семејството
→ Материјален статус на семејството (дали се вработени родителите, дали имаат сопствен стан, дали живеат сами или во заедница)
→ Образовен статус на родителите
→ Улога на испитаникот (родител/згрижувач/старател)

## *4.6.*Методи, техники и инструменти на истражување

### *4.6.1. Методи*

Во текот на истражувањето се  применети дескриптивен и компаративен метод на истражување

*4.6.2. Техники на истражување*

Како техники на истражување се применија анкетирање и анализа на содржина.

*4.6.3.Инструменти на истражување*

Во текот на истражувањето се применија две скали. Скала за семејна поддршка, која се состои од 18 прашања и тоа во која мера одредени лица или служби им пружаат подршка на семејствата. Исто така за оваа група испитаници беше користена и скала на социјални ресурси, која се состои од 30 прашања.

→ Скалата за семејна подршка (ССП) проценува како семејството располага со потребните сретства за задоволуање на своите потреби. Дополнително испитаниците добија и анкетен лист за прибирање на демографски податоци за самите родители, како и за нивните деца.

→ Скалата на социјални и (ССР) ресурси се состои од вкупно 30 прашања, кои во однос на содржинската компонента што ја опфаќаат можат да се групираат во пет групи, базирани според степенот на располагање со ресурси за задоволување на: (1) базичните дневни потреби, (2) сместувачките и инфраструктурните потреби, (3) потребите од областа на социјалната и општествената заштита, (4) личните и социјалните потреби, и (5) потребите од одмор, забава и задоволства.

За потребите на истражувањето ќе се користи Скала за семејна поддршка (C. Dunst, C. Trivette & A. Deal, 1988) која ја обработува пристапноста на подршката за семејствата и социјална интеграција на семејствата. Скалата е наменета за квалитативана процена на подршката што ја има семејството од пошироката семејна и општествена средина. Скалата се состои од 18 ајтеми на потенцијална подршка групирани во пет категории на подршка: неформална, партнерска, социјални организации, подршка од формална природа и професионални сервиси. Скалата е петтостепена од Ликертов тип и се бележи од „ни малку“ до „исклучително многу“.

Скалата за семејни ресурси (C. Dunst, C. Trivette & A. Deal, 1988) ја проценува семејната сила, функционирање, односи и интеракција. Скалата се состои од 30 ајтеми хиерархиски подредени врз основа на потребите, каде базичните потреби се ставени на прво место. И овде се работи за петтостепена скала од Ликертов тип каде 1 означува „ни малку“, а 5 „скоро секога“.

## *4.7.*Примерок на истражување

Покрај семејства на деца со интелектуална попреченост и аутизам како контролна група беа опфатени и родители на деца со типичен развој. Од двете групи испитаници (семејства на деца со интелектуална попреченот и аутизам и деца со типичен развој) беа опфатени 60 испитаници од редовните училишта во Дитуриа-Сарај и во Ѓорче Петров –Димитар Поп Беровски, и 62 испитаници од ПОУ „Златан Сремец“ – со вкупна бројка на испитаници која е 122.

## 4.8.Место и време на истражување

Во истражувањето се вклучени:

→ Семејствата на учениците од **ПОУ „д-р Златан Сремец“** –(**Општина К.Вода**) од централното училиште ,

→ Семејствата на учениците од посебните (подрачни паралелки од ПОУ „Златан Сремец“) паралелки во **Општина Сарај**,

→ Семејствата на учениците од редовното Училиште **„Дитуриа**,“ во **Општина Сарај**, и

→ Семејствата на учениците од ООУ „**Димитар Поп Георгиев Беровски**“ од **Општина Ѓорче Петров.**

## 4.9.Статистичка анализа на податоците

Податоците беа обработени со помош на статистичката програма SPSS (Statistical Package for Social Sciences).

Користењето на вообичаените статистички постапки за тестирање на значајноста на разликите меѓу аритметички средини (t-тест за независни примероци, АНОВА и слични) е неправилен избор доколку критериумската варијабла (овде тоа е Скалата на социјална поддршка) се базира врз податоци од Ликертов тип на скала на проценка. Скалите од Ликертов тип се базирани врз ординално ниво на мерење, и не подразбираат нормална дистрибуција на добиените податоци, па како такви не го исполнуваат базичниот услов за анализа преку стандардни постапки од типот на t-тест за независни примероци или АНОВА. Во ваква ситуација, решение за оптимална статистичка анализа е избор на некоја од постапките од палетата на непараметриски статистички процедури, при што во конкретниот случај тоа би биле Мен-Витни тестот (Mann-Whitney U Test)

како алтернација за t-тестот за независни примероци, и Крускал-Волис тестот (Kruskal-Wallis Test), како алтернација за АНОВА.

Непараметриските тестови Мен-Витни и Крускал-Волис (изборот меѓу нив ќе зависи од бројот на нивоата на независната варијабла) ќе бидат перманентно користени долж целиот тек на претстојните статистички анализи.

## 4.10 Организација и тек на истражувањето

По добивање на дозвола за истражувањето од Министерство за образование и наука се пристапи кон реализација на истражувањето, Истражувањето се реализираше во мај и почетокот на јуни во 2019 г., по што следуваше статистичка обработка на податоците во текот на 2019/2020, како и компарирање со истражувања од ваков тип.

# II

# ПРИКАЗ И ОБРАБОТКА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

# 1.0. ПРИМЕРОК НА ИСПИТАНИЦИ

## 1.1. АНАЛИЗА НА ПРИМЕРОКОТ (ВОЗРАСНИ)

Примерокот опфатен во ова истражување опфаќа 122 испитаници, родители на деца од двете застапени категории (со типичен и со атипичен развој).

Според половата припадност, во испитаниот примерок родители доминира женскиот пол, односно мајките. Приказот бр. 1 покажува дека тие се застапени со 57,38% додека татковците опфаќаат 42,62% од примерокот. Статистичката проверка со еднонасочен хи-квадрат тест ($\chi^2$=2,656, df=1, p>0,05) покажува дека ваквото отстапување не е доволно изразено за да ја наруши пропорционалната подеднаква застапеност на двата пола, па според тоа цениме дека истото не би требало да влијае врз дистрибуцијата на дадените одговори на прашалникот.

**Приказ бр. 1**

*Структура на примерокот (возрасни) според половата припадност*




Во поглед на етничката застапеност, вложивме напор во примерокот да бидат вклучени испитаници чијашто национална структура приближно ќе ги рефлектира реалните популациски состојби во регионите од кои се земени испитаниците (општините Сарај, Ѓорче Петров и Кисела Вода, Скопје). Во таа смисла, цениме дека соодносот (Приказ бр. 2) од 47,54% испитаници Македонци, 37,70% Албанци и 14,75% останати (Турци, Роми, Срби и Бошњаци) е соодветна пропорција за географската целина составена од неколку општини на територијата на град Скопје.

**Приказ бр. 2**

*Структура на примерокот (возрасни) според етничката припадност*




Следен параметар според кој ќе го анализираме примерокот е локацијата на живеење, односно соодносот на жителство во урбани и на рурални средини. Приказот бр. 3 покажува дека во градските средини живее малку поголем дел од испитаниците (67,21%), приближно двојно повеќе отколку во село (32,79%). Сепак, оваа поделба треба да се земе како условна поради тоа што како рурално место за живеење се впишани и поголеми населби во непосредна близина на Град Скопје. Соодносот од приближни 2:1 урбани наспроти рурални жители не е репрезентативен за регионот на Град Скопје со околината, но истиот е изнуден поради неможноста од дополнителна селекција на заинтересирани испитаници, родители на деца со пречки во развојот.

**Приказ бр. 3**

*Структура на примерокот (возрасни) според местото на живеење*



Возрасната распределба во овој примерок е покажана во Приказ бр. 4. Како што може да се види, преовладуваат испитаниците од средната возрасна група (31-40 години, 58,20%). Нешто помалку е застапена највозрасната возрасна категорија (41 година и повеќе, 32,79%), додека најмал број испитаници се евидентирани во најмладата генерациска група (30 години или помалку, 9,02%).

**Приказ бр. 4**

*Структура на примерокот (возрасни) според возраста*




Уште еден демографски параметар што нè интересира е образовниот профил на испитаниците. Според податоците дадени во Приказ бр. 5, приближно подеднакво се застапени испитаници со основно (27,87%), средно (32,79%) и више/високо (35,25%) образование. Симболично се присутни и испитаници без формално образование (4,10%).

**Приказ бр. 5**

*Структура на примерокот (возрасни) според степенот на образование*



Од посебен интерес за ова истражување се социо-економските прилики во кои живее семејството на анкетираните родители, затоа што се претпоставува дека тие во најголем дел ќе го одредат однесувањето на испитаниците во пополнувањето на податоците, како на Скалата на семејна поддршка, така и на Скалата на семејни или социални ресурси. Заради поширок приод во идентификацијата на овој атрибут, од анкетираните испитаници се барани четири вида податоци: (а) статус на вработеност/невработеност на мајката и таткото, (б) самостојност во домувањето (живеење заедно со постарите или самостојно), (в) имотно-правен профил на домувањето (поседување на сопствен простор т.е. куќа или стан наспроти живеење под кирија) и (г) дали детето е единец или има браќа и сестри.

Податокот за вработеност или невработеност на двајцата родители би можел да бидеод централно значење како квалитетен одраз на реалните семејни прилики во кои егзистира семејството. Во тој поглед, како што е покажано во Приказ бр. 6, кај нешто помалку од половината (46,72%) од испитаните семејства вработени се двајцата родители, а кај приближно секое трето семејство (36,89%) едниот родител е вработен а другиот не е. Кај секое шесто испитано семејство (16,39%) не е вработен ниту еден од двајцата родители. Она што е интересен податок, иако надвор од примарната дескрипција на белезите на примерокот, е што 85% (17 од 20) од семејствата со двајца невработени се од групата на деца со пречки во развојот. Сличен е податокот и за семејствата со еден вработен, каде што 75,56% (34 од 45) се од таквите семејства. Статистичката проверка со хи-квадрат тест покажува дека посочената тенденција е статистички значајна ($\chi^2$=17,471, df=2, p<0,01). Со оглед на потребата од целодневна нега и ангажман во растењето и воспитувањето на мнозинството од овие деца, сметаме дека ваквиот податок во голем дел може да се објасни со свесно направен избор од страна на родителите.

**Приказ бр. 6**

*Структура на примерокот (возрасни) според вработеноста во семејството*




Уште еден индикатор на социо-економската положба на семејството може да биде застапеноста на живеењето во сопствен простор наспроти делењето на животниот простор со постарата генерација (баба и дедо) и други членови на потесното семејство. Податоците од Приказ бр. 7 откриваат доста поволна слика во овој поглед, односно дека во овој примерок речиси двојно повеќе семејства т.е. приближно две од три (63,11%) живеат самостојно, без делење на просторот со баба, дедо и други членови на поблиското семејство, наспроти едно од три (36,89%) испитани семејства кои живеат во заедница. Проверката со хи-квадрат тест не открива статистички значајна поврзаност на овој параметар со здравствено-едукативниот статус на детето т.е. дали се работи за дете со пречки во развојот или не ($\chi^2$=0,811, df=1, p>0,05).

**Приказ бр. 7**

*Структура на примерокот (возрасни) според самостојноста во домувањето*



Наредниот анализиран индикатор на социо-економскатаположба е имотно-правниот профил на домувањето кај анкетираното семејство (дали живеат во сопствен простор или под кирија). Показателите претставени во Приказ бр. 8 откриваат дека огромното мнозинство анкетирани семејства живее во сопствен стан или куќа (91,80%), наспроти незначителни 8,20% кои живеат под кирија. Во поглед на евентуалната поврзаност со здравствено-едукативниот статус на децата, статистичката проверка со хи-квадрат тест покажува извесна тенденција децата со пречки во развојот нешто почесто да ги среќаваме во редовите на семејствата што живеат под кирија, но недоволно изразена за да биде статистички потврдена како значајна ($\chi^2$=3,742, df=1, p>0,05).

**Приказ бр. 8**

*Структура на примерокот (возрасни) според имотно-правниот профил на домувањето*




Последниот испитан индикатор од социо-економскиот сегмент е статусот на детето како единствено во семејството или пак детето има браќа или сестри. Како што може да се види од Приказот бр. 9, во две од три анкетирани семејства има повеќе од едно дете (66,39%), а детето е единец во секое трето семејство (33,61%). Статистичкото вкрстување со здравствено-едукативниот статус на детето, калкулирано преку хи-квадрат тест, потврдува статистички потврдена тенденција во овој примерок децата со пречки во развојот поретко да се јавуваат како единци во семејството, во споредба со своите врсници со типичен развој ($\chi^2$=16,154, df=1, p<0,01).

**Приказ бр. 9**

*Структура на примерокот (возрасни) според статусот на детето како единец или не*




## 1.2. АНАЛИЗА НА ПРИМЕРОКОТ (ДЕЦА)

Според анализата на дистрибуцијата на половата припадност, дадена во Приказ бр. 10, две од три деца (68,03%) од испитаниот примерок семејства се од машки пол, додека девојчиња се во пропорција едно од три деца (31,97%). Статистичкото вкрстување со здравствено-едукативниот статус на детето (хи-квадрат тест) покажува дека машките деца статистички значајно почесто ($\chi^2=7{,}743$, df=1, $p<0{,}01$) се јавуваат во групата деца со пречки во развојот, додека девојчињата пропорционално почесто се наоѓаат во групата деца со типичен развој (без дијагноза).

**Приказ бр. 10**

*Структура на примерокот (деца) според половата припадност*




Според возрасната структура (Приказ бр. 11) изразито доминира (85,25%) групата деца од возрасниот ранг на ученици во основно училиште (7-14 години), додека двете преостанати возрасни групи се присутни речиси занемарливо: средношколците (15 години и повеќе) се застапени со 9,84%, а предучилишните деца (6 години и помалку) со 4,92%.

**Приказ бр. 11**

*Структура на примерокот (деца) според возраста*




Наредниот Приказ бр. 12 ја покажува дистрибуцијата на децата според видот на училиштето. Како што може да се види, децата од овој примерок се речиси подеднакво распоредени во редовните училишта (49,18%) и училиштата за деца со пречки во развојот (50,82%), што е одраз на проекцијата, намерата и планирањето во фазата на подготовките на истражувањето.

**Приказ бр. 12**

*Структура на примерокот (деца) според видот на училиштето*




Следи анализа на здравствено-едукативниот статус на децата, односно застапеноста на деца со пречки во развојот наспроти оние со типичен развој. Приказот бр. 13 покажува дека приближно две од три деца од овој примерок се со атипичен развој (61,48%). Децата со типичен развој се двојно помалку застапени (38,52%).

**Приказ бр. 13**

*Структура на примерокот (деца) според здравствено-едукативниот статус*




Здравствено-едукативниот статус кај децата од овој примерок (дете со атипичен развој) е одреден со присуство или не на некој степен на интелектуална попреченост. Во случаите кога е присутна, интелектуалната попреченост кај децата е класирана во три категории: лесна, умерена и тешка. Приказот бр. 14 покажува дека, покрај контролната пропорција од приближни две од пет деца (38,52%) без интелектуална попреченост, преостанатите приближно три од пет деца од овој примерок (61,48%) се со некој степен

на интелектуална попреченост. Со застапеност од 41,80% од вкупниот примерок, доминира лесниот облик на попреченост, со среден облик се 17,21% од вкупниот примерок, додека со тешка интелектуална попреченост се 2,46% од вкупниот примерок.

**Приказ бр. 14**

*Структура на примерокот (деца) според степенот на интелектуална попреченост*




Дистрибуцијата на другите анкетирани експресивни, моторни и сензорни нарушувања е дадена во Приказ бр. 15. Како што може да се види, констатирано е присуство на оштетувања на гласовно-говорната функција кај приближно едно од четири деца (24,59%), оштетувања во моториката кај приближно едно од девет деца (11,48%), додека на симболично ниво се застапени оштетувањата на сензорните функции, односно кај 3,28% од децата присутни се оштетувања на видот, и кај исто толку т.е. 3,28% евидентирани се оштетувања на слушната функција.

**Приказ бр. 15**

*Структура на примерокот (деца) според застапеноста на експресивни, моторни и сензорни оштетувања*




Дескриптивниот осврт врз карактеристиките на примерокот ќе го финализираме со показателите за присуството на двете најкарактеристични дијагностички категории во примерокот: аутизам и Даунив синдром. Како што може да се види од Приказот бр. 16, приближно секое четврто дете (збирни 23,77%) од овој примерок е дијагностицирано во една од овие две категории. При тоа, аутизмот е застапен со 13,11% од вкупниот примерок (16 од 122 испитаници), додека Дауновиот синдром е присутен кај 10,66% деца од примерокот (13 од 122 испитаници).

**Приказ бр. 16**

*Структура на примерокот (деца) според застапеноста на аутизам и на Даунов синдром*



# III. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

# 1.0. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СКАЛАТА НА СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА (ССП)

Како што е наведено во методолошкиот дел, Скалата на социјална поддршка се состои од 18 прашања, кои според содржинската компонента што ја покриваат можат да се групираат во четири групи: (1) поддршка од семејно потекло, (2) поддршка од страна на пријатели и други поединци, (3) поддршка од страна на неформални групи од локалната заедница, и (4) професионална поддршка од општествени установи.

Анализите што следат ќе бидат спроведени со доследно почитување на овој образец. Најнапред ќе биде даден кус дескриптивен осврт врз дадените одговори на сите посочени четири сегменти од ССП, а потоа ќе биде пристапено кон нивно статистичко вкрстување со демографските варијабли и тестирање на истражувачките хипотези.

## 1.1. ДЕСКРИПТИВНА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ССП

### *1.1.1. Дескриптивна анализа на резултатите од ССП: поддршка од семејно потекло*

Како извори на (1) *поддршката од семејно потекло* во Скалата на социјална поддршка (ССП) се јавуваат: (а) сопствените родители, (б) родителите на партнерот, (в) сопствените роднини, (г) роднините од партнерот, (д) партнерот, и (ѓ) сопствените деца.Приказот бр. 17.1 покажува дека испитаниците во просек највисоко ја вреднуваат поддршката од најтесното семејство (партнер, 3,95, и деца, 3,38), нешто пониско поддршката од страна на родителите (сопствени родители, 3,19, и родители од партнерот, 2,94), а најниско поддршката од роднините (сопствени роднини, 2,57, и роднини од партнерот, 2,37). Вкупниот просек изнесува 3,07. Во целина, ова е очекувана слика, во согласност со нормите на пошироката социо-културна матрица во нашата средина.

**Приказ бр. 17.1**

*Скала на социјална поддршка: поддршка од семејно потекло (просечни проценки)*




### 1.1.2. *Дескриптивна анализа на резултатите од ССП: поддршка од страна на пријатели и други поединци*

Во содржинска смисла, сегментот одреден како (2) *поддршка од страна на пријатели и други поединци* во Скалата на социјална поддршка (ССП) го сочинуваат: (а) пријателите, (б) пријателите на партнерот, (в) други родители, и (г) колегите од работа. Според податоците од Приказот бр. 17.2, испитаниците во просек највисоко ја оценуваат поддршката од сопствените пријатели (2,56), нешто пониско поддршката од пријателите на партнерот (2,50), следи поддршката од други родители (2,39), а во оваа конкуренција најниско се вреднува поддршката од страна на колегите од работа (2,22).

Како вкупен просек (2,42), овој сегмент од социјалната поддршка испитаниците го вреднуваат забележливо пониско од претходниот (од семејно потекло, 3,07).

**Приказ бр. 17.2**

*Скала на социјална поддршка: поддршка од пријатели и други поединци (просечни проценки)*




### 1.1.3. *Дескриптивна анализа на резултатите од ССП: поддршка од неформални групи од локалната заедница*

За извори (индикатори) на (3) *поддршката од неформални групи од локалната заедница* во Скалата на социјална поддршка (ССП) земени се: (а) група на родители, (б) социјални групи (клубови), и (в) верски заедници. Приказот бр. 17.3 покажува дека во просек највисоко е вреднувана поддршката од страна на верските заедници (2,29), следи степенот на поддршка од страна на група родители (2,12), а најниско стои поддршката од страна на разните социјални групи т.е. клубови и слично (2,00). Вкупниот просек изнесува 2,14, и е забележливо понизок во споредба со сите други сегменти од ССП прашалникот. Во целина, и овојрезултат формира очекувана слика, во синергија со нормите и обичаите на традиционалната социо-културна матрица во државата.

**Приказ бр. 17.3**

*Скала на социјална поддршка: поддршка од неформални групи од локалната заедница (просечни проценки)*




### 1.1.4. *Дескриптивна анализа на резултатите од ССП: професионална поддршка од општествени установи*

Во позиција на носители на (4) *професионалната поддршка од општествените установи* во рамките на Скалата на социјална поддршка (ССП) се јавуваат: (а) семејниот лекар, (б) патронажната педијатриска служба, (в) училишниот дневен престој, (г) професионалците – поединци од социјалната сфера, и (д) професионалните установи од социјалната сфера. Приказот бр. 17.4 покажува дека испитаниците во просек највисоко ја вреднуваат поддршката што ја добиваат во вид на училишен целодневен престој (3,00), следи поддршката од страна на професионалците - поединци (2,87), потоа поддршката од семејниот лекар (2,78), додека двете најниски скалила ги заземаат поддршката од страна напрофесионалните установи (2,55) и поддршката од патронажната педијатрска служба (2,11). Вкупниот просек изнесува солидни2,66, и како таков е понизок само од просекот на поддршката од семејно потекло, додека повисок е од поддршката од страна на пријателите и од страна на општествени групи од локалната заедница.

**Приказ бр. 17.4**

*Скала на социјална поддршка: професионална поддршка од општествени установи (просечни проценки)*




## 1.2. СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ССП

Непараметриските тестови Мен-Витни и Крускал-Волис (изборот меѓу нив ќе зависи од бројот на нивоата на независната варијабла) ќе бидат перманентно користенидолж целиот тек на претстојните статистички анализи.

### *1.2.1. Статистичка анализа: резултатите од ССП и здравствено-едукативниот статус на децата*

Статистичкото вкрстување наподатоците за здравствено-едукативниот статус на детето (дете со типичен илиатипичен развој) со резултатите од сите четири сегменти на ССП ќе биде реализирано преку непараметрискиот Мен-Витни тест (Mann-Whitney U Test).*Се работи за подрачјето од резултатите покриено со истражувачката Хипотеза 1.*

Во Приказот бр. 1а и Табелата бр. 1а што следат, прикажани се пресметките што се однесуваат на првиот од четирите сегменти на ССП: *социјалната поддршка од семејно потекло.*Приказот бр. 1а открива индикативна тенденција, а тоа е штородителите на децата со атипичен развој пониско ги вреднуваат сите шест индикатори на добиената поддршка од семејно потекло, отколку што тоа го прават родителите на децата со типичен развој. При тоа, статистичката пресметка од табелата покажува статистички значајни разликиво три случаи. Поконкретно, се работи за *поддршката од страна на сопствените родители* (Z=-2,170, p<0,05), *од страна*

*родителите на партнерот* (Z=-2,629, p<0,01), *иод страна на самиот партнер* (Z=-2,917, p<0,01), *при што во сите три случаи родителите на децата со атипичен развој вреднуваат со пониска просечна оценка.* Не се евидентиранистатистички значајни разлики кај преостанатите три, т.е. кај вреднувањето на поддршката од сопствените роднини, од роднините на партнерот, и од децата.

**Приказ бр. 1а**

*Здравствено-едукативен статус на детето и ССП (поддршка од семејно потекло): просечни проценки*




**Табела бр. 1а**

*Здравствено-едукативен статус на детето и вреднувањето на социјалната поддршка од семејно потекло (Мен-Витни тест)*

| | | *N* | *главен ранг* | *Σ на рангови* | *Mann-Whitney U* | *Z* | *Sig.* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Родители* | *типичен развој* | *47* | *70,06* | *3293,00* | *1360,00* | *-2,170* | ***0,030**** |
| | *атипичен развој* | *75* | *56,13* | *4210,00* | | | |
| *Родители на партнерот* | *типичен развој* | *47* | *71,27* | *3349,50* | *1256,50* | *-2,629* | ***0,009***** |
| | *атипичен развој* | *74* | *54,48* | *4031,50* | | | |
| *Роднини* | *типичен развој* | *47* | *60,31* | *2834,00* | *1706,50* | *-0,050* | *0,960* |
| | *атипичен развој* | *73* | *60,62* | *4425,00* | | | |
| *Роднини на партнерот* | *типичен развој* | *47* | *60,99* | *2866,50* | *1738,50* | *-0,131* | *0,896* |
| | *атипичен развој* | *75* | *61,82* | *4636,50* | | | |
| *Партнер* | *типичен развој* | *47* | *71,16* | *3344,50* | *1214,50* | *-2,917* | ***0,004***** |
| | *атипичен развој* | *73* | *53,64* | *3915,50* | | | |
| *Деца* | *типичен развој* | *47* | *67,60* | *3177,00* | *1476,00* | *-1,545* | *0,122* |
| | *атипичен развој* | *75* | *57,68* | *4326,00* | | | |

Добиениот резултат дава доволно аргументи за прифаќање на истражувачката Хипотеза 1а. Според тоа, може да се потврди дека *родителите на деца со атипичен развој различно ја перципираат и вреднуваат социјалната поддршка од семејно потекло, во споредба со родителите на деца со типичен развој.*

Во наредниот Приказ бр. 1б и соодветната Табела бр. 1б прикажани се пресметките што се однесуваат на вториот од четирите сегменти на ССП: *социјалната поддршка од страна на пријатели и други поединци.*Приказот бр. 1б покажува дека родителите на децата со атипичен развој пониско ги вреднуваат сите четири индикатори на овој вид на поддршка, но табеларните податоци покажуваат дека од сето тоа е евидентиранасамо една статистички значајна разлика. Се работи за *поддршката од страна на колегите од работа,* при што, да повториме,*родителите на децата со атипичен развој пониско ја вреднуваат добиената поддршка од колегите во споредба со родителите на децата со типичен развој* (Z=-2,344, p<0,05).Не се евидентирани статистички значајни разлики кај преостанатите три индикатори т.е. кај вреднувањето на поддршката од страна на сопствените пријатели, од страна на пријателите на партнерот, и од страна на други родители.

**Приказ бр. 1б**

*Здравствено-едукативен статус на детето и ССП (поддршка од пријатели и други поединци): просечни проценки*



**Табела бр. 1б**

*Здравствено-едукативен статус на детето и вреднувањето на социјалната поддршка од страна на пријатели и други поединци (Мен-Витни тест)*

| | | N | главен ранг | Σ на рангови | Mann-Whitney U | Z | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пријатели | типичен развој | 47 | 64,72 | 3042,00 | 1564,00 | -0,958 | 0,338 |
| | атипичен развој | 74 | 58,64 | 4339,00 | | | |
| Пријатели на партнерот | типичен развој | 47 | 63,86 | 3001,50 | 1557,50 | -0,874 | 0,382 |
| | атипичен развој | 73 | 58,34 | 4258,50 | | | |
| Други родители | типичен развој | 46 | 64,64 | 2973,50 | 1557,50 | -0,925 | 0,355 |
| | атипичен развој | 75 | 58,77 | 4407,50 | | | |
| Колеги од работа | типичен развој | 46 | 70,07 | 3223,00 | 1476,00 | -2,344 | **0,019*** |
| | атипичен развој | 75 | 55,44 | 4158,00 | | | |

Добиениот резултат не нуди доволно аргументација за целосно прифаќање на истражувачката Хипотеза 1б. Истражувачот цени дека има простор за делумно прифаќање на оваа хипотеза, што значи дека *родителите на деца со атипичен развој би можеле различно да перцепираат и вреднуваат некои елементи на социјалната поддршка од страна на пријатели и други поединци, во споредба со родителите на деца со типичен развој.*

Следат пресметките што се однесуваат на третиот од четирите сегменти на ССП: *социјалната поддршка од страна на неформални групи од локалната заедница.* Приказот бр. 1в покажува дека продолжува конзистентната тенденција родителите на децата со атипичен развој да вреднуваат просечно пониско, без исклучок, на сите понудени прашања (индикатори т.е. извори на социјална поддршка). Табелата бр. 1в не ја потврдува оваа тенденција како статистички значајна, односно не индицира значајни разлики во вреднувањето кајниту еден од трите наведени извори на социјална поддршка од овој сегмент: поддршката од страна на групи родители, од социјални групи (клубови), и од верски заедници.

**Приказ бр. 1в**

*Здравствено-едукативен статус на детето и ССП(поддршка од неформални групи одлокалната заедница): просечни проценки*




**Табела бр. 1в**

*Здравствено-едукативен статус на детето и вреднувањето на социјалната поддршка од страна на неформални групи од локалната заедница (Мен-Витни тест)*

| | | *N* | *главен ранг* | *Σ на рангови* | *Mann-Whitney U* | *Z* | *Sig.* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Групи родители* | *типичен развој* | *47* | *64,60* | *3036,00* | *1570,00* | *-0,951* | *0,341* |
| | *атипичен развој* | *74* | *58,72* | *4345,00* | | | |
| *Социјални групи (клуб)* | *типичен развој* | *46* | *64,22* | *2954,00* | *1577,00* | *-0,864* | *0,388* |
| | *атипичен развој* | *75* | *59,03* | *4427,00* | | | |
| *Верски заедници* | *типичен развој* | *46* | *62,30* | *2866,00* | *1655,00* | *-0,340* | *0,734* |
| | *атипичен развој* | *75* | *60,20* | *4515,00* | | | |

Според тоа, нема аргументиза прифаќање на истражувачката Хипотеза 1в, па истата се отфрла т.е. се прифаќа нултата хипотеза. Со други зборови, *нема разлики меѓу родителите на деца со атипичен развој споредени со родители на деца со типичен развој, во поглед на перцепицијата и вреднувањетона социјалната поддршка од страна на неформалните групи од локалната заедница.*

Последната пресметка од овој блок се однесува на четвртиот од вкупно четирите сегменти на ССП: *професионалната поддршка од општествените установи.*Како што може да се види од Приказот бр. 1г, овде за прв пат може да се видат индикатори (извори) на социјална поддршка на кои родителите на децата со атипичен развој вреднуваат повисоко.Податоците од Табелата бр. 1г покажуваат дека се евидентирани три статистички значајни разлики. *Родителите на децата со атипичен развој пониско ја вреднуваат добиената поддршка во споредба со родителите на децата со типичен развој*кај два од петте извори на социјална поддршка од овој сегмент:*поддршката од страна на патронажната педијатриска служба* (Z=-2,226, p<0,05),и кај *училишниот дневен престој* (Z=-2,629, p<0,01). Меѓутоа, од друга страна,*родителите на децата со атипичен развој повисоко ја вреднуваат добиената поддршка од страна на професионалците – поединци од социјалната сфера* (Z=-3,026, p<0,01). Не се евидентирани статистички значајни разлики кај преостанатите два индикатори на социјална поддршка т.е. кај поддршката од страна на семејниот лекар и од страна на професионалните установи од социјалната сфера.

**Приказ бр. 1г**

*Здравствено-едукативен статус на детето и ССП(професионална поддршка од општествениустанови): просечни проценки*




**Табела бр. 1г**

*Здравствено-едукативен статус на детето и вреднувањето на професионалната поддршка од општествените установи (Мен-Витни тест)*

| | | N | главен ранг | Σ на рангови | Mann-Whitney U | Z | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Семеен лекар* | *типичен развој* | 47 | 63,30 | 2975,00 | 1631,00 | -0,588 | 0,557 |
| | *атипичен развој* | 74 | 59,54 | 4406,00 | | | |
| *Патронажна служба* | *типичен развој* | 47 | 69,95 | 3287,50 | 1365,50 | -2,226 | **0,026*** |
| | *атипичен развој* | 75 | 56,21 | 4215,50 | | | |
| *Училишен дн. престој* | *типичен развој* | 46 | 76,18 | 3504,50 | 1026,50 | -3,835 | **0,000**** |
| | *атипичен развој* | 75 | 51,69 | 3876,50 | | | |
| *Професионалци - поединци* | *типичен развој* | 47 | 49,53 | 2328,00 | 1200,00 | -3,026 | **0,002**** |
| | *атипичен развој* | 75 | 69,00 | 5175,00 | | | |
| *Професионални установи* | *типичен развој* | 47 | 54,84 | 2577,50 | 1449,50 | -1,585 | 0,113 |
| | *атипичен развој* | 74 | 64,91 | 4803,50 | | | |

Добиениот резултат дава доволно аргументи за прифаќање на истражувачката Хипотеза 1г. Според тоа, може да се потврди дека *родителите на деца со атипичен развој различно ја перцепираат и вреднуваат професионалната социјална поддршка од страна на социјалните установи, во споредба со родителите на деца со типичен развој.*

Во целина, истражувачот цени дека постојат доста аргументи за *делумно прифаќање* на главната истражувачката Хипотеза 1. Тоа значи дека *родителите на децата со атипичен развој (интелектуална попреченост и аутизам) различно*

*перцепираат и вреднуваат добар дел од аспектите на социјалната поддршка што ја добиваат, во споредба со родителите на деца со типичен развој.*

### *1.2.2. Статистичка анализа: резултатите од ССП и етничката припадност на родителите*

Статистичкото вкрстување на податоците за етничката припадност на испитаниците (македонци, албанци и останати) со резултатите од сите четири сегменти на ССП ќе биде реализирано преку непараметрискиот Крускал-Волис тест (Kruskal-Wallis Test). *Се работи за подрачјето од резултатите покриено со истражувачката Хипотеза 2.*

Во Приказот бр. 2а и Табелата бр. 2а што следат, дадени се пресметките што се однесуваат на првиот од четирите сегменти на ССП: *социјалната поддршка од семејно потекло.*Приказот бр. 2а открива индикативна тенденција, а тоа е што испитаниците од категоријата„останати“ (роми, бошњаци, срби итн.) конзистентно пониско ги вреднуваат сите шест индикатори на добиената поддршка од семејно потекло, отколку што тоа го прават македонците и албанците. Интересно е што испитаниците албанци повисоко од македонците ја вреднуваат поддршката од страна на роднините и од роднините на партнерот. македонците, пак, повисоко од албанците ја вреднуваат поддршката од страна на самиот партнер. Статистичката проверка со Крускал-Волис тест од Табела бр. 2аиндицира само една статистички значајна разлика, онаакај*поддршката од страна на партнерот*(H=9,645, df=2, p<0,01),*која етничките македонци ја вреднуваат повисоко од другите две застапени етнички групи.* Разликите кај другите пет, т.е. кај поддршката од родителите, од родителите на партнерот, од сопствените роднини, од роднините на партнерот, и од децата, не се доволно изразени за статистичка верификација.

**Приказ бр. 2а**

*Етничката припадност на родителите иССП(поддршка од семејно потекло): просечни проценки*




**Табела бр. 2а**

*Етничката припадност на родителите и вреднувањето на социјалната поддршка од семејно потекло (Крускал-Волис тест)*

| | | *N* | *главен ранг* | *Kruskal-Wallis H* | *df* | *Sig.* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Родители* | *Македонци* | *58* | *64,02* | *3,236* | *2* | *0,198* |
| | *Албанци* | *46* | *63,61* | | | |
| | *останати* | *18* | *48,00* | | | |
| *Родители на партнерот* | *Македонци* | *58* | *65,73* | *5,342* | *2* | *0,069* |
| | *Албанци* | *45* | *61,53* | | | |
| | *останати* | *18* | *44,42* | | | |
| *Роднини* | *Македонци* | *58* | *57,12* | *4,161* | *2* | *0,125* |
| | *Албанци* | *44* | *68,43* | | | |
| | *останати* | *18* | *52,00* | | | |
| *Роднини на партнерот* | *Македонци* | *58* | *56,47* | *3,390* | *2* | *0,184* |
| | *Албанци* | *46* | *68,72* | | | |
| | *останати* | *18* | *59,25* | | | |
| *Партнер* | *Македонци* | *57* | *70,03* | *9,645* | *2* | ***0,008**** |
| | *Албанци* | *45* | *52,66* | | | |
| | *останати* | *18* | *49,94* | | | |
| *Деца* | *Македонци* | *58* | *65,39* | *1,504* | *2* | *0,471* |
| | *Албанци* | *46* | *58,83* | | | |
| | *останати* | *18* | *55,81* | | | |

Добиениот резултат не нуди доволно силна аргументација за прифаќање на истражувачката Хипотеза 2а, но показателот за поддршката од партнерот може да сигнализира одредени релевантни етничко-конфесионални и социо-културни моменти во перцепцијата и вреднувањето на поддршката од семејството.Врз таа основа, истражувачот смета дека постои простор за делумно прифаќање на оваа истражувачка хипотеза. Со други зборови, *родителите од различна етничка припадност можат да пројават одредени разликиво перцепцијата и вреднувањето на социјалната поддршка од семејно потекло.*

Според востановениот ред, наредниот Приказ бр. 2б и соодветната Табела бр. 2б се однесуваат на вториот од четирите сегменти на ССП: *социјалната поддршка од страна на пријатели и други поединци.* Приказот бр. 2б покажува дека се повторува состојбата посочена со претходниот сегмент од ССП (поддршка од семејно потекло), во смисла што категоријата „останати“ забележително пониско од Македонците и Албанците ги вреднува без исклучок сите четири индикатори (извори) на социјална поддршка. Табелата бр. 2б покажува дека на еден од индикаторите наведената разлика е статистички значајна, а се работи за *поддршката од страна на колегите од работа,* при што, да повториме,*родителите од категоријата „останати“ националности пониско ја вреднуваат добиената поддршка од колегите во споредба со Македонците и Албанците*(H=13,560, df=2, p<0,01).Кај преостанатите три индикатори (извори), односно кај вреднувањето на поддршката од страна на сопствените пријатели, од страна на пријателите на партнерот, и од страна на други родители, евидентираните разлики не се доволно изразени за статистичка значајност.

**Приказ бр. 2б**

*Етничката припадност на родителите и ССП(поддршка од пријатели и други поединци): просечни проценки*




**Табела бр. 2б**

*Етничката припадност на родителите и вреднувањето на социјалната поддршка од страна на пријатели и други поединци (Крускал-Волис тест)*

| | | N | главен ранг | Kruskal-Wallis H | df | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Пријатели* | *Македонци* | 58 | 62,36 | 1,164 | 2 | 0,559 |
| | *Албанци* | 46 | 62,34 | | | |
| | *останати* | 17 | 52,74 | | | |
| *Пријатели на партнерот* | *Македонци* | 58 | 63,72 | 2,708 | 2 | 0,258 |
| | *Албанци* | 46 | 60,77 | | | |
| | *останати* | 16 | 48,03 | | | |
| *Други родители* | *Македонци* | 57 | 64,38 | 3,569 | 2 | 0,168 |
| | *Албанци* | 46 | 62,18 | | | |
| | *останати* | 18 | 47,28 | | | |
| *Колеги од работа* | *Македонци* | 58 | 63,32 | 13,560 | 2 | **0,001**** |
| | *Албанци* | 45 | 68,44 | | | |
| | *останати* | 18 | 34,92 | | | |

Како и во претходниот случај, добиениот резултат не нуди доволнио аргументи за прифаќање на истражувачката Хипотеза 2б.Меѓутоа, показателот за поддршката од страна на колегите од работа (до одредена мерка и другите три, иако статистички непотврдени)може да сугерира дека категоријата „останати“ националности искажува забележително порезервирани проценки за примената поддршка од пријателите и други поединци.Тоа отвора доволно простор за делумно прифаќање на оваа истражувачка

хипотеза, што значи дека може да се потврди дека*родителите од различна етничка припадност можат да projaват одредени разликиво перцепцијата и вреднувањето на социјалната поддршка од страна на пријателите и други поединци.*

Следат пресметките што се однесуваат на третиот од четирите сегменти на ССП: *социјалната поддршка од страна на неформални групи од локалната заедница.* Приказот бр. 2в покажува дека, главно, продолжува тенденцијата родителите од групата „останати“ националности да вреднуваат просечно пониско на понудените прашања (индикатори т.е. извори на социјална поддршка), но овде со исклучок на поддршката од верските заедници, индикатор на кој најниски проценки даваат етничките Македонци.Сепак, спроведениот статистички тест (Табела бр. 2в) не ги потврдува оваа тенденција како статистички значајни.Со други зборови,споменатите разлики во вреднувањето на овие три индикатори на социјална поддршка (поддршката од страна на групи родители, од социјални групи т.е. клубови и слично, и од верски заедници) не се доволно изразени за да бидат и статистички потврдени.

**Приказ бр. 2в**

*Етничката припадност на родителите и ССП(поддршка од неформални групи одлокалната заедница): просечни проценки*



**Табела бр. 2в**

*Етничката припадност на родителите и вреднувањето на социјалната поддршка од страна на неформални групи од локалната заедница (Крускал-Волис тест)*

| | | *N* | *главен ранг* | *Kruskal-Wallis H* | *df* | *Sig.* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Групи родители* | *Македонци* | *58* | *63,47* | *5,504* | *2* | *0,064* |
| | *Албанци* | *45* | *64,57* | | | |
| | *останати* | *18* | *44,14* | | | |
| *Социјални групи (клуб)* | *Македонци* | *58* | *62,16* | *3,102* | *2* | *0,212* |
| | *Албанци* | *45* | *64,32* | | | |
| | *останати* | *18* | *48,94* | | | |
| *Верски заедници* | *Македонци* | *58* | *54,63* | *4,223* | *2* | *0,121* |
| | *Албанци* | *45* | *67,67* | | | |
| | *останати* | *18* | *64,86* | | | |

Според тоа, нема аргументи за прифаќање на истражувачката Хипотеза 2в, па истата се отфрла т.е. се прифаќа нултата хипотеза. Со други зборови, *нема разлики меѓу родителите од различна етничка припадност во поглед на перцепицијата и вреднувањетона социјалната поддршка од страна на неформалните групи од локалната заедница.*

Последната пресметка од овој блок се однесува на четвртиот од вкупно четирите сегменти на ССП: *професионалната поддршка од општествените установи.*Како што може да се види од Приказот бр. 2г, родителите од категоријата „останати“ националности и натаму вреднуваат пониско од Македонците и Албанците, со исклучок на индикаторот професионалци – поединци, кој го вреднуваат повисоко од Македонците и Албанците.Податоците од Табелата бр. 2г покажуваат дека се евидентирани две статистички значајни разлики. *Категоријата „останати“ пониско ја вреднува добиената поддршка од страна на патронажните служби во споредба со Албанците и Македонците* (H=8,576, df=2, p<0,05), додека*Македонците повисоко ја вреднуваат добиената поддршка од во споредба со другите две групи* (H=32,144, df=2, p<0,01). Не се евидентирани статистички значајни разлики кај преостанатите три индикатори на социјална поддршка т.е. кај вреднувањето на поддршката од страна на семејниот лекар, од страна на професионалците – поединци, и од страна на професионалните установи од социјалната сфера.

**Приказ бр. 2г**

*Етничката припадност на родителите и ССП(професионална поддршка од општествениустанови): просечни проценки*




**Табела бр. 2г**

*Етничката припадност на родителите и вреднувањето на професионалната поддршка од општествените установи(Крускал-Волис тест)*

| | | *N* | *главен ранг* | *Kruskal-Wallis H* | *df* | *Sig.* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Семеен лекар* | *Македонци* | *57* | *63,07* | *2,604* | *2* | *0,272* |
| | *Албанци* | *46* | *63,14* | | | |
| | *останати* | *18* | *48,97* | | | |
| *Патронажна служба* | *Македонци* | *58* | *59,52* | *8,576* | *2* | ***0,014**** |
| | *Албанци* | *46* | *70,72* | | | |
| | *останати* | *18* | *44,33* | | | |
| *Училишен дневен престој* | *Македонци* | *58* | *78,55* | *32,144* | *2* | ***0,000***** |
| | *Албанци* | *45* | *49,27* | | | |
| | *останати* | *18* | *33,78* | | | |
| *Професионалци - поединци* | *Македонци* | *58* | *60,07* | *3,900* | *2* | *0,142* |
| | *Албанци* | *46* | *57,59* | | | |
| | *останати* | *18* | *76,11* | | | |
| *Професионални установи* | *Македонци* | *58* | *63,16* | *0,877* | *2* | *0,645* |
| | *Албанци* | *45* | *60,80* | | | |
| | *останати* | *18* | *54,56* | | | |

Добиениот резултат дава одредени аргументи за прифаќање на истражувачката Хипотеза 2г. Според тоа, може да се потврди декa*меѓу родителите од различна етничка припадностможат да се јават разликиво перцепцијата и вреднувањето нанекои*

*аспекти на професионалната социјална поддршка од страна на општествените установи.*

Врз основа на степенот на верификација на помошните хипотези, истражувачот цени дека постојат доста аргументи за *делумно прифаќање* на главната истражувачка Хипотеза 2. Тоа значи дека *родителите со различна етничка припадностможат различно да перцепираат и вреднуваат некои аспекти на социјалната поддршка што ја добиваат.*

### *1.2.3. Статистичка анализа: резултатите од ССП и социо-економската положба на родителите*

Статистичкото вкрстување на податоците за социо-економскатаположба на родителите (показател: вработеност на двајцата партнери) со резултатите од сите четири сегменти на ССП и во овој дел од анализите ќе биде реализирано со употреба на непараметрискиот Крускал-Волис тест (Kruskal-Wallis Test). *Се работи за подрачјето од резултатите покриено со истражувачката Хипотеза 3.*

Во Приказот бр. 3а и Табелата бр. 3а што следат, прикажани се пресметките што се однесуваат на првиот од четирите сегменти на ССП: *социјалната поддршка од семејно потекло.* Приказот бр. 3а покажува декаиспитаниците од семејствата со двајца вработени брачни партнерипочесто се склони повисоко да ги вреднуваат индикаторите на добиената поддршка од семејно потекло.Меѓутоа, статистичката пресметка од Табелата бр. 3а покажува дека од сите индикатори на социјалната поддршка, статистичка значајност е евидентирана само кај *поддршката од страна на партнерот*($H=9{,}081$, $p<0{,}05$),*на начин што испитаниците од семејствата со двајца вработени брачни партнери повисоко го вреднуваат овој индикатор.* Не се евидентирани статистички значајни разлики кај преостанатите пет, т.е. кај вреднувањето на поддршката од сопствените родители, од родителите на партнерот, од сопствените роднини, од роднините на партнерот, и од децата.

**Приказ бр. 3а**

*Социо-економскатаположба на семејството и ССП(поддршка од семејно потекло): просечни проценки*




**Табела бр. 3а**

*Социо-економскатаположба на семејството и вреднувањето на социјалната поддршка од семејно потекло (Крускал-Волис тест)*

| | | *N* | *главен ранг* | *Kruskal-Wallis H* | *df* | *Sig.* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Родители* | *Двајца вработени* | *58* | *65,62* | *5,071* | *2* | *0,079* |
| | *Еден вработен* | *46* | *63,26* | | | |
| | *Двајца невработени* | *18* | *45,80* | | | |
| *Родители на партнерот* | *Двајца вработени* | *58* | *66,67* | *4,622* | *2* | *0,099* |
| | *Еден вработен* | *45* | *59,68* | | | |
| | *Двајца невработени* | *18* | *47,75* | | | |
| *Роднини* | *Двајца вработени* | *58* | *60,64* | *1,000* | *2* | *0,607* |
| | *Еден вработен* | *44* | *63,27* | | | |
| | *Двајца невработени* | *18* | *54,15* | | | |
| *Роднини на партнерот* | *Двајца вработени* | *58* | *58,39* | *1,414* | *2* | *0,493* |
| | *Еден вработен* | *46* | *66,28* | | | |
| | *Двајца невработени* | *18* | *59,60* | | | |
| *Партнер* | *Двајца вработени* | *57* | *67,22* | *9,081* | *2* | ***0,011**** |
| | *Еден вработен* | *45* | *59,74* | | | |
| | *Двајца невработени* | *18* | *41,11* | | | |
| *Деца* | *Двајца вработени* | *58* | *67,86* | *3,637* | *2* | *0,162* |
| | *Еден вработен* | *46* | *55,90* | | | |
| | *Двајца невработени* | *18* | *55,98* | | | |

Добиениот резултат дава минимална аргументација за прифаќање на истражувачката Хипотеза 3а. Според тоа, постојат само назнаки дека*социо-*

*економскатаположба би можела да има мало влијание врзперцепцијата и вреднувањето на социјалната поддршка од семејно потекло.*

Во наредниот Приказ бр. 3б и соодветната Табела бр. 3б прикажани се пресметките што се однесуваат на вториот од четирите сегменти на ССП: *социјалната поддршка од страна на пријатели и други поединци*. Приказот бр. 3б покажува дека и овде испитаниците од семејствата со двајца вработени генерално повисоко ги вреднуваат наведените индикатори на социјална поддршка,со исклучок на поддршката од страна на колегите од работа.Сепак,разликите меѓу семејствата со различна социо-економскаположба се доста мали. Статистичката проверка со Крускал-Волис непараметрискиот тест го потврдува овој впечаток, покажувајќи дека не постои ниту една статистички значајна релација.Со други зборови,не се евидентирани статистички значајни разлики кај ниту еден од четирите индикатори т.е. вреднувањето на поддршката од страна на сопствените пријатели, од страна на пријателите на партнерот, од страна на други родители, и од страна на колегите од работа.

**Приказ бр. 3б**

*Социо-економскатаположба на семејството и ССП(поддршка од пријатели и други поединци): просечни проценки*



**Табела бр. 3б**

*Социо-економскатаположба на семејството и вреднувањето на социјалната поддршка од страна на пријатели и други поединци (Крускал-Волис тест)*

| | | N | главен ранг | Kruskal-Wallis H | df | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пријатели | Двајца вработени | 58 | 63,51 | 0,610 | 2 | 0,737 |
| | Еден вработен | 46 | 59,43 | | | |
| | Двајца невработени | 18 | 57,50 | | | |
| Пријатели на партнерот | Двајца вработени | 58 | 63,24 | 0,866 | 2 | 0,649 |
| | Еден вработен | 45 | 59,30 | | | |
| | Двајца невработени | 18 | 55,48 | | | |
| Други родители | Двајца вработени | 58 | 67,04 | 3,730 | 2 | 0,155 |
| | Еден вработен | 44 | 53,97 | | | |
| | Двајца невработени | 18 | 59,93 | | | |
| Колеги од работа | Двајца вработени | 58 | 62,54 | 0,531 | 2 | 0,767 |
| | Еден вработен | 46 | 58,14 | | | |
| | Двајца невработени | 18 | 63,13 | | | |

Според тоа, нема аргументи за прифаќање на истражувачката Хипотеза 3б, па истата се отфрла, односно се прифаќа нултата хипотеза. Со други зборови, *нема разлики меѓу родителите со различна социо-економскаположба во поглед на перцепицијата и вреднувањетона социјалната поддршка од страна на пријателите и други поединци.*

Следат пресметките што се однесуваат на третиот од четирите сегменти на ССП: *социјалната поддршка од страна на неформални групи од локалната заедница.* Од Приказот бр. 3в и натаму е видливасклоноста наиспитаниците од семејствата со двајца вработеникон нешто повисоко просечно вреднување на дадените индикатори, но овде како интересен исклучок се јавува социјалната поддршка од страна верските заедници, која е највисоко вреднувана од спротивната страна: од страна на испитаниците од семејствата со двајца невработени. Табелата бр. 3в, меѓутоа, непотврдува ниту една од овие тенденции како статистички значајна, односно не индицира значајни разлики во вреднувањето на ниту еден од трите наведени индикатори на социјална поддршка од овој сегмент: поддршката од страна на групи родители, од социјални групи (клубови), и од верски заедници.

**Приказ бр. 3в**

*Социо-економскатаположба на семејството и ССП(поддршка од неформални групи одлокалната заедница): просечни проценки*




**Табела бр. 3в**

*Социо-економскатаположба на семејството и вреднувањето на социјалната поддршка од страна на неформални групи од локалната заедница (Крускал-Волис тест)*

| | | *N* | *главен ранг* | *Kruskal-Wallis H* | *df* | *Sig.* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Групи родители* | *Двајца вработени* | *58* | *64,31* | *1,187* | *2* | *0,552* |
| | *Еден вработен* | *46* | *57,11* | | | |
| | *Двајца невработени* | *18* | *60,13* | | | |
| *Социјални групи (клуб)* | *Двајца вработени* | *58* | *63,88* | *0,942* | *2* | *0,624* |
| | *Еден вработен* | *45* | *57,72* | | | |
| | *Двајца невработени* | *18* | *60,13* | | | |
| *Верски заедници* | *Двајца вработени* | *58* | *55,34* | *4,421* | *2* | *0,110* |
| | *Еден вработен* | *46* | *63,01* | | | |
| | *Двајца невработени* | *18* | *73,21* | | | |

На тој начин, нема аргументи за прифаќање на истражувачката Хипотеза 3в. Според тоа,таа се отфрла и се прифаќа нултата хипотеза. Кажано со други зборови, *нема разлики меѓу родителите со различна социо-економскаположба во поглед на перцепицијата и вреднувањетона социјалната поддршка од страна на неформалните групи од локалната заедница.*

Последната пресметка од овој блок се однесува на четвртиот од вкупно четирите сегменти на ССП: *професионалната поддршка од општествените установи.*Податоците од Приказот бр. 3г покажуваат, согласно очекувањата, дека

испитаниците потекнати од семејства со двајца невработени главно во повисок степен ќе ги вреднуваат наведените индикатори. Исклучок е училишниот дневен престој, кој највисоко го вреднуваат испитаниците од семејствата со двајца вработени. Статистичката проверка презентирана во Табела бр. 3г откривадве статистички значајни разлики. Во првиот случај, *испитаниците од семејствата со двајца вработенинајвисоко ја вреднуваат добиената поддршка во облик на училишен дневен престој* (H=16,111, df=2, p<0,01). Во вториот случај, *испитаниците од семејствата со двајца невработени највисоко ја вреднуваат добиената поддршка од страна на професионалците – поединци од областа на социјалната заштита* (H=11,940, df=2, p<0,01). Не се евидентирани статистички значајни разлики кај преостанатите три индикатори на социјална поддршка,односно кај поддршката од страна на семејниот лекар, од страна на патронажната служба, и од страна на професионалните установи од социјалната сфера.

**Приказ бр. 3г**

*Социо-економскатаположба на семејството и ССП(професионална поддршка од општествениустанови): просечни проценки*



**Табела бр. 3г**

*Социо-економскатаположба на семејството и вреднувањето на професионалната поддршка од општествените установи (Рускал-Волис тест)*

| | | N | главен ранг | Kruskal-Wallis H | df | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Семеен лекар | Двајца вработени | 56 | 65,62 | 0,490 | 2 | 0,783 |
| | Еден вработен | 45 | 63,26 | | | |
| | Двајца невработени | 20 | 45,80 | | | |
| Патронажна служба | Двајца вработени | 57 | 66,67 | 0,858 | 2 | 0,651 |
| | Еден вработен | 45 | 59,68 | | | |
| | Двајца невработени | 20 | 47,75 | | | |
| Училишен дневен престој | Двајца вработени | 57 | 60,64 | 16,111 | 2 | **0,000**** |
| | Еден вработен | 45 | 63,27 | | | |
| | Двајца невработени | 19 | 54,15 | | | |
| Професионалци - поединци | Двајца вработени | 57 | 67,22 | 11,940 | 2 | **0,003**** |
| | Еден вработен | 45 | 59,74 | | | |
| | Двајца невработени | 20 | 41,11 | | | |
| Професионални установи | Двајца вработени | 57 | 67,86 | 3,253 | 2 | 0,197 |
| | Еден вработен | 45 | 55,90 | | | |
| | Двајца невработени | 19 | 55,98 | | | |

Добиениот резултат дава одредени аргументи за делумно прифаќање на истражувачката Хипотеза 3г. Според тоа, може да се потврди дека *родителите со различна социо-економскаположба можат различно да перцепираат и вреднуваат некои облици на професионална социјална поддршка од страна на општествените установи.*

Во целина, истражувачот цени дека постојат одредени аргументи за *делумно прифаќање* на главната истражувачката Хипотеза 3. Тоа значи дека *родителите со различна социо-економска положба можат различно да перцепираат и вреднуваат одредени аспекти на социјалната поддршка што ја добиваат.*

### 1.2.4. *Статистичка анализа: резултатите од ССП и образовниот статус на родителите*

Статистичкото вкрстување на податоците за образовниот статус на родителите со резултатите од сите четири сегменти на ССП и во овој дел од анализите ќе биде реализирано со употреба на непараметрискиот Крускал-Волис тест (Kruskal-Wallis Test). *Се работи за подрачјето од резултатите покриено со истражувачката Хипотеза 4.*

Во наредните Приказ бр. 4а и Табела бр. 4а, прикажани се пресметките што се однесуваат на првиот од четирите сегменти на ССП: *социјалната поддршка од семејно потекло.* Приказот бр. 4а открива мошне видлива тенденција испитаните родители без образование да даваат исклучително ниски просечни проценки на социјалната поддршка од семејно потекло што ја уживаат. Од друга страна, ова подрачје на социјалната поддршка конзистентно највисоко го проценуваат испитаните родители со средно образование. Статистичката проверка од Табелата бр. 4а покажува дека статистичка значајност е евидентирана кај дури пет од шест можни индикатори. Тоа се: *поддршката од страна на родителите* (H=8,114, df=3, p<0,05),*родителите на партнерот* (H=10,579, df=3, p<0,05),*роднините* (H=10,771, df=3, p<0,05),*партнерот* (H=18,983, df=3, p<0,01),заклучно со *децата* (H=10,673, df=3, p<0,05). Во сите случаи образацот е идентичен:*испитаниците безобразование вреднуваатнајниско.*Не се евидентирани статистички значајни разлики само кај вреднувањето на поддршката од страна на роднините на партнерот.

**Приказ бр. 4а**

*Образовниот статус на родителот и ССП(поддршка од семејно потекло): просечни проценки*



**Табела бр. 4а**

*Образовниот статус на родителот и вреднувањето на социјалната поддршка од семејно потекло (Рускал-Волис тест)*

| | | *N* | *главен ранг* | *Kruskal-Wallis H* | *df* | *Sig.* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Родители* | *Без образование* | *5* | *24,80* | *8,114* | *3* | ***0,044**** |
| | *Основно образование* | *34* | *57,93* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *69,39* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *61,26* | | | |
| *Родители на партнерот* | *Без образование* | *5* | *27,00* | *10,579* | *3* | ***0,014**** |
| | *Основно образование* | *33* | *56,03* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *72,63* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *57,95* | | | |
| *Роднини* | *Без образование* | *4* | *22,25* | *10,771* | *3* | ***0,013**** |
| | *Основно образование* | *33* | *65,11* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *69,10* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *52,52* | | | |
| *Роднини на партнерот* | *Без образование* | *5* | *47,10* | *6,676* | *3* | *0,083* |
| | *Основно образование* | *34* | *67,82* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *67,94* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *52,19* | | | |
| *Партнер* | *Без образование* | *5* | *10,00* | *18,983* | *3* | ***0,000***** |
| | *Основно образование* | *34* | *52,41* | | | |
| | *Средно образование* | *38* | *71,05* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *63,44* | | | |
| *Деца* | *Без образование* | *5* | *27,40* | *10,673* | *3* | ***0,014**** |
| | *Основно образование* | *34* | *55,96* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *73,28* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *58,90* | | | |

Добиениот резултат дава исклучително цврста аргументација за прифаќање на истражувачката Хипотеза 4а. Според тоа, *образовниот статус на испитаните родители покажува силно влијание врз нивнатаперцепција и вреднување на социјалната поддршка од семејно потекло.*

Во наредниот Приказ бр. 4б и соодветната Табела бр. 4б прикажани се пресметките што се однесуваат на вториот од четирите сегменти на ССП: *социјалната поддршка од страна на пријатели и други поединци.*Приказот бр. 4б открива слика речиси идентична на претходната анализа, т.е.најниско вреднување на сите понудени индикатори од страна на испитаните родители без образование, и највисоко вреднување од страна на оние со средно образование. Статистичката проверка со Рускал-Волис

непараметрискиот тест го потврдува овој впечаток, покажувајќи дека постојат три статистички значајни релации (Табела бр. 46). Се работи за *поддршката од страна на пријателите* (H=8,750, df=3, p<0,05),*родителите на пријателите* (H=11,989, df=3, p<0,01),и *од странана други роднители*(H=8,117, df=3, p<0,05).Не е евидентирана статистички значајна релација во вреднувањето на социјалната поддршка од страна на колегите од работа.

**Приказ бр. 46**

*Образовниот статус на родителот и ССП(поддршка од пријатели и други поединци): просечни проценки*




**Табела бр. 46**

*Образовниот статус на родителот и вреднувањето на социјалната поддршка од страна на пријатели и други поединци (Крускал-Волис тест)*

| | | *N* | *главен ранг* | *Kruskal-Wallis H* | *df* | *Sig.* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Пријатели* | *Без образование* | *5* | *21,00* | *8,750* | *3* | ***0,033**** |
| | *Основно образование* | *33* | *62,33* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *67,71* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *58,38* | | | |
| *Пријатели на партнерот* | *Без образование* | *5* | *22,90* | *11,989* | *3* | ***0,007***** |
| | *Основно образование* | *32* | *62,53* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *71,03* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *53,57* | | | |
| *Други родители* | *Без образование* | *5* | *28,40* | *8,117* | *3* | ***0,044**** |
| | *Основно образование* | *34* | *58,82* | | | |
| | *Средно образование* | *39* | *70,42* | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Више/високо образование* | *43* | *57,97* | | | |
| *Колеги од работа* | *Без образование* | *5* | *33,60* | *6,237* | *3* | *0,101* |
| | *Основно образование* | *34* | *60,16* | | | |
| | *Средно образование* | *39* | *69,17* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *57,44* | | | |

Според тоа, постои мошне цврста аргументација за прифаќање на истражувачката Хипотеза 4б. Кажано со други зборови, *образовниот статус на испитаните родители покажува силно влијание врз нивнатаперцепција и вреднување на социјалната поддршка од страна на пријателите и други поединци.*

На ред се пресметките што се однесуваат на третиот од четирите сегменти на ССП: *социјалната поддршка од страна на неформални групи од локалната заедница.*Приказот бр. 4в покажува дека и натаму е видлива истата тенденција т.е. склоноста на испитаниците без образование кон пониско вреднување на дадените индикатори, како и обратната склоност т.е. највисоко вреднување на истите индикатори кај испитаниците со средно образование. Интересен исклучок, при тоа, е тоа што поддршката од верските заедници најниско ја вреднуваат најобразуваните испитаници (со више/високо образование). Статистичката проверка (Табела бр. 4в) открива дека кај два од трите индикатори се јавува статистички значајна тенденција. Се работи за *поддршката од страна на социјалните групи т.е. клубови и слично*(H=10,865, df=3, p<0,05),и *од верските заедници* (H=14,798, df=3, p<0,01). Не е евидентирана статистички значајна релација во вреднувањето на социјалната поддршка од страна на групи родители.

**Приказ бр. 4в**

*Образовниот статус на родителот и ССП(поддршка од неформални групи од локалната заедница): просечни проценки*




**Табела бр. 4в**

*Образовниот статус на родителот и вреднувањето на социјалната поддршка од страна на неформални групи од локалната заедница (Крускал-Волис тест)*

| | | *N* | *главен ранг* | *Kruskal-Wallis H* | *df* | *Sig.* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Групи родители* | *Без образование* | *5* | *47,90* | *5,130* | *3* | *0,163* |
| | *Основно образование* | *33* | *60,85* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *69,66* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *54,58* | | | |
| *Социјални групи (клуб)* | *Без образование* | *5* | *41,30* | *10,865* | *3* | ***0,012**** |
| | *Основно образование* | *34* | *63,32* | | | |
| | *Средно образование* | *39* | *72,27* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *51,23* | | | |
| *Верски заедници* | *Без образование* | *5* | *54,20* | *14,798* | *3* | ***0,002***** |
| | *Основно образование* | *34* | *71,51* | | | |
| | *Средно образование* | *39* | *69,18* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *46,06* | | | |

Статистичката анализа давадоволно аргументи за прифаќање на истражувачката Хипотеза 4в. Тоа значи дека*образовниот статус на испитаните родители може значајно да влијае врз перцепицијата и вреднувањетона социјалната поддршка од страна на неформалните групи од локалната заедница.*

Последната пресметка од овој блок се однесува на четвртиот од вкупно четирите сегменти на ССП: *професионалната поддршка од општествените*

*установи.*Податоците од Приказот бр. 4гпокажуваат мошне стабилна тенденција испитаниците без образованиеи оние со више/високо образование да ги вреднуваат наведените индикатори пониско во споредба со другите две групи. Статистичката проверка презентирана во Табела бр. 4г открива дека кај сите пет индикатори се евидентирани статистички значајни разлики. Во првиот случај, *испитаниците без образование најниско ја вреднуваат добиената поддршка од семејниот лекар*(H=9,220, df=3, p<0,05). Идентична е тенденцијата и кај двата наредни индикатори, *поддршката од патронажната служба* (H=9,816, df=3, p<0,05) и*поддршката во облик на училишен дневен престој*(H=17,228, df=3, p<0,01). Кај индикаторот претставен со *поддршката одпрофесионалци - поединци од областа на социјалната заштита, најниско вреднуваат испитаните родители со више/високо образование*(H=23,338, df=3, p<0,01). Конечно, *испитаниците без образование и оние со више/високо образование пониско од другите две образовни категории го вреднуваат индикаторот социјална поддршка од страна на професионалните општествени установи* (H=23,890, df=3, p<0,01).

**Приказ бр. 4г**

*Образовниот статус на родителот и ССП(професионална поддршка од општествениустанови): просечни проценки*



**Табела бр. 4г**

*Образовниот статус на родителот и вреднувањето на професионалната поддршка од општествените установи (Крускал-Волис тест)*

| | | *N* | *главе н ранг* | *Kruskal-Wallis H* | *df* | *Sig.* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Семеен лекар* | *Без образование* | *5* | *31,90* | *9,220* | *3* | ***0,026**** |
| | *Основно образование* | *34* | *63,06* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *70,96* | | | |
| | *Више/високо образование* | *42* | *53,31* | | | |
| *Патронажна служба* | *Без образование* | *5* | *45,90* | *9,816* | *3* | ***0,020**** |
| | *Основно образование* | *34* | *68,44* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *69,55* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *50,34* | | | |
| *Училишен дневен престој* | *Без образование* | *5* | *23,20* | *17,228* | *3* | ***0,001***** |
| | *Основно образование* | *34* | *48,44* | | | |
| | *Средно образование* | *39* | *74,77* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *62,84* | | | |
| *Професионалци - поединци* | *Без образование* | *5* | *70,60* | *23,338* | *3* | ***0,000***** |
| | *Основно образование* | *34* | *70,65* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *74,51* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *41,40* | | | |
| *Професионални установи* | *Без образование* | *5* | *40,60* | *23,890* | *3* | ***0,000***** |
| | *Основно образование* | *34* | *68,47* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *76,49* | | | |
| | *Више/високо образование* | *42* | *42,63* | | | |

Добиениот резултат дава максимално силни аргументи за прифаќање на истражувачката Хипотеза 4г. Според тоа, може да се потврди дека *родителите со различен образовен статусразлично ги перцепираат и вреднуваат облиците на професионална социјална поддршка од страна на општествените установи.*

Сметаме дека постојат доволно силни аргументи за *целосно прифаќање* на главната истражувачката Хипотеза 4. Со други зборови,*родителите со различенобразовен статусразлично ја перцепираат и вреднуваат социјалната поддршка што ја добиваат.*

# 2.0. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СКАЛАТА НА СОЦИЈАЛНИРЕСУРСИ (ССР)

Во методолошкиот дел е наведено дека Скалата на социјални ресурси се состои од вкупно 30 прашања, кои во однос на содржинската компонента што ја опфаќаат можат да се групираат во пет групи, базирани според степенот на располагање со ресурси за задоволување на: (1) базичните дневни потреби, (2) сместувачките и инфраструктурните потреби, (3) потребите од областа на социјалната и општествената заштита, (4) личните и социјалните потреби, и (5) потребите од одмор, забава и задоволства.

Анализите што следат доследно ќе го почитуваат и следат овој образец.За почеток, ќе биде даден кус дескриптивен осврт врз дадените одговори на сите посочени пет сегменти од ССР, а потоа ќе биде пристапено кон нивно статистичко вкрстување со демографските варијабли и тестирање на истражувачките хипотези.

## 2.1. ДЕСКРИПТИВНА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ССР

### *2.1.1. Дескриптивна анализа на резултатите од ССР: задоволеност на базичните дневни потреби*

Како индикатори на задоволеноста на (1) *базичните дневни потреби* во Скалата на социјалниресурси (ССР) се јавуваат („до кој степен располагам со...“): (а) храна за два оброка дневно, (б) пари за основни потреби, (в) доволно облека за семејството, (г) затоплување, (д) водовод, и (ѓ) пари за сметки. Приказот бр. 18.1 покажува дека испитаниците во просек највисоко го вреднуваат располагањето со најнужното т.е. доволно храна и вода за дневни потреби (храна за најмалку два оброци на ден, 4,32, и водовод, 4,06), следат парите за дневните семејни потреби (3,98), затоплувањето (3,97) и облеката (3,95), додека најниско е вреднувано располагањето со пари за месечните сметки (3,79). Вкупниот просек изнесува 4,01. Истражувачот цени дека овие показатели се во согласност со нормите на пошироката социо-културна матрица во нашата средина.

**Приказ бр. 18.1**

*Скала на социјалниресурси: задоволеност на базичните дневни потреби (просечни проценки)*




### 2.1.2. *Дескриптивна анализа на резултатите од ССР: задоволеност на сместувачките и инфраструктурните потреби*

Во содржинска смисла, сегментот одреден како (2) *задоволеност на сместувачките и инфраструктурните потреби* во Скалата на социјалниресурси (ССР) го сочинуваат следните индикатори („до кој степен располагам со...“): (а) куќа и стан, (б) добра работа  сопствена или на партнерот (в) сопствено возило, и (г) мебел и опрема за стан. Според податоците од Приказот бр. 18.2, испитаниците во просек највисоко гопроценуваат располагањето со сопствен простор за живеење т.е. куќа или стан (4,19), нешто пониско опременоста со мебел (3,88), следи обезбеденоста со добро работно место, сопствено и на партнерот (3,66), а во оваа конкуренција најниско се вреднува располагањето со сопствено моторно возило (3,56).

Како вкупен просек (3,82), овој сегмент на располагањето со социјалниресурсие вреднуваннешто пониско од претходниот (базични дневни потреби, 4,01).

**Приказ бр. 18.2**

*Скала на социјалниресурси: задоволеност на сместувачките и инфраструктурните потреби (просечни проценки)*




### 2.1.3. *Дескриптивна анализа на резултатите од ССР: задоволеност на потребите од областа на социјалната и општествената заштита*

За извори (индикатори) назадоволеностана (3) *потребите од областа на социјалната и општествената заштита* во Скалата на социјалниресурси (ССР), земени се(„до кој степен располагам со...“): (а) здравствената нега и заштита, (б) социјалната грижа и заштита(в) помошта во чувањето на децата, (г) згрижувањето на децата (градинка), (д) парите за посебни детски потреби, и (ѓ) стоматолошката заштита. Приказот бр. 18.3 покажува дека кајиспитаниците во просек највисоко е вреднуванорасполагањето сомедицинска (3,38) и стоматолошка заштита (3,37), следирасполагањето со пари за специфичните детски потреби (3,10) и со помош во чувањето на децата (3,05), а најниско се вреднуваниразполагањето со можноста за дневно згрижување на децата т.е. градинка (2,91) и севкупната социјална заштита (2,84). Вкупниот просек изнесува 3,11, и е понизок во споредба со преостанатите четири сегменти од ССР прашалникот.

**Приказ бр. 18.3**

*Скала на социјалниресурси: задоволеност на потребите од областа на социјалната и општествената заштита (просечни проценки)*




### *2.1.4. Дескриптивна анализа на резултатите од ССР: задоволеност на личните и социјалните потреби*

Во позиција на индикатори на задоволеноста на (4) *личните и социјалните потреби* во Скалата на социјални ресурси (ССР) се јавуваат(„до кој степен располагам со...“):(а)време за спиење, (б) време за себе, (в) време со семејството, (г) време со децата, (д) време со партнерот и пријателите, (ѓ) блиско лице за разговор, (е) време за незадолжително дружење, и (ж) време за рекреација и лична нега. Приказот бр. 18.4 покажува дека испитаниците во просек сенајзадоволни со располагањетосо доволно време за децата (3,83), за спиење (3,59) и за семејството (3,56), следатрасполагањетосо доволно време за партнерот и пријателите (3,42), за рекреација и лична нега (3,28) и лице за разговор (3,25), додека двете најниски скалила ги заземаат располагањето со доволно време за незадолжително дружење (3,21) и за себе (2,98). Вкупниот просек изнесува солидни 3,39.

**Приказ бр. 18.4**

*Скала на социјалнирусурси: задоволеност на личните и социјалните потреби (просечни проценки)*




### *2.1.5. Дескриптивна анализа на резултатите од ССР: задоволеност на потребите од одмор, забава и задоволства*

За извори (индикатори) на задоволеноста на (5) *потребите од одмор, забава и задоволства* во Скалата на социјални ресурси (ССР), земени се („до кој степен располагам со...“): (а) пари за детски играчки, (б) пари за лични дневни потреби (в) пари за семејни забави, (г) пари за повремени поблиски прошетки,и (д) пари за годишен одмор. Приказот бр. 18.5 покажува дека испитаниците во просек најмногусе задоволни со степенот на располагање сопари за детски играчки (3,48) и за лични дневни потреби (3,43), следи располагањето со пари за семејни забави (3,21) иза годишен одмор(3,12), а најниско е вреднувано располагањето со пари за поблиски прошетки (3,03). Вкупниот просек изнесува 3,25.

**Приказ бр. 18.5**

*Скала на социјалниресурси: задоволеност на потребите од одмор, забава и задоволства (просечни проценки)*




## 2.2. СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ССР

И во овој сегмент од статистичките анализи, идентично на претходниот, пресметките ќе бидат направени со употреба на еден од двата непараметриски тестови, односно Мен-Витни тест или Крускал-Волис тест (изборот меѓу нив ќе зависи од бројот на нивоата на независната варијабла).

### *2.2.1. Статистичка анализа: резултатите од ССР и здравствено-едукативниот статус на децата*

Статистичкото вкрстување на податоците за здравствено-едукативниот статус на детето (дете со типичен наспроти атипичен развој) со резултатите од сите пет сегменти на ССР ќе биде реализирано преку непараметрискиот Мен-Витни тест (Mann-Whitney U Test). *Овде се работи за подрачјето на резултатите покриено со истражувачката Хипотеза* 5.

Во Приказот бр. 5а и Табелата бр. 5а што следат, прикажани се пресметките што се однесуваат на првиот од петте сегменти на ССР: *задоволеноста на базичните дневни потреби.* Приказот бр. 5а открива униформна тенденцијародителите на децата со атипичен развој пониско ги вреднуваат сите шест индикатори назадоволеноста на базичните дневни потреби, во споредба со родителите на децата со типичен развој. При тоа, статистичката пресметка од табелата покажува статистички значајни разликиво пет од можни шестиндикатори. Поконкретно, се работи зарасполагањето со*доволно пари за*

*дневни семејни потреби*(Z=-4,415, p<0,01), со*облека*(Z=-3,854, p<0,01), со *затолување*(Z=-3,406, p<0,01), со *вода за дневни потреби т.е. водовод* (Z=-2,096, p<0,05),исо*доволно пари за месечни сметки* (Z=-3,294, p<0,01), *при што во сите три случаи родителите на децата со атипичен развој вреднуваат со пониска просечна оценка.* Не е евидентирана статистички значајна разлика кај располагањето со храна за барем два оброка на ден.

**Приказ бр. 5а**

*Здравствено-едукативен статус на детето и ССР(базични дневни потреби): просечни проценки*




**Табела бр. 5а**

*Здравствено-едукативен статус на детето и задоволеноста на базичните дневни потреби (Мен-Витни тест)*

| | | *N* | *главен ранг* | *Σ на рангови* | *Mann-Whitney U* | *Z* | *Sig.* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Храна за барем 2 оброка на ден* | *типичен развој* | *47* | *65,07* | *3258,50* | *1594,50* | *-1,004* | *0,315* |
| | *атипичен развој* | *75* | *59,26* | *4444,50* | | | |
| *Пари за дневни семеј. потреби* | *типичен развој* | *47* | *77,73* | *3653,50* | *952,50* | *-4,415* | ***0,000***** |
| | *атипичен развој* | *74* | *50,37* | *3727,50* | | | |
| *Облека* | *типичен развој* | *46* | *75,85* | *3489,00* | *1042,00* | *-3,854* | ***0,000***** |
| | *атипичен развој* | *75* | *51,89* | *3892,00* | | | |
| *Затоплување* | *типичен развој* | *47* | *73,91* | *3474,00* | *1132,00* | *-3,406* | ***0,001***** |
| | *атипичен развој* | *74* | *52,80* | *3907,00* | | | |
| *Водовод* | *типичен развој* | *47* | *69,40* | *3262,00* | *1391,00* | *-2,096* | ***0,036**** |
| | *атипичен развој* | *75* | *56,55* | *4241,00* | | | |
| *Пари за сметки* | *типичен развој* | *47* | *74,29* | *3491,50* | *1161,50* | *-3,294* | ***0,001***** |
| | *атипичен развој* | *75* | *53,49* | *4011,50* | | | |

Презентираните резултати даваатмошне силна аргументација за прифаќање на истражувачката Хипотеза 5а. Според тоа, може да се потврди дека *родителите на децата со атипичен развој различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите базични дневни потреби, во споредба со родителите на деца со типичен развој.*

Во наредниот Приказ бр. 5б и соодветната Табела бр. 5б прикажани се пресметките што се однесуваат на вториот од петте сегменти на ССП: *задоволеноста на сместувачките и инфраструктурните потреби*. Приказот бр. 5б покажува дека родителите на децата со атипичен развој пониско ги вреднуваат сите пет индикатори на овој сегмент на задоволеноста со социјалните ресурси, а табеларните податоци покажуваат дека во четири од тиепет случаи се утврденистатистички значајни разлики. Се работи за задоволеноста во поглед на располагањето со *сопствено живеалиште т.е. куќа или стан* (Z=-2,082, p<0,05),со*добро работно место за себе и партнерот* (Z=-3,785, p<0,01), со *сопствено возило* (Z=-3,610, p<0,01), и соопремеността со *мебел* (Z=-3,325, p<0,01).Нема статистички значајна разлика кај задоволеноста во поглед на располагањето со телефон.

**Приказ бр. 5б**

*Здравствено-едукативен статус на детето и ССР(сместувачки и инфраструктурни потреби): просечни проценки*



**Табела бр. 5б**

*Здравствено-едукативен статус на детето и задоволеноста на сместувачките и инфраструктурните потреби (Мен-Витни тест)*

| | | *N* | *главен ранг* | *Σ на рангови* | *Mann-Whitney U* | *Z* | *Sig.* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Сопствена куќа или стан* | *типичен развој* | *47* | *69,15* | *3250,00* | *1403,00* | *-2,082* | ***0,037**** |
| | *атипичен развој* | *75* | *56,71* | *4253,00* | | | |
| *Добро раб. место (лично и партнер)* | *типичен развој* | *47* | *76,22* | *3582,50* | *1070,50* | *-3,785* | ***0,000***** |
| | *атипичен развој* | *75* | *52,27* | *3920,50* | | | |
| *Лично возило* | *типичен развој* | *46* | *75,15* | *3457,00* | *1074,00* | *-3,610* | ***0,000***** |
| | *атипичен развој* | *75* | *52,32* | *3924,00* | | | |
| *Мебел* | *типичен развој* | *46* | *73,28* | *3371,00* | *1114,00* | *-3,325* | ***0,001***** |
| | *атипичен развој* | *74* | *52,55* | *3889,00* | | | |
| *Телефон* | *типичен развој* | *47* | *67,96* | *3194,00* | *1412,00* | *-1,831* | *0,067* |
| | *атипичен развој* | *74* | *56,58* | *4187,00* | | | |

Добиениот резултат нуди мошне силна аргументација за целосно прифаќање на истражувачката Хипотеза 5б. Тоа значи дека *родителите на децата со атипичен развој различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите сместувачки и инфраструктурни потреби, во споредба со родителите на деца со типичен развој.*

Следат пресметките што се однесуваат на третиот од петте сегменти на ССР: *задоволеноста на потребите од областа на социјалната и општествената заштита.* Приказот бр. 5в покажува дека продолжува силно изразената тенденција родителите на децата со атипичен развој да вреднуваат просечно پониско, без исклучок, на сите понудени прашања (индикатори)во поглед на задоволеноста со социјалните ресурси. Табелата бр. 5в статистички потврдува дека сите констатирани разлики се статистички значајни. Тоа значи дека родителите на децата со атипичен развој даваат статистички потврдени пониски проценки на сопственатазадоволеност од располагањето со*медицинска заштита* (Z=-4,584, p<0,01),со*социјална заштита* (Z=-3,581, p<0,01), со *помош при чувањето на децата*(Z=-2,885, p<0,01), со *згрижувањето на децата во детска градинка* (Z=-4,050, p<0,01), со *располагањето на пари за посебни детски потреби* (Z=-2,929, p<0,01), и со *стоматолошка заштита*(Z=-4,498, p<0,01).

**Приказ бр. 5в**

*Здравствено-едукативен статус на детето и ССР (потреби од областа на социјалната и општествената заштита): просечни проценки*




**Табела бр. 5в**

*Здравствено-едукативен статус на детето и задоволеноста на потребите од областа на социјалната и општествената заштита (Мен-Витни тест)*

| | | N | главен ранг | Σ на рангови | Mann-Whitney U | Z | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Медицинска заштита* | *типичен развој* | 47 | 78,81 | 3704,00 | 902,00 | -4,584 | **0,000**** |
| | *атипичен развој* | 74 | 49,69 | 3677,00 | | | |
| *Социјална заштита* | *типичен развој* | 46 | 75,26 | 3462,00 | 1069,00 | -3,581 | **0,000**** |
| | *атипичен развој* | 75 | 52,25 | 3919,00 | | | |
| *Чување на децата* | *типичен развој* | 47 | 72,30 | 3398,00 | 1208,00 | -2,885 | **0,004**** |
| | *атипичен развој* | 74 | 53,82 | 3983,00 | | | |
| *Детска градинка* | *типичен развој* | 47 | 77,39 | 3637,00 | 1015,50 | -4,050 | **0,001**** |
| | *атипичен развој* | 75 | 51,54 | 3865,50 | | | |
| *Пари за посебни детски потреби* | *типичен развој* | 46 | 71,98 | 3311,50 | 1174,00 | -2,929 | **0,003**** |
| | *атипичен развој* | 74 | 53,36 | 3949,00 | | | |
| *Стоматолошка заштита* | *типичен развој* | 47 | 77,17 | 3627,50 | 885,00 | -4,498 | **0,000**** |
| | *атипичен развој* | 72 | 48,79 | 3513,50 | | | |

Според претходно кажаното,постоимаксимално силна аргументација за прифаќање на истражувачката Хипотеза 5в. То значи дека може да се потврди дека *родителите на децата со атипичен развој различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите потреби од доменот на социјалната и општествена заштита, во споредба со родителите на деца со типичен развој.*

Наредната пресметка од овој блок се однесува на четвртиот од петте сегменти на ССР: *задоволеноста на личните и социјалните потреби.* Приказот бр. 5г открива идентична тенденција како и во претходниот тек на анализата, односно стабилно пониско вреднување на сите понудени индикатори од страна на родителите на децата со атипичен развој. Статистичката пресметка од Табелата бр. 5г покажува дека се евидентирани пет статистички значајни разлики од можни осум. Се работи за располагањето со*доволно време за спиење*(Z=-2,056, p<0,05),со*доволно време за партнерот и пријателите*(Z=-2,974, p<0,01), со *собеседник за разговор* (Z=-4,645, p<0,01), со *доволно време за незадолжително дружење* (Z=-3,649, p<0,01), и со *доволно време за рекреација и лична нега* (Z=-3,351, p<0,01). Не се евидентирани статистички значајни разлики кај преостанатите триindикатори: располагањето на доволно време за себе, за семејството и за децата.

**Приказ бр. 5г**

*Здравствено-едукативен статус на детето и ССР(лични и социјални потреби): просечни проценки*



**Табела бр. 5г**

*Здравствено-едукативен статус на детето и задоволеноста на личните и социјалните потреби (Мен-Витни тест)*

| | | *N* | *главен ранг* | *Σ на рангови* | *Mann-Whitney U* | *Z* | *Sig.* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Време за спиење* | *типичен развој* | *46* | *69,10* | *3178,50* | *1352,00* | *-2,056* | ***0,040**** |
| | *атипичен развој* | *75* | *56,03* | *4202,50* | | | |
| *Време за себе* | *типичен развој* | *45* | *67,61* | *3042,50* | *1322,50* | *-1,922* | *0,055* |
| | *атипичен развој* | *74* | *55,37* | *4097,50* | | | |
| *Време за семејството* | *типичен развој* | *47* | *68,84* | *3235,50* | *1417,50* | *-1,885* | *0,059* |
| | *атипичен развој* | *75* | *56,90* | *4267,50* | | | |
| *Време за децата* | *типичен развој* | *47* | *68,01* | *3196,50* | *1409,50* | *-1,834* | *0,067* |
| | *атипичен развој* | *74* | *56,55* | *4184,50* | | | |
| *Партнер и пријатели* | *типичен развој* | *47* | *73,13* | *3437,00* | *1216,50* | *-2,974* | ***0,003***** |
| | *атипичен развој* | *75* | *54,21* | *4066,00* | | | |
| *Собеседник за разговор* | *типичен развој* | *47* | *77,73* | *3653,50* | *858,50* | *-4,645* | ***0,000***** |
| | *атипичен развој* | *72* | *48,42* | *3486,50* | | | |
| *Време за дружење* | *типичен развој* | *47* | *74,60* | *3506,00* | *1053,00* | *-3,649* | ***0,000***** |
| | *атипичен развој* | *73* | *51,42* | *3754,00* | | | |
| *Време зарекреација* | *типичен развој* | *47* | *73,39* | *3449,50* | *1109,50* | *-3,351* | ***0,001***** |
| | *атипичен развој* | *73* | *52,20* | *3810,50* | | | |

Добиениот резултат дава повеќе од доволно аргументи за прифаќање на истражувачката Хипотеза 5г. Според тоа, може да се потврди дека *родителите на децата со атипичен развој различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на голем дел од своите лични и социјални потреби, во споредба со родителите на деца со типичен развој.*

Во наредниот Приказ бр. 5д и соодветната Табела бр. 5д прикажани се пресметките што се однесуваат на последниот, петти сегмент на ССР: *задоволеноста на потребите од одмор, забава и задоволства.*Поширокaта слика од овој блок анализи доследно важи и овде, кај последниот сет индикатори на задоволеноста со социјалните ресурси. Приказот бр. 5д покажува дека родителите на децата со атипичен развој многу пониско ги вреднуваат сите пет индикатори, а податоците од Табела бр. 5д покажуваат дека во сите пет случаи се констатирани статистички значајни разлики. Се работи за задоволеноста во поглед на располагањето содоволно *пари за детски играчки*(Z=-4,221, p<0,01),со*пари за лични дневни потреби* (Z=-3,785, p<0,01), со *пари за семејни*

*забави*(Z=-4,207, p<0,01), со *пари за поблиски прошетки* (Z=-4,571, p<0,01), и со *пари за годишен одмор*(Z=-4,688, p<0,01).

**Приказ бр. 5д**

*Здравствено-едукативен статус на детето и ССР(потреби од одмор, забава и задоволства): просечни проценки*




**Табела бр. 5д**

*Здравствено-едукативен статус на детето и задоволеноста на потребите од одмор, забава и задоволства (Мен-Витни тест)*

| | | N | главен ранг | Σ на рангови | Mann-Whitney U | Z | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Пари за детски играчки* | *типичен развој* | *47* | *76,60* | *3605,00* | *954,00* | *-4,221* | ***0,000**** |
| | *атипичен развој* | *73* | *50,07* | *3655,00* | | | |
| *Пари за лични дневни потреби* | *типичен развој* | *47* | *75,70* | *3558,00* | *1048,00* | *-3,785* | ***0,000**** |
| | *атипичен развој* | *74* | *51,66* | *3823,00* | | | |
| *Пари за семејни забави* | *типичен развој* | *46* | *77,45* | *3640,00* | *966,00* | *-4,207* | ***0,000**** |
| | *атипичен развој* | *74* | *50,55* | *3741,00* | | | |
| *Пари за поблиски прошетки* | *типичен развој* | *46* | *78,90* | *3708,50* | *897,50* | *-4,571* | ***0,000**** |
| | *атипичен развој* | *74* | *49,63* | *3672,50* | | | |
| *Пари за годишен одмор* | *типичен развој* | *47* | *79,31* | *3727,50* | *878,50* | *-4,688* | ***0,000**** |
| | *атипичен развој* | *74* | *49,37* | *3653,50* | | | |

Добиениот резултат нуди максимално силна аргументација за целосно прифаќање на истражувачката Хипотеза 5д. Тоа значи дека *родителите на децата со атипичен развој различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите потреби од одмор, забава и задоволства, во споредба со родителите на деца со типичен развој.*

Од досегашните парцијални анализи се гледа дека постојат исклучително силни аргументи за *целосно прифаќање* на главната истражувачката Хипотеза 5. Тоа значи дека *родителите на децата со атипичен развој (интелектуална заостанатост) различно го перципираат и вреднуваат степенот на доволност на социјалните ресурси со кои располагаат, во споредба со родителите на деца со типичен развој.*

### 2.2.2. *Статистичка анализа: резултатите од ССР и етничката припадност на родителите*

Статистичкото вкрстување на податоците за етничката припадност на испитаниците (Македонци, Албанци и останати) со резултатите од сите пет сегменти на ССР ќе биде реализирано преку непараметрискиот Крускал-Волис тест (Kruskal-Wallis Test). *Се работи за подрачјето од резултатите покриено со истражувачката Хипотеза 6.*

Во Приказот бр. 6а и Табелата бр. 6а што следат, дадени се пресметките што се однесуваат на првиот од петте сегменти на ССР: *задоволеноста на базичните дневни потреби.*Приказот бр. 6а открива индикативна тенденција, а тоа е што етничките Македонциконзистентно повисоко ги вреднуваат сите шест индикатори на задоволеноста на базичните дневни потреби, во споредба со етничките Албанци и со испитаниците од категоријата „останати“ (Роми, Бошњаци, Срби итн.). Албанците, пак, повисоко вреднуваат во споредба со „останатите“, со исклучок на задоволеноста со храна. Статистичката проверка преку пресметка со Крускал-Волис тест (Табела бр. 6а) индицира дека статистички значајна разлика се јавува кај ситешест индикатори, односно кај задоволеноста со*храна*($H=24,696$, $df=2$, $p<0,01$), со*пари за дневни семејни потреби* ($H=10,800$, $df=2$, $p<0,01$), со *облека* ($H=11,966$, $df=2$, $p<0,01$), со *затоплување* ($H=13,192$, $df=2$, $p<0,01$), со *редовно снабдување со свежа вода* ($H=18,960$, $df=2$, $p<0,01$), и со *пари за месечните сметки* ($H=12,985$, $df=2$, $p<0,01$).

**Приказ бр. 6а**

*Етничката припадност на родителите и ССР(базични дневни потреби): просечни проценки*




**Табела бр. 6а**

*Етничката припадност на родителите и задоволеноста на базичните дневни потреби (Мрускал-Волис тест)*

| | | *N* | *главен ранг* | *Kruskal-Wallis H* | *df* | *Sig.* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Храна за барем 2 оброка на ден* | *Македонци* | *58* | *76,21* | *24,696* | *2* | ***0,000**** |
| | *Албанци* | *46* | *48,58* | | | |
| | *останати* | *18* | *47,14* | | | |
| *Пари за дневни семеј. потреби* | *Македонци* | *57* | *68,08* | *10,800* | *2* | ***0,005**** |
| | *Албанци* | *46* | *61,01* | | | |
| | *останати* | *18* | *38,56* | | | |
| *Облека* | *Македонци* | *58* | *70,68* | *11,966* | *2* | ***0,003**** |
| | *Албанци* | *45* | *56,26* | | | |
| | *останати* | *18* | *41,67* | | | |
| *Затоплување* | *Македонци* | *57* | *71,34* | *13,192* | *2* | ***0,001**** |
| | *Албанци* | *46* | *56,11* | | | |
| | *останати* | *18* | *40,75* | | | |
| *Водовод* | *Македонци* | *58* | *73,28* | *18,960* | *2* | ***0,000**** |
| | *Албанци* | *46* | *56,49* | | | |
| | *останати* | *18* | *36,33* | | | |
| *Пари за сметки* | *Македонци* | *58* | *71,86* | *12,985* | *2* | ***0,002**** |
| | *Албанци* | *46* | *56,46* | | | |
| | *останати* | *18* | *41,00* | | | |

Добиениот резултат нудимаксимално силна аргументација за прифаќање на истражувачката Хипотеза 6а. Со други зборови, со висок степен на сигурност може да

се потврди дека*родителите од различна етничка припадност различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите базични дневни потреби.*

Наредниот Приказ бр. 6б и соодветната Табела бр. 6б се однесуваат на вториот од петте сегменти на ССР: *задоволеноста на сместувачките и инфраструктурните потреби.* Приказот бр. 6б покажува дека се повторува состојбата посочена со претходниот сегмент од ССР (задоволеност на базичните дневни потреби), во смисла што етничките Македонци конзистентно највисоко ги вреднуваат петте индикатори на задоволеноста на сместувачките и инфраструктурните потреби, во споредба со етничките Албанци и со испитаниците од категоријата „останати“ (Роми, Бошњаци, Срби итн.). Албанците повторно повисоко ги вреднуваат сите индикатори во споредба со „останатите“. Статистичката проверка со Крускал-Волис тест од Табела бр. 6б индицира дека статистички значајна разлика се јавува кај сите пет индикатори, односно кај располагањето со *куќа или стан*($H=6{,}554$, $df=2$, $p<0{,}05$), со*задоволително работно место, за себе и патнерот*($H=10{,}615$, $df=2$, $p<0{,}01$), со *лично возило*($H=19{,}092$, $df=2$, $p<0{,}01$), со *мебел*($H=10{,}992$, $df=2$, $p<0{,}01$), и со *телефон* ($H=13{,}009$, $df=2$, $p<0{,}01$).

**Приказ бр. 6б**

*Етничката припадност на родителите и ССР(сместувачки и инфраструктурни потреби): просечни проценки*



**Табела бр. 6б**

*Етничката припадност на родителите и задоволеноста на сместувачките и инфраструктурните потреби (Крускал-Волис тест)*

| | | *N* | *главен ранг* | *Kruskal-Wallis H* | *df* | *Sig.* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Сопствена куќа или стан* | *Македонци* | 58 | 66,32 | 6,554 | 2 | ***0,038**** |
| | *Албанци* | 46 | 62,20 | | | |
| | *останати* | 18 | 44,19 | | | |
| *Добро раб. место (лично и партнер)* | *Македонци* | 58 | 69,47 | 10,615 | 2 | ***0,005***** |
| | *Албанци* | 46 | 59,96 | | | |
| | *останати* | 18 | 39,78 | | | |
| *Лично возило* | *Македонци* | 57 | 71,21 | 19,092 | 2 | ***0,000***** |
| | *Албанци* | 46 | 59,93 | | | |
| | *останати* | 18 | 31,39 | | | |
| *Мебел* | *Македонци* | 56 | 70,71 | 10,992 | 2 | ***0,004***** |
| | *Албанци* | 46 | 54,26 | | | |
| | *останати* | 18 | 44,69 | | | |
| *Телефон* | *Македонци* | 58 | 70,91 | 13,009 | 2 | ***0,001***** |
| | *Албанци* | 45 | 56,58 | | | |
| | *останати* | 18 | 40,11 | | | |

Како и во претходниот случај, добиениот резултат нудимаксимално силна аргументација за прифаќање на истражувачката Хипотеза 6б. Со други зборови, со голема сигурност може да се потврди дека*родителите од различна етничка припадност различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите сместувачки и инфраструктурни потреби.*

Следат пресметките што се однесуваат на третиот од петте сегменти на ССР: *задоволеноста на потребите од областа на социјалната и општествената заштита.* Приказот бр. 6в покажува дека и натаму стабилно продолжува тенденцијата родителите етнички Македонци конзистентно највисоко да ги вреднуваат сите (овде: шест вкупно) индикатори на задоволеноста на потребите од областа на социјалната и општествената заштита, во споредба како со етничките Албанци така и со испитаниците од категоријата „останати“ (Роми, Бошњаци, Срби итн.). Албанците и овде, без исклучок, повисоко ги вреднуваат сите индикатори во споредба со „останатите“. Статистичката проверка со Крускал-Волис тест (Табела бр. 6в)покажува дека статистички значајна разлика се јавува кај четири од вкупношесте тестирани индикатори, односно кај задоволеноста со степенот на*медицинската заштита*(H=14,699, df=2, p<0,01), со*згрижувањето на децата во детска градинка*(H=24,263, df=2, p<0,01), со *пари за посебни детски*

*потреби*(H=8,006, df=2, p<0,05),и со *стоматолошка заштита*(H=29,189, df=2, p<0,01). Разликите по етничка линија кај преостананите два индикатори (задоволеноста со степенот на социјална заштита и со помошта при чувањето на децата) се на самата граница на статистичка значајност, но сепак за нијанса недоволно изразени за формално толкување како статистички значајни.

**Приказ бр. 6в**

*Етничката припадност на родителите и ССР (потреби од областа на социјалната и оппттествената заштита): просечни проценки*




**Табела бр. 6в**

*Етничката припадност на родителите и задоволеноста на потребите од областа на социјалната и општествената заштита (Крускал-Волис тест)*

| | | *N* | *главен ранг* | *Kruskal-Wallis H* | *df* | *Sig.* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Медицинска заштита* | *Македонци* | *58* | *71,83* | *14,699* | *2* | ***0,001**** |
| | *Албанци* | *46* | *55,87* | | | |
| | *останати* | *17* | *37,94* | | | |
| *Социјалназаштита* | *Македонци* | *57* | *64,46* | *5,418* | *2* | *0,067* |
| | *Албанци* | *46* | *63,49* | | | |
| | *останати* | *18* | *43,67* | | | |
| *Чување на децата* | *Македонци* | *57* | *68,67* | *5,897* | *2* | *0,052* |
| | *Албанци* | *46* | *56,11* | | | |
| | *останати* | *18* | *49,22* | | | |
| *Детска градинка* | *Македонци* | *58* | *77,23* | *24,263* | *2* | ***0,000**** |
| | *Албанци* | *46* | *49,96* | | | |
| | *останати* | *18* | *40,31* | | | |
| *Пари за посебни детски потреби* | *Македонци* | *58* | *67,98* | *8,006* | *2* | ***0,018**** |
| | *Албанци* | *44* | *57,86* | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *останати* | *18* | *42,83* | | | |
| *Стоматолошка заштита* | *Македонци* | *58* | *74,29* | *29,189* | *2* | ***0,000**** |
| | *Албанци* | *44* | *54,34* | | | |
| | *останати* | *17* | *25,88* | | | |

Според тоа, има сосема доволно аргументи за прифаќање на истражувачката Хипотеза 6в. Со други зборови, *родителите од различна етничка припадност различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на најголемиот дел свои потреби од доменот на социјалната и општествена заштита.*

Наредната пресметка од овој блок се однесува на четвртиот од вкупно петте сегменти на ССР: *задоволеноста на личните и социјалните потреби.* Посочениот тренд од овој блок анализи е и натаму доминантен, односно етничките Македонцинајчестонајвисоко ги вреднуваат понудените индикатори на задоволеноста на личните и социјалните потреби, со исклучок на задоволеноста на потребата од доволно спиење и доволно време за себе, кај кои највисоки проценки даваат нивните сограѓани Албанци (Приказ бр. 6г). Статистичката пресметка од Табелата бр. 6г покажува дека се евидентирани пет статистички значајни разлики. Се работи за проценката на задоволеноста со доволно *време за семејството*(H=8,373, df=2, p<0,05), доволно *време за децата* (H=7,187, df=2, p<0,05), имањето на *собеседник за разговор* (H=14,520, df=2, p<0,01), доволно *време за незадолжително дружење*(H=6,951, df=2, p<0,05), и доволно *време за рекреација и лична нега*(H=12,863, df=2, p<0,01). Не се евидентирани статистички значајни разлики кај преостанатите три индикатори на располагањето со социјални ресурси, поточнорасполагањето на доволно времеза спиење, за себе, и за партнерот и пријателите.

**Приказ бр. 6г**

*Етничката припадност на родителите и ССР(лични и социјални потреби): просечни проценки*




**Табела бр. 6г**

*Етничката припадност на родителите и задоволеноста на личните и социјалните потреби (Крускал-Волис тест)*

| | | N | главен ранг | Kruskal-Wallis H | df | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Време за спиење* | *Македонци* | *57* | *60,27* | *0,751* | *2* | *0,687* |
| | *Албанци* | *46* | *63,87* | | | |
| | *останати* | *18* | *55,97* | | | |
| *Време за себе* | *Македонци* | *56* | *56,65* | *3,830* | *2* | *0,147* |
| | *Албанци* | *45* | *67,46* | | | |
| | *останати* | *18* | *51,78* | | | |
| *Време за семејството* | *Македонци* | *58* | *67,98* | *8,373* | *2* | ***0,015**** |
| | *Албанци* | *46* | *61,18* | | | |
| | *останати* | *18* | *41,42* | | | |
| *Време за децата* | *Македонци* | *58* | *68,35* | *7,187* | *2* | ***0,028**** |
| | *Албанци* | *45* | *57,83* | | | |
| | *останати* | *18* | *45,22* | | | |
| *Партнер и пријатели* | *Македонци* | *58* | *67,13* | *3,496* | *2* | *0,174* |
| | *Албанци* | *46* | *58,28* | | | |
| | *останати* | *18* | *51,58* | | | |
| *Собеседник за разговор* | *Македонци* | *57* | *68,83* | *14,520* | *2* | ***0,001***** |
| | *Албанци* | *44* | *59,10* | | | |
| | *останати* | *18* | *34,22* | | | |
| *Време за дружење* | *Македонци* | *57* | *68,05* | *6,951* | *2* | ***0,031**** |
| | *Албанци* | *45* | *57,07* | | | |
| | *останати* | *18* | *45,17* | | | |
| | *Македонци* | *58* | *70,82* | *12,863* | *2* | ***0,002***** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Време за рекреација* | *Албанци* | *44* | *55,11* | | | |
| | *останати* | *18* | *40,42* | | | |

Добиениот резултат дава прилично убедливи аргументи за прифаќање на истражувачката Хипотеза 6г. Според тоа, може да се потврди дека *родителите од различна етничка припадност различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на добар дел од своите лични и социјални потреби.*

Последната пресметка од овој блок се однесува на петтиот од вкупно петте сегменти на ССР: *задоволеноста на потребите од одмор, забава и задоволства.* Приказот бр. 6д покажува дека мошне доследносе повторува состојбата одцелиот овој блок на анализи,а тоа е дека етничките Македонци конзистентно највисоко ги вреднуваат петте индикатори на задоволеноста на потребите од одмор, забава и задоволства, во споредба со етничките Албанци и со испитаниците од категоријата „останати“ (Роми, Бошњаци, Срби итн.). Албанците повторно забележително повисоко ги вреднуваат сите индикатори во споредба со „останатите“, но забележително пониско од Македонците. Статистичката проверка со Крускал-Волис тест од Табела бр. 6дја потврдува сликата од графичкиот приказ, откривајќи статистички значајна разлики кај сите пет индикатори, односно кај располагањето содоволно пари *задетски играчки*(H=17,229, df=2, p<0,01),*заличн дневни потреби*(H=19,148, df=2, p<0,01),*за семејни забави*(H=10,721, df=2, p<0,01),*за поблиски прошетки*(H=15,483, df=2, p<0,01), и со *годишен одмор*(H=24,041, df=2, p<0,01).

**Приказ бр. 6д**

*Етничката припадност на родителите и ССР(потреби од одмор, забава и задоволства): просечни проценки*



**Табела бр. 6д**

*Етничката припадност на родителите и задоволеноста на потребите од одмор, забава и задоволства (Трускал-Волис тест)*

| | | N | главен ранг | Kruskal-Wallis H | df | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пари за детски играчки | Македонци | 58 | 71.66 | 17,229 | 2 | **0,000**** |
| | Албанци | 45 | 55,91 | | | |
| | останати | 17 | 34,56 | | | |
| Пари за лични дневни потреби | Македонци | 58 | 71,89 | 19,148 | 2 | **0,000**** |
| | Албанци | 45 | 58,53 | | | |
| | останати | 18 | 32,08 | | | |
| Пари за семејни забави | Македонци | 58 | 70,40 | 10,721 | 2 | **0,005**** |
| | Албанци | 45 | 56,53 | | | |
| | останати | 18 | 41,89 | | | |
| Пари за поблиски прошетки | Македонци | 58 | 69,81 | 15,483 | 2 | **0,000**** |
| | Албанци | 45 | 60,70 | | | |
| | останати | 18 | 33,36 | | | |
| Пари за годишен одмор | Македонци | 58 | 72,65 | 24,041 | 2 | **0,000**** |
| | Албанци | 45 | 59,39 | | | |
| | останати | 18 | 27,50 | | | |

Ваквиот резултат нудимаксимално силна аргументација за прифаќање на истражувачката Хипотеза 6д. Со други зборови, со голема сигурност можеме да потврдиме дека *родителите од различна етничка припадност различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите потреби од одмор, забава и задоволства.*

Врз основа на исклучително високиот степен на верификација на помошните хипотези, очигледно е дека постојат мошне силни аргументи за *целосно прифаќање* на главната истражувачка Хипотеза 6. Тоа значи дека *родителите од различна етничка припадност различно го перцепираат и вреднуваат степенот на доволност на социјалните ресурси со кои располагаат.*

### 2.2.3. *Статистичка анализа: резултатите од ССР и социо-економскатаположба на родителите*

Статистичкото вкрстување на податоците за социо-економскатаположба на родителите (показател: вработеност на двајцата партнери) со резултатите од сите пет

сегменти на ССР и во овој дел од анализите ќе биде реализирано со употреба на непараметрискиот Крускал-Волис тест (Kruskal-Wallis Test). *Се работи за подрачјето од резултатите покриено со истражувачката Хипотеза 7.*

Во Приказот бр. 7а и Табелата бр. 7а што следат, прикажани се пресметките што се однесуваат на прваиот од петте сегменти на ССР: *задоволеноста на базичните дневни потреби.*Приказот бр. 7а покажува дека, според очекувањата,семејствата со двајца вработени конзистентно повисоко ги вреднуваат сите шест индикатори на задоволеноста на базичните дневни потреби, во споредба со оние со еден вработен и со двајца невработени. Семејствата со еден вработен, пак, повисоко вреднуваат во споредба со оние со двајца невработени. Статистичката проверка преку пресметка со Крускал-Волис тест (Табела бр. 7а) ги потврдува овие разлики како статистички значајни кај сите шест индикатори, односно кај задоволеноста со *храна* (H=24,861, df=2, p<0,01), со*пари за дневни семејни потреби* (H=18,623, df=2, p<0,01), со *облека* (H=25,363, df=2, p<0,01), со *затоплување* (H=19,667, df=2, p<0,01), со *редовно снабдување со свежа вода* (H=8,589, df=2, p<0,05), и со *пари за месечните сметки* (H=19,130, df=2, p<0,01).

**Приказ бр. 7а**

*Социо-економскатаположба на семејството и ССР(базични дневни потреби): просечни проценки*



**Табела бр. 7а**

*Социо-економската положба на семејството и задоволеноста на базичните дневни потреби (На Крускал-Волис тест)*

| | | N | главен ранг | Kruskal-Wallis H | df | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Храна за барем 2 оброка на ден | Двајца вработени | 57 | 73,18 | 24,861 | 2 | **0,000*** |
| | Еден вработен | 45 | 59,31 | | | |
| | Двајца невработени | 20 | 33,13 | | | |
| Пари за дневни семеј. потреби | Двајца вработени | 57 | 71,63 | 18,623 | 2 | **0,000*** |
| | Еден вработен | 45 | 58,97 | | | |
| | Двајца невработени | 19 | 33,92 | | | |
| Облека | Двајца вработени | 56 | 74,88 | 25,363 | 2 | **0,000*** |
| | Еден вработен | 45 | 56,38 | | | |
| | Двајца невработени | 20 | 32,55 | | | |
| Затоплување | Двајца вработени | 57 | 72,68 | 19,667 | 2 | **0,000*** |
| | Еден вработен | 45 | 57,40 | | | |
| | Двајца невработени | 19 | 34,47 | | | |
| Водовод | Двајца вработени | 57 | 70,68 | 8,589 | 2 | **0,014*** |
| | Еден вработен | 45 | 54,96 | | | |
| | Двајца невработени | 20 | 50,08 | | | |
| Пари за сметки | Двајца вработени | 57 | 73,96 | 19,130 | 2 | **0,000*** |
| | Еден вработен | 45 | 56,68 | | | |
| | Двајца невработени | 20 | 36,85 | | | |

Добиениот резултат дава максимална аргументација за прифаќање на истражувачката Хипотеза 7а. Според тоа, постои цврст доказ дека*родителите со различна социо-економска положба различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите базични дневни потреби.*

Во наредниот Приказ бр. 7б и соодветната Табела бр. 7б прикажани се пресметките што се однесуваат на вториот од петте сегменти на ССР: *задоволеноста на сместувачките и инфраструктурните потреби.* Приказот бр. 7б покажува дека семејствата со двајца вработени конзистентно повисоко ги вреднуваат сите пет индикатори на задоволеноста на сместувачките и инфраструктурните потреби, во споредба со оние со еден вработен и со двајца невработени. Семејствата со еден вработен повторно повисоко вреднуваат во споредба со оние со двајца невработени. Статистичката проверка преку пресметка со Крускал-Волис тест (Табела бр. 7б) покажува дека овие разлики се статистички значајни кај сите пет индикатори. Во прашање е располагањето со *стан или куќа* (H=8,178, df=2, p<0,05), со*задоволително*

*работно место, за себе и патнерот* (H=25,283, df=2, p<0,01), со *лично возило* (H=23,997, df=2, p<0,01), со *мебел* (H=13,125, df=2, p<0,01), и со *телефон* (H=7,937, df=2, p<0,05).

**Приказ бр. 7б**

*Социо-економскатаположба на семејството и ССР (сместувачки и инфраструктурни потреби): просечни проценки*




**Табела бр. 7б**

*Социо-економскатаположба на семејството и задоволеноста на сместувачките и инфраструктурните потреби (Крускал-Волис тест)*

| | | *N* | *главен ранг* | *Kruskal-Wallis H* | *df* | *Sig.* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Сопствена куќа или стан* | *Двајца вработени* | *57* | *67,72* | *8,178* | *2* | ***0,017**** |
| | *Еден вработен* | *45* | *61,47* | | | |
| | *Двајца невработени* | *20* | *43,85* | | | |
| *Добро раб. место (лично и партнер)* | *Двајца вработени* | *57* | *74,61* | *25,283* | *2* | ***0,000***** |
| | *Еден вработен* | *45* | *58,63* | | | |
| | *Двајца невработени* | *20* | *30,60* | | | |
| *Лично возило* | *Двајца вработени* | *56* | *76,43* | *23,997* | *2* | ***0,000***** |
| | *Еден вработен* | *45* | *51,89* | | | |
| | *Двајца невработени* | *20* | *38,30* | | | |
| *Мебел* | *Двајца вработени* | *56* | *71,07* | *13,125* | *2* | ***0,001***** |
| | *Еден вработен* | *45* | *55,50* | | | |
| | *Двајца невработени* | *19* | *41,18* | | | |
| *Телефон* | *Двајца вработени* | *57* | *67,28* | *7,937* | *2* | ***0,019**** |
| | *Еден вработен* | *45* | *60,89* | | | |
| | *Двајца невработени* | *19* | *42,42* | | | |

И во овој случај, добиениот резултат нудимаксимално силна аргументација за прифаќање на истражувачката Хипотеза 7б. Со други зборови, со голема сигурност може

да се потврди дека *родителите со различна социо-економска положба различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите сместувачки и инфраструктурни потреби.*

Следат пресметките што се однесуваат на третиот (од вкупно пет) сегмент на ССР:*задоволеноста на потребите од областа на социјалната и оппштествената заштита*. Приказот бр. 7в ја потврдува тенденцијата родителите од семејствата со двајца вработенистабилнонајвисоко да ги вреднуваат сите (овде: шест вкупно) индикатори на задоволеноста на потребите од областа на социјалната и општествената заштита, во споредба како со семејствата со еден вработен, така и со испитаниците од семејствата со двајца невработени. Испитаниците од семејствата со еден вработен и овде, без исклучок, повисоко ги вреднуваат сите индикатори во споредба со оние со двајца невработени. Статистичката проверка со Крускал-Волис тест (Табела бр. 7в) покажува дека статистички значајна разлика се јавува кај четири од вкупно шесте тестирани индикатори, односно кај задоволеноста со *медицинската заштита* (H=22,434, df=2, p<0,01), со*помошта при чувањето на децата*(H=16,950, df=2, p<0,01), со *згрижувањето на децата во детска градинка* (H=21,955, df=2, p<0,01), и со *стоматолошка заштита* (H=22,563, df=2, p<0,01). Разликите кај преостанатите два индикатори (степенот на располагање со социјална заштита исо пари за посебни детски потреби) се недоволно изразени за статистичка значајност.

**Приказ бр. 7в**

*Социо-економскатаположба на семејството и ССР (потреби од областа на социјалната и општествената заштита): просечни проценки*



**Табела бр. 7в**

*Социо-економскатаположба на семејството и задоволеноста на потребите од областа на социјалната и опиштествената заштита (Рускал-Волис тест)*

| | | N | главен ранг | Kruskal-Wallis H | df | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Медицинска заштита | Двајца вработени | 56 | 74,55 | 22,434 | 2 | **0,000**** |
| | Еден вработен | 45 | 56,18 | | | |
| | Двајца невработени | 20 | 33,90 | | | |
| Социјална заштита | Двајца вработени | 57 | 64,86 | 4,043 | 2 | 0,132 |
| | Еден вработен | 44 | 62,30 | | | |
| | Двајца невработени | 20 | 47,15 | | | |
| Чување на децата | Двајца вработени | 56 | 71,99 | 16,950 | 2 | **0,000**** |
| | Еден вработен | 45 | 58,63 | | | |
| | Двајца невработени | 20 | 35,55 | | | |
| Детска градинка | Двајца вработени | 57 | 76,39 | 21,955 | 2 | **0,000**** |
| | Еден вработен | 45 | 52,28 | | | |
| | Двајца невработени | 20 | 39,83 | | | |
| Пари за посебни детски потреби | Двајца вработени | 57 | 66,11 | 5,685 | 2 | 0,058 |
| | Еден вработен | 43 | 60,20 | | | |
| | Двајца невработени | 20 | 45,15 | | | |
| Стоматолошка заштита | Двајца вработени | 56 | 73,13 | 22,563 | 2 | **0,000**** |
| | Еден вработен | 44 | 55,40 | | | |
| | Двајца невработени | 19 | 31,95 | | | |

Согласно кажаното, има сосема доволно аргументи за прифаќање на истражувачката Хипотеза 7в. Со други зборови, *родителите со различна социо-економска положба различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите потреби од доменот на социјалната и опиштествена заштита.*

Следи анализана релацијата на социо-економската положба со четвртиот од вкупно петте сегменти на ССР: *задоволеноста на личните и социјалните потреби.* Податоците од Приказот бр. 7г покажуваатдека трендот од овој блок анализи е и натаму доминантен, односно испитаниците од семејствата со двајца вработени родителинајчестонајвисоко ги вреднуваат понудените индикатори на задоволеноста на личните и социјалните потреби. Исклучок се задоволеноста на потребите од доволно спиење и доволно време за себе, кај кои највисоки проценки даваат испитаниците од

семејствата со еден вработен родител. Статистичката пресметка од Табелата бр. 7г покажува дека се евидентирани вкупно седум статистички значајни разлики. Се работи за проценката на задоволеноста со доволно *време за себе*(H=15,605, df=2, p<0,01), доволно *време за семејството*(H=10,858, df=2, p<0,01), доволно *време за децата* (H=6,177, df=2, p<0,05), доволно *време за партнерот и пријателите* (H=7,224, df=2, p<0,05),имањето на *собеседник за разговор* (H=12,498, df=2, p<0,01), доволно *време за незадолжително дружење*(H=6,768, df=2, p<0,05), и доволно *време за рекреација и лична нега*(H=19,840, df=2, p<0,01). Не се евидентирани статистички значајни разлики кај располагањето со доволно време за спиење.

**Приказ бр. 7г**

*Социо-економската положба на семејството и ССР (лични и социјални потреби): просечни проценки*




**Табела бр. 7г**

*Социо-економскатаположбана семејството и задоволеноста на личните и социјалните потреби (Крускал-Волис тест)*

| | | *N* | *главен ранг* | *Kruskal-Wallis H* | *df* | *Sig.* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Време за спиење* | *Двајца вработени* | *56* | *57,81* | *5,143* | *2* | *0,076* |
| | *Еден вработен* | *45* | *69,51* | | | |
| | *Двајца невработени* | *20* | *50,78* | | | |
| *Време за себе* | *Двајца вработени* | *55* | *56,42* | *15,605* | *2* | ***0,000**** |
| | *Еден вработен* | *45* | *73,48* | | | |
| | *Двајца невработени* | *19* | *38,45* | | | |
| *Време за семејството* | *Двајца вработени* | *57* | *67,67* | *10,858* | *2* | ***0,004**** |
| | *Еден вработен* | *45* | *63,72* | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Двајца невработени* | *20* | *38,93* | | | |
| *Време за децата* | *Двајца вработени* | *57* | *65,72* | *6,177* | *2* | ***0,046**** |
| | *Еден вработен* | *45* | *62,27* | | | |
| | *Двајца невработени* | *19* | *43,84* | | | |
| *Партнер и пријатели* | *Двајца вработени* | *57* | *65,67* | *7,224* | *2* | ***0,027**** |
| | *Еден вработен* | *45* | *64,56* | | | |
| | *Двајца невработени* | *20* | *42,75* | | | |
| *Собеседник за разговор* | *Двајца вработени* | *56* | *71,33* | *12,498* | *2* | ***0,002***** |
| | *Еден вработен* | *43* | *51,99* | | | |
| | *Двајца невработени* | *20* | *45,50* | | | |
| *Време за дружење* | *Двајца вработени* | *56* | *68,33* | *6,768* | *2* | ***0,034**** |
| | *Еден вработен* | *44* | *56,76* | | | |
| | *Двајца невработени* | *20* | *46,80* | | | |
| *Време за рекреација* | *Двајца вработени* | *57* | *71,58* | *19,840* | *2* | ***0,000***** |
| | *Еден вработен* | *44* | *58,49* | | | |
| | *Двајца невработени* | *19* | *31,92* | | | |

Добиениот резултат давамаксимално силна аргументација за прифаќање на истражувачката Хипотеза 7г. Со други зборови, со голема сигурност може да се потврди дека *родителите со различна социо-економска положба различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите лични и социјални потреби.*

Во последната пресметка од овој блок анализи, прикажани се пресметките што се однесуваат на последниот од петте сегменти на ССР: *задоволеноста на потребите од одмор, забава и задоволства.* Приказот бр. 7д покажува дека семејствата со двајца вработени конзистентно повисоко ги вреднуваат сите пет индикатори на задоволеноста напотребите од одмор, забава и задоволства, во споредба со оние со еден вработен и со двајца невработени. Семејствата со еден вработен повторно повисоко вреднуваат во споредба со оние со двајца невработени. Статистичката проверка преку пресметка со Крускал-Волис тест (Табела бр. 7д) покажува дека овие разлики се статистички значајни кај сите пет индикатори. Такви се располагањето со доволно*пари за детски играчки*(H=22,432, df=2, p<0,01),*пари за лични дневни потреби*(H=17,821, df=2, p<0,01),*пари за семејни забави*(H=19,108, df=2, p<0,01),*пари за поблиски прошетки*(H=19,534, df=2, p<0,01), и *пари за годишен одмор*(H=28,309, df=2, p<0,01).

**Приказ бр. 7д**

*Социо-економската положба на семејството и ССР (потреби од одмор, забава и задоволства): просечни проценки*




**Табела бр. 7д**

*Социо-економската положба на семејството и задоволеноста на потребите од одмор, забава и задоволства (Крускал-Волис тест)*

| | | *N* | *главен ранг* | *Kruskal-Wallis H* | *df* | *Sig.* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Пари за детски играчки* | *Двајца вработени* | *57* | *74,50* | *22,432* | *2* | ***0,000**** |
| | *Еден вработен* | *43* | *53,44* | | | |
| | *Двајца невработени* | *20* | *35,78* | | | |
| *Пари за лични дневни потреби* | *Двајца вработени* | *57* | *73,29* | *17,821* | *2* | ***0,000**** |
| | *Еден вработен* | *44* | *55,64* | | | |
| | *Двајца невработени* | *20* | *37,78* | | | |
| *Пари за семејни забави* | *Двајца вработени* | *57* | *71,96* | *19,108* | *2* | ***0,000**** |
| | *Еден вработен* | *44* | *59,44* | | | |
| | *Двајца невработени* | *20* | *33,18* | | | |
| *Пари за поблиски прошетки* | *Двајца вработени* | *57* | *73,54* | *19,534* | *2* | ***0,000**** |
| | *Еден вработен* | *44* | *56,40* | | | |
| | *Двајца невработени* | *20* | *35,38* | | | |
| *Пари за годишен одмор* | *Двајца вработени* | *57* | *76,89* | *28,309* | *2* | ***0,000**** |
| | *Еден вработен* | *44* | *53,38* | | | |
| | *Двајца невработени* | *20* | *32,50* | | | |

Презентираните резултатинудатмаксимално силна аргументација за прифаќање на истражувачката Хипотеза 7д. Со други зборови, со голема сигурност може да се потврди дека *родителите со различна социо-економска положба различно го*

*перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите потреби од одмор, забава и задоволства.*

Во целина, очигледно е дека постојат многу силни аргументи за *целосно прифаќање* на главната истражувачката Хипотеза 7. Тоа значи дека *родителите со различна социо-економска положба различно го перцепираат и вреднуваат степенот на доволност на социјалните ресурси со кои располагаат.*

### 2.2.4. *Статистичка анализа: резултатите од ССР и образовниот статус на родителите*

За крај останува статистичкото вкрстување на податоците за образовниот статус на родителите со резултатите од сите пет сегменти на ССР, коештоповторно ќе биде реализирано со употреба на непараметрискиот Крускал-Волис тест (Kruskal-Wallis Test). *Се работи за подрачјето од резултатите покриено со истражувачката Хипотеза 8.*

Во наредните Приказ бр. 8а и Табела бр. 8а, прикажани се пресметките што се однесуваат на првиот од петте сегменти на ССР: *задоволеноста на базичните дневни потреби.*Приказот бр. 8а покажува дека степенот на задоволеност на базичните дневни потреби расте пропорционално со степенот на образование на испитаниците, што значи дека испитаниците без образование конзистентно вреднуваат најниско, а испитаниците со више/високо образованиенајвисоко. Статистичката проверка од Табелата бр. 8а покажува дека статистичка значајност е евидентирана кај сите шест наведени индикатори. Тоа се: задоволеноста со *храна* (H=16,185, df=1, p<0,01), со*пари за дневни семејни потреби* (H=20,239, df=3, p<0,01), со *облека* (H=29,994, df=3, p<0,01), со *затоплување* (H=23,462, df=3, p<0,01), со *редовно снабдување со свежа вода* (H=30,952, df=3, p<0,01), и со *пари за месечните сметки* (H=25,782, df=3, p<0,01).

**Приказ бр. 8а**

*Образовниот статус на родителот и ССР(базични дневни потреби): просечни проценки*




**Табела бр. 8а**

*Образовниот статус на родителот и задоволеноста на базичните дневни потреби (Крускал-Волис тест)*

| | | N | главен ранг | Kruskal-Wallis H | df | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Храна за барем 2 оброка на ден* | *Без образование* | *5* | *46,30* | *16,185* | *3* | ***0,001**** |
| | *Основно образование* | *34* | *44,76* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *69,34* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *69,21* | | | |
| *Пари за дневни семеј. потреби* | *Без образование* | *5* | *28,40* | *20,239* | *3* | ***0,000**** |
| | *Основно образование* | *34* | *50,04* | | | |
| | *Средно образование* | *39* | *56,26* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *77,76* | | | |
| *Облека* | *Без образование* | *5* | *29,10* | *29,994* | *3* | ***0,000**** |
| | *Основно образование* | *34* | *43,84* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *58,09* | | | |
| | *Више/високо образование* | *42* | *81,46* | | | |
| *Затоплување* | *Без образование* | *5* | *28,80* | *23,462* | *3* | ***0,000**** |
| | *Основно образование* | *34* | *45,22* | | | |
| | *Средно образование* | *39* | *60,27* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *77,88* | | | |
| *Водовод* | *Без образование* | *5* | *9,00* | *30,952* | *3* | ***0,000**** |
| | *Основно образование* | *34* | *43,85* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *69,88* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *73,77* | | | |
| *Пари за сметки* | *Без образование* | *5* | *34,30* | *25,782* | *3* | ***0,000**** |
| | *Основно образование* | *34* | *42,24* | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Средно образование* | *40* | *62,33* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *79,13* | | | |

Добиениот резултат дава максимално цврста аргументација за прифаќање на истражувачката Хипотеза 8а. Според тоа, *родителите со различен степен на образование различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите базични дневни потреби.*

Во наредниот Приказ бр. 8б и соодветната Табела бр. 8б прикажани се пресметките што се однесуваат на вториот од петте сегменти на ССР: *задоволеноста на сместувачките и инфраструктурните потреби.*Приказот бр. 8б открива слика буквално идентична на претходната анализа, т.е. пропорционален пораст на дадените проценки со зголемувањето на нивото на образование, со најниско вреднување на сите понудени индикатори од страна на испитаните родители без образование, и највисоко вреднување од страна на оние со више/високо образование. Статистичката проверка со Крускал-Волис непараметрискиот тест го потврдува овој впечаток, покажувајќи дека кај сите пет индикатори се најдени статистички значајни релации (Табела бр. 8б). Се работи за располагањето со *стан или куќа* (H=14,984, df=3, p<0,01), со*задоволително работно место, за себе и патнерот* (H=27,246, df=3, p<0,01), со *лично возило* (H=39,280, df=3, p<0,01), со *мебел* (H=26,514, df=3, p<0,01), и со *телефон* (H=26,733, df=3, p<0,01).

**Приказ бр. 8б**

*Образовниот статус на родителот и ССР (сместувачки и инфраструктурни потреби): просечни проценки*



**Табела бр. 8б**

*Образовниот статус на родителот и задоволеноста на сместувачките и инфраструктурните потреби (Крускал-Волис тест)*

| | | N | главен ранг | Kruskal-Wallis H | df | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Сопствена куќа или стан* | *Без образование* | 5 | 22,90 | 14,984 | 3 | ***0,002*** |
| | *Основно образование* | 34 | 50,49 | | | |
| | *Средно образование* | 40 | 68,30 | | | |
| | *Више/високо образование* | 43 | 68,37 | | | |
| *Добро раб. место (лично и партнер)* | *Без образование* | 5 | 25,70 | 27,246 | 3 | ***0,000*** |
| | *Основно образование* | 34 | 45,81 | | | |
| | *Средно образование* | 40 | 58,35 | | | |
| | *Више/високо образование* | 43 | 81,00 | | | |
| *Лично возило* | *Без образование* | 5 | 13,00 | 39,280 | 3 | ***0,000*** |
| | *Основно образование* | 34 | 39,50 | | | |
| | *Средно образование* | 40 | 64,03 | | | |
| | *Више/високо образование* | 42 | 81,24 | | | |
| *Мебел* | *Без образование* | 5 | 17,40 | 26,514 | 3 | ***0,000*** |
| | *Основно образование* | 34 | 46,09 | | | |
| | *Средно образование* | 39 | 59,74 | | | |
| | *Више/високо образование* | 42 | 78,00 | | | |
| *Телефон* | *Без образование* | 5 | 15,60 | 26,733 | 3 | ***0,000*** |
| | *Основно образование* | 33 | 43,64 | | | |
| | *Средно образование* | 40 | 65,95 | | | |
| | *Више/високо образование* | 43 | 75,00 | | | |

Според тоа, постои мошне цврста аргументација за прифаќање и на истражувачката Хипотеза 8б.Тоа значи дека*родителите со различен степен на образование различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите сместувачки и инфраструктурни потреби.*

На ред се пресметките што се однесуваат на третиот од петте сегменти на ССР: *задоволеноста на потребите од областа на социјалната и општествената заштита.*Приказот бр. 8в покажува дека и натаму е видлива истата тенденција т.е. склоноста на испитаниците без образование кон најниско вреднување на дадените индикатори, како и обратната склоност т.е. највисоко вреднување на истите индикатори од страна на испитаниците со више/високо образование.Статистичката проверка со Крускал-Волис тест (Табела бр. 8в) покажува дека статистички значајна разлика се јавува кај пет од вкупно шест тестирани индикатори, односно кај задоволеноста со *медицинската заштита* (H=22,831, df=3, p<0,01), со *помошта при чувањето на*

*децата*(H=8,227, df=3, p<0,05), со *згрижувањето на децата во детска градинка* (H=15,591, df=3, p<0,01), со располагањето на доволно *пари за посебните детски потреби*(H=8,181, df=3, p<0,05), и со *стоматолошка заштита* (H=30,217, df=3, p<0,01). Разликите меѓу родителите со различно образование кај еден од индикаторите (степенот на располагање со социјална заштита) се недоволно изразени за потврда на статистичка значајност.

**Приказ бр. 8в**

*Образовниот статус на родителот и ССР (потреби од областа на социјалната и оппштествената заштита): просечни проценки*




**Табела бр. 8в**

*Образовниот статус на родителот и задоволеноста на потребите од областа на социјалната и оппштествената заштита (Крускал-Волис тест)*

| | | N | главен ранг | Kruskal-Wallis H | df | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Медицинска заштита* | *Без образование* | 5 | 11,90 | 22,831 | 3 | **0,000**** |
| | *Основно образование* | 34 | 47,71 | | | |
| | *Средно образование* | 40 | 63,86 | | | |
| | *Више/високо образование* | 42 | 74,88 | | | |
| *Социјална заштита* | *Без образование* | 5 | 23,90 | 6,903 | 3 | 0,075 |
| | *Основно образование* | 34 | 58,34 | | | |
| | *Средно образование* | 39 | 65,36 | | | |
| | *Више/високо образование* | 43 | 63,47 | | | |
| *Чување на децата* | *Без образование* | 5 | 27,00 | 8,227 | 3 | **0,042*** |
| | *Основно образование* | 34 | 55,01 | | | |
| | *Средно образование* | 40 | 61,99 | | | |
| | *Више/високо образование* | 42 | 68,95 | | | |
| | *Без образование* | 5 | 20,00 | 15,591 | 3 | **0,001**** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Детска градинка* | *Основно образование* | *34* | *50,81* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *63,38* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *73,03* | | | |
| *Пари за посебни детски потреби* | *Без образование* | *5* | *28,10* | *8,181* | *3* | ***0,042**** |
| | *Основно образование* | *33* | *56,76* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *58,14* | | | |
| | *Више/високо образование* | *42* | *69,55* | | | |
| *Стоматолошка заштита* | *Без образование* | *5* | *6,50* | *30,217* | *3* | ***0,000***** |
| | *Основно образование* | *32* | *43,56* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *62,91* | | | |
| | *Више/високо образование* | *42* | *76,12* | | | |

Статистичката анализа дава повеќе од доволно аргументи за целосно прифаќање на истражувачката Хипотеза 8в. Тоа значи дека *родителите со различен степен на образование различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите потреби од доменот на социјалната и општествена заштита.*

Наредната пресметка од овој блок се однесува на четвртиот од вкупно петте сегменти на ССР: *задоволеноста на личните и социјалните потреби.*Податоците од Приказот бр. 8гпокажуваатстабилна тенденција испитаниците без образование најниско да ги вреднуваат наведените индикатори (со исклучок на еден), додека од останатите категории, испитаниците со више/високо образование вреднуваат највисоко, но разликите кон оние со средно и основно образование не се големи. Статистичката проверка презентирана во Табела бр. 8г открива дека статистички значајни разликисе евидентирани кај шест од осум дадени индикатори.Во прашање се проценките на задоволеноста со доволно *време за семејството* (H=17,408, df=3, p<0,01), доволно *време за децата* (H=16,897, df=3, p<0,01), доволно *време за партнерот и пријателите* (H=12,423, df=3, p<0,01), имањето на *собеседник за разговор* (H=17,038, df=3, p<0,01), доволно *време за незадолжително дружење*(H=8,698, df=3, p<0,05), и доволно *време за рекреација и лична нега*(H=17,640, df=3, p<0,01). Не се евидентирани статистички значајни разлики кај два индикатори: располагањето со доволно време за спиење и доволно време за себе.

**Приказ бр. 8г**

*Образовниот статус на родителот и ССР (лични и социјални потреби): просечни проценки*




**Табела бр. 8г**

*Образовниот статус на родителот и задоволеноста на личните и социјалните потреби (Крускал-Волис тест)*

| | | N | главен ранг | Kruskal-Wallis H | df | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Време за спиење* | *Без образование* | *5* | *60,20* | *0,615* | *3* | *0,893* |
| | *Основно образование* | *34* | *58,44* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *59,90* | | | |
| | *Више/високо образование* | *42* | *64,21* | | | |
| *Време за себе* | *Без образование* | *5* | *31,00* | *5,579* | *3* | *0,134* |
| | *Основно образование* | *33* | *64,14* | | | |
| | *Средно образование* | *39* | *55,55* | | | |
| | *Више/високо образование* | *42* | *64,33* | | | |
| *Време за семејството* | *Без образование* | *5* | *12,90* | *17,408* | *3* | ***0,001**** |
| | *Основно образование* | *34* | *54,96* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *59,65* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *74,05* | | | |
| *Време за децата* | *Без образование* | *5* | *8,90* | *16,897* | *3* | ***0,001**** |
| | *Основно образование* | *33* | *54,08* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *63,41* | | | |
| | *Више/високо образование* | *42* | *70,13* | | | |
| *Партнер и пријатели* | *Без образование* | *5* | *13,90* | *12,423* | *3* | ***0,006**** |
| | *Основно образование* | *34* | *60,47* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *59,39* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *69,81* | | | |
| *Собеседник за разговор* | *Без образование* | *4* | *13,25* | *17,038* | *3* | ***0,001**** |
| | *Основно образование* | *33* | *51,12* | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Средно образование* | *39* | *57,54* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *73,40* | | | |
| *Време за дружење* | *Без образование* | *5* | *26,00* | *8,698* | *3* | ***0,034**** |
| | *Основно образование* | *33* | *57,18* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *58,01* | | | |
| | *Више/високо образование* | *42* | *69,58* | | | |
| *Време за рекреација* | *Без образование* | *5* | *11,00* | *17,640* | *3* | ***0,001***** |
| | *Основно образование* | *32* | *51,75* | | | |
| | *Средно образование* | *40* | *61,61* | | | |
| | *Више/високо образование* | *43* | *71,73* | | | |

Добиениот резултат дава мошне силни аргументи за прифаќање на истражувачката Хипотеза 8г. Според тоа, може да се потврди дека *родителите со различен степен на образование различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите лични и социјални потреби.*

Во Приказот бр. 8д и соодветната Табела бр. 8д прикажани се пресметките што се однесуваат на последниот од петте сегменти на ССР: *задоволеноста на потребите од одмор, забава и задоволства*. Приказот бр. 8дго покажува дека проценетиот степен на располагање со овој сегмент од социјалните ресурси (задоволеноста со финансии за одмор, забава и задоволства) пропорционално расте со образовниот степен на испитаните родители: испитаниците без образование вреднуваат најниско, а оние со више/високо образование се склони кон највисоко просечно вреднување на сите пет индикатори. Статистичката проверка преку пресметка со Крускал-Волис тест (Табела бр. 8д) покажува дека разликите меѓу четирите образовни категории се статистички значајни кај сите пет индикатори. Попрецизно, тука се располагањето со доволно *пари за детски играчки* (H=29,665, df=3, p<0,01),*пари за лични дневни потреби* (H=23,960, df=3, p<0,01),*пари за семејни забави* (H=16,612, df=3, p<0,01),*пари за поблиски прошетки*(H=20,834, df=3, p<0,01), и *пари за годишен одмор* (H=29,980, df=3, p<0,01).

**Приказ бр. 8д**

*Образовниот статус на родителот и ССР (потреби од одмор, забава и задоволства): просечни проценки*




**Табела бр. 8д**

*Образовниот статус на родителот и задоволеноста напотребите од одмор, забава и задоволства (Крускал-Волис тест)*

| | | N | главен ранг | Kruskal-Wallis H | df | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пари за детски играчки | Без образование | 5 | 10,00 | 29,665 | 3 | **0,000**** |
| | Основно образование | 32 | 47,86 | | | |
| | Средно образование | 40 | 56,64 | | | |
| | Више/високо образование | 43 | 79,37 | | | |
| Пари за лични дневни потреби | Без образование | 5 | 9,60 | 23,960 | 3 | **0,000**** |
| | Основно образование | 33 | 49,71 | | | |
| | Средно образование | 40 | 60,08 | | | |
| | Више/високо образование | 43 | 76,50 | | | |
| Пари за семејни забави | Без образование | 5 | 18,60 | 16,612 | 3 | **0,001**** |
| | Основно образование | 33 | 54,94 | | | |
| | Средно образование | 40 | 56,26 | | | |
| | Више/високо образование | 43 | 74,99 | | | |
| Пари за поблиски прошетки | Без образование | 5 | 22,50 | 20,834 | 3 | **0,000**** |
| | Основно образование | 33 | 50,03 | | | |
| | Средно образование | 40 | 56,60 | | | |
| | Више/високо образование | 43 | 77,99 | | | |
| Пари за годишен одмор | Без образование | 5 | 18,50 | 29,980 | 3 | **0,000**** |
| | Основно образование | 33 | 44,68 | | | |
| | Средно образование | 40 | 59,04 | | | |
| | Више/високо образование | 43 | 80,29 | | | |

И во овој случај, добиениот резултат нудимаксимално силна аргументација за целосно прифаќање на истражувачката Хипотеза 8д. Со други зборови, со голема сигурност може да се потврди дека *родителите со различен степен на образование различно го перцепираат и вреднуваат степенот на задоволеност на своите потреби од одмор, забава и задоволства.*

Истражувачот цени дека постојат исклучително силни аргументи за целосно прифаќање на главната истражувачката Хипотеза 8. Со други зборови, *родителите со различен степен на образование различно го перцепираат и вреднуваат степенот на доволност на социјалните ресурси со кои располагаат.*

# I. ЗАКЛУЧОЦИ

Од добиените податоци во истражувањето може да се забележи дека најголема поддршка партнерите имаат токму од нивниот партнер, односно брачен другар. Многу често токму детето со интелектуална попреченост или аутизам и заедничката борба со секојдневните проблеми придонесува родителите на децата со пречки во развојот да имаат уште поголема близина. Исто така добар показател е дека испитаниците во просек највисоко ја вреднуваат поддршката што ја добиваат во вид на училишен целодневен престој, што е главна цел на организираниот третман на децата со интелектуална попреченост. Високо ја вреднуваат и поддршката од најтесното семејство родители на партнерот и своите родители исто така. Високо е вреднувана и поддршката од страна на верските заедница, како и поддршката од сопствените пријатели. Загрижува податокот дека најниско се вреднува поддршката од страна на колегите од работа .

→ ***Хипотеза 1:***

→ *Родителите на деца со атипичен развој (интелектуална попреченост и аутизам) различно ја перцепираат и вреднуваат социјалната поддршка што ја добиваат, во споредба со родителите на деца со типичен развој (без дијагноза).*

→ Во целина, цениме дека постојат доста аргументи за *делумно прифаќање* на главната истражувачката Хипотеза 1. Тоа значи дека *родителите на децата со атипичен развој (интелектуална попреченост и аутизам) различно перцепираат и вреднуваат добар дел од аспектите на социјалната поддршка што ја добиваат, во споредба со родителите на деца со типичен развој.*

→ ***Хипотеза 2:***

→ *Родителите од различна етничка припадност различно ја перцепираат и вреднуваат социјалната поддршка што ја добиваат.*

→ Врз основа на степенот на верификација на помошните хипотези, цениме дека постојат доста аргументи за *делумно прифаќање* на главната истражувачка Хипотеза 2. Тоа значи дека *родителите со различна етничка припадност можат различно да перцепираат и вреднуваат некои аспекти на социјалната поддршка што ја добиваат.*

→ ***Хипотеза 3:***

→ *Родителите со различна социо-економска положба различно ја перцепираат и вреднуваат социјалната поддршка што ја добиваат.*

→ Во целина, цениме дека постојат одредени аргументи за *делумно прифаќање* на главната истражувачката Хипотеза 3. Тоа значи дека *родителите со различна социо-економска положба можат различно да перцепираат и вреднуваат одредени аспекти на социјалната поддршка што ја добиваат.*

→ ***Хипотеза 4:***

→ *Родителите со различен степен на образование различно ја перцепираат и вреднуваат социјалната поддршка што ја добиваат.*

→ Цениме дека постојат доволно силни аргументи за *целосно прифаќање* на главната истражувачката Хипотеза 4. Со други зборови, *родителите со различен образовен статус различно ја перцепираат и вреднуваат социјалната поддршка што ја добиваат.*

→ Главните хипотези бр. 5-8 се однесуваат на перцепцијата и вреднувањето на прашањата од Скалата на социјални ресурси (ССР).

→ ***Хипотеза 5:***

→ *Родителите на деца со атипичен развој (интелектуална попреченост и аутизам) различно го перцепираат и вреднуваат степенот на доволност на социјалните ресурси со кои располагаат, во споредба со родителите на деца со типичен развој.*

Од досегашните парцијални анализи се гледа дека постојат исклучително силни аргументи за *целосно прифаќање* на главната истражувачката Хипотеза 5. Тоа значи дека *родителите на децата со атипичен развој (интелектуална попреченост и аутизам) различно го перцепираат и вреднуваат степенот на доволност на социјалните ресурси со кои располагаат, во споредба со родителите на деца со типичен развој.*

→ ***Хипотеза 6:***

→ *Родителите од различна етничка припадност различно го перцепираат и вреднуваат степенот на доволност на социјалните ресурси со кои располагаат.*

Врз основа на исклучително високиот степен на верификација на помошните хипотези, очигледно е дека постојат мошне силни аргументи за *целосно прифаќање* на главната истражувачка Хипотеза 6. Тоа значи дека *родителите од различна етничка припадност различно го перцепираат и вреднуваат степенот на доволност на социјалните ресурси со кои располагаат.*

→ ***Хипотеза 7:***

→ *Родителите со различна социо-економска положба различно го перцепираат и вреднуваат степенот на доволност на социјалните ресурси со кои располагаат.*

Во целина, очигледно е дека постојат многу силни аргументи за *целосно прифаќање* на главната истражувачката Хипотеза 7. Тоа значи дека *родителите со различна социо-економска положба различно го перцепираат и вреднуваат степенот на доволност на социјалните ресурси со кои располагаат*

→ ***Хипотеза 8:***

→ *Родителите со различен степен на образование различно го перцепираат и вреднуваат степенот на доволност на социјалните ресурси со кои располагаат.*

→ Цениме дека постојат исклучително силни аргументи за целосно прифаќање на главната истражувачката Хипотеза 8. Со други зборови, *родителите со различен степен на образование различно го перцепираат и вреднуваат степенот на доволност на социјалните ресурси со кои располагаат.*

## II. ПРЕПОРАКИ

Семејството како природна средина за развој и благосостојба на децата, треба да ја добиваат потребната заштита и помош за да може целосно да ја превземе одговорноста во заедницата.

- Едукација на родителите во однос на тоа кои се нивните права и обврски, кои ресурси можат да ги користат и како тие ќе влијаат во подобрување на нивното секојдневно живеење. Ова особено се однесува за скратеното работно време кое како повластица го користат минимален број на родители.
- Работа на стручниот тим со сите членови во семејството, ангажирање и на други стручни профили кои ќе помогнат во намалувањето на девијантните појави во семејствата, но и развој на стратегија за превенција од овие појави.
- Стимулирање на родителите за надминување на предрасудите и препреките од околината и повторно нивно вклучување во социјални активности, зголемување на кругот на пријатели и нивните активности насочени кој пошироката општествена средина.
- Психолошка подршка и советување (решавање на секојдневните проблеми и организирање на семејниот живот на децата со пречки во развојот, препознавање на вештини и талент кај децата, како правилно да се потикне и насочи развојот на детето со пречки во развојт).
- Подршка во здравствената заштита ( информирање на институциите и службите во заедницата кои можат да бидат од помош, советување со членовите на семејството за важноста на редовните посети на контрола, организирани предавања за здравствената заштита и сл.).
- Едукативна подршка (дополнителна подршка за учење, соработка со училиштата и предучилишните установи, купување на училишен прибор).
- Психосоцијална подршка (проширување на социјалната мрежа на семејството, поврзување на семејството со услугите кои се нудат на локално ниво, вклучување на родителите и децата за бесплатни спортски, рекреативни и културни активност, посредување со други институции кои се дел од мрежата на подршка кои ќе придонесат за подобрување на животниот квалитетот на семејствата).

- Во локалната заедница: образовниот систем, здравствените установи, установата за социјална заштита, локалната самоуправа, јавните услуги, спортските и културни организации, разни хуманитарни организации и здруженија на граѓани. Подршката кои тие ја нудат треба да биде интезивна, секое семејство да има соработник кој ќе биде секогаш достапен, присутен и заедно со семејството, децата и сите релевантни членови, континуирано и доследно треба да го подржуваат семејството во постигнување на саканите промени во животот на семејството и детето.

## Користена литература


1. Ајдински, Г.,Киткањ, З., Ајдински, Љ. (2007). Основи на дефектологијата: Специјална едукација и рехабилитација, Второ дополнително издание. Скопје: Македонска ризница – Куманово
2. 1. Чичевска-Јованова Н. Семејство на деца со пречки во развојот. (интерна скрипта). Скопје, РМ. Филозофски факултет, Институт за дефектологија; 2012.
3. Пертов, Р. (2007) Лица со инвалидност: Професионална ориентација, оспособување и вработување. Скопје: Филозофски факултет, Институт за дефектологија
4. Bratkovic D.(2002).Kvaliteta zivljenja odraslih osoba s tezom mentalnom retardacijom. Nas prijatellj, br.3/4.
5. Teodorovic, B.(1997). Kvaliteta zivlenja odarslih osoba a tezom mentalnom retardacijom.Nas prijatelj. br.3/4.
6. Brown I. Brown, N.T. (2003), Quality of Life and Disability: An approuch for Community Practitioners, London and Philadelphia: Jessica Kingsley Publishers
7. Delhey J., Bohnke p., Habich R., & Zapf W, (2002) Quality of life in a Europian Perspective: The EUROMODULE as a New Instrument for Comparative Welfare Research. Social Indicators Research, 58(1), 161-175
8. WHOQOL group,Study protocol for the World Healthy Organization project to develop a Quality of life assessment instrument, *Quality of life research*, vol 2, 2003, p.153-159
9. Felce D, Perry J. Quality of life: Its definition and measurements. *Research in Developmental Disabilities*, 16(1), p.51-74
10. Ravindranadan V, Raju S. Emotional intelligence and quality of life of parents of children with special needs. Journal of the Indian Academy of Applied Psyhology; April 2008, Vol. 34, Special Issue, 34-39.
11. Department of education nd science “Inciusion of students withspecial educational needs” Post –primary quidelines, Dublin, 2008.
12. Clarissa Willis “ Creating inclusive learning environments for young children- with to do on Monday morning”, Southeren Indiana, 2008.
13. . Г Ајдински. З Киткањ. Љ Ајдински. “Основи на дефектологија” специјална едукација и рехабилитација, второ дополнето издание. Скопје. 2007.

14. Dolovic N. Prihvačanje djeteta sa teškočama u razvoju. [Online].URL:http://angerona1.blogspot.com/p/rana-intervencija.html
15. Stolfa G. Obitelj I dece s teškočama u razvoju. [Online]. 2012. URL:http://oc-pgz.hr/web/obitelj-i-djeca-s-teskocama-u-razvoju/.
16. . Extension C. From family stress to family Strengths. Stress, HE Leaflet 70. Rev; January 2009.
17. Ritzema AM, Sladeczek IE. Stress in parents of children with developmetal disabilities over time. Journal on Developmental Disabilities. Volume17, number 2; 2011.
18. . Dervishaliaj E. Parental stress in families of children with disabilities:A literature review. Faklteti i Shkencave Humane. Vlora, AL; Octomber 2013 Vol. 3 No. 7.
19. Hartmann A. Autism and its impact on families. St. Catherine University. MSW Clinical Research Paper; May, 2012.
20. Pisula E. Parenting stress in mothers and fathers of childrens with autism spectrum disorders. University of Warsaw, PL; 2011.
21. . Plant KM, Sanders MR. Predictors of care-giver stress in families of preschool aged children with developmental disabilities, Journal of Intellectual disability Research, vol. 51 part 2, 2007.
22. Skok A.Harvey D. Reddihough D. Perceived stress, perceived social support, and wellbeing among mothers of school – aged children with cerebral palsy, Journal of intellectual and developmental disability, 2006.
23. Milačić I. Autizam, dijagnoza i tretman, Univerzitet u Beogradu, 2008.
24. В Костиќ-Ивановиќ. Ј Трошанска. А Калемициевска. Семеен квалитет на живот:споредба помеѓу семејства на деца со интелектуална попреченост и семејства на деца со оштетен вид. Охрид. 2015.
25. А Кескинова. Г Ајдински. М Буниамин. Квалитет на живот на семејството на дете со интелектуална попреченост. Охрид. 2015.
26. Закон за заштита на децата (Службен весник на РМ. бр.170/2010).
27. Закон за социјална заштита (Службен весник на РМ. бр. 79/2009).
28. . S Hrnjica. M Mitić. B Piper.Deca sa smetnjama u razvoju potrebe i podrška. Republićki zavod za socijalnu zaštitu. Beograd. 2011.

29. Б Марковска, Р Петров. Семејството на детето со посебни образовни потреби како важен фактор во тиот за реализација на инклузијата во редовниот образовен систем. Филозофски факултет. Скопје.

30. D Matijević. L Sokol Jovanović. N Rudić. Djeci je mesto u porodici. Gradski zavod za javno zdravlje Beograd. Beograd. 2010.

**Web страни**

31. file:///C:/Users/pc/Downloads/Мапирање-за-потребите-и-проблемите-на-лицата-со-хендикеп-во-Битолскиот-регион.pdf

32. https://www.parentcenterhub.org/intellectual/#def

33. https://www.mentalhelp.net/articles/support-amp-help-for-families-with-intellectually-disabled-children/

34. https://healthfully.com/79436-problems-faced-parents-mentally-challenged.html

# Прилози

- *Анкетен Лист*
- *Скала на семејна подршка*
- *Скала на семејните ресурси*

## Анкетен Лист

Прашалникот кој е пред Вас е изработен за потребите на истражување за изработка на магистерски труд  на студент на  постдипломски студии на  Институт за специјална едукација и рехабилитација при Филозофски факултет во Скопје.

Прашалникот е анонимен и од исклучително значење ќе ни биде искреноста на вашите одговори. Истражувањето и податоците ќе бидат искористени само за научни цели. Ве молиме на крајот да проверите дали сте дале одговор на сите прашања.

Ви благодариме за соработката!

**1. Анкетниот прашалник го пополнувате во улога на**

1. Родител   2. Згрижувач   3. Старател

**1. Пол на испитаникот**

1. Машки   2. Женски

**2. Национална припадност**

1. Македонец   2. Албанец   3. Ром   4. Друго ________________________

**4. Место на живеење**

1. Град   2. Село

**5. Возраст на испитаникот**

1. До 30 години   2. 31 до 40 години   3. Над 41 година

**1. Образование на испитаникот**

1. Без образование   2. Основно   3. Средно   4. Виша школа   5. Високо

Друго______________________

**2. Работен статус на мајката**

1. Невработена   2. Вработена

**3. Работен статус на таткото**

1. Невработен 2. Вработен

**4. Семејството живее**

1. Во заедница со баба и дедо
2. Во заедница покрај со баба и дедо и со други членови од семејството
3. Сами со своите деца

**5. Родителите имаат и други деца**

1. Да 2. Не

**6. Семејството живее**

1. Во сопствен стан 2. Под кирија

**<u>Податоци за детето</u>**

**Детето учи во**

1. Посеба паралелка или посебно училиште
2. Во редовно училиште

Детето е 1. Со типичен развој 2. Со атипичен развој

**7. Степен на интелектуална попреченост**

1. Лесна ИП 2. Умерена ИП 3. Тешка ИП

**8. Дополнителни нарушувања на детето (можете да заокружите и повеќе одговори)**

2. Пречки во говорот и гласот 2. Моторни нарушувања 3. Оштетен вид 4. Оштетен слух 5. Аутизам 6 DOWN синдром 7. Друго --------------------

**9. Возраст на детето**

1. До 6 години 2. 7 до 14 години 3. Над 15 години

**10. Пол на детето**

1. Машки 2. Женски

## Скала на семејна подршка

Упатство: скалата проценува како вие и вашето семејство располагате со подршка од страна на други лица и служби. За секое тврдење заокружете го одговорот кој најдобро опишува во која мера одредени лица или служби ви пружаат подршка. За одговори користете ја следнава сакла:

1- ни малку помош, 2- ретко помагаат, 3- воглавно помагаат, 4- многу помагаат, 5- исклучително многу помагаа

СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА ОД СЕМЕЈНО ПОТЕКЛО

СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА ОД ПРИЈАТЕЛИ И ДРУГИ ПОЕДИНЦИ

СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА ОД НЕФОРМАЛНИ ГРУПИ ОД ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА ОД ОПШТЕСТВЕНИ УСТАНОВИ

## Скала на семејните ресурси

| | Пристапност на подршка | Ни малку | Ретко | Помагаат | Многу | Исклу. многу |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Мои родители | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 2 | Родители на партнерот | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 3 | Мои роднини | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 4 | Роднини на партнерот | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 5 | Сопруг- партнер | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6 | Мои пријатели | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 7 | Пријатели на партнерот | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 8 | Моите деца | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 9 | Други родители | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 10 | Колеги | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 11 | Група на родители | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 12 | Клуб- социјална група | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 13 | Членови на верската заедница | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 14 | Семеен- детски лекар | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 15 | Патронажна педијатриска служба | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 16 | Училишен дневен престој | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 17 | Професионалци – социјален работник, тарапевт, специјален едукатор и рехабилитатор | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 18 | Професионални служби- здравствени, социјални,ментално здравје | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

Упатство – Скалата проценува како вие и вашето семејство располагатае со потребните средства за задоволуање на своите потреби. За секое потврдување заокружете одговор кој најдобро го опишува колку вашите поедини потреби се задоволени на соодветен начин. За одговори користете ја следнава скала:

1.Ни малку не одговара

2.Ретко ни одговара

3.Понекогаш ни одговара

4.Обично ни одговара

5.Секогаш ни одговара

СТЕПЕН НА ЗАДОВОЛЕНОСТ НА БАЗИЧНИТЕ ДНЕВНИ ПОТРЕБИ

СТЕПЕН НА ЗАДОВОЛЕНОСТ НА СМЕСТУВАЧКИТЕ И ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ПОТРЕБИ

СТЕПЕН НА ЗАДОВОЛЕНОСТ НА ПОТРЕБИТЕ ОД ДОМЕНОТ НА СОЦИЈАЛНАТА И ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАШТИТА

СТЕПЕН НА ЗАДОВОЛЕНОСТ НА ЛИЧНИТЕ И СОЦИЈАЛНИТЕ ПОТРЕБИ

СТЕПЕН НА ЗАДОВОЛЕНОСТ НА ПОТРЕБИТЕ ОД ОДМОР, ЗАБАВА И ЗАДОВОЛСТВА

| | Потреби | Ни малку | Ретко | Понекогаш | Обично | Скоро секогаш |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Храна за два оброка дневно | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 2 | Куќа или стан | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 3 | Пари за основни потреби | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 4 | Доволно облека за семејството | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 5 | Затоплување на стан | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6 | Водовод во домот | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 7 | Пари за месечните сметки | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 8 | Добра работа- своја или на партнерот | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 9 | Медицинска помош за семејството | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 10 | Помош од социјалните и здравствените служби | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 11 | Превоз со кој располагате кола или друго | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 12 | Доволно време за спиење | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 13 | Мебел за стан | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 14 | Доволно време за себе | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 15 | Време кога семејството го поминува заедно | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | Време кое го поминува со децата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 17 | Време за партнерот или блиските пријатели | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 18 | Телефон или пристап до телефон | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 19 | Помош за чување на деца | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 20 | Дневно престојување на деца (градинка) | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 21 | Пари за посебни детски потреби | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 22 | Нега на заби (забар) за семејството | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 23 | Лице со кое може да разговара | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 24 | Време за дружење | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 25 | Време за рекреација и лична нега | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 26 | Играчки за деца | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 27 | Пари за лични потреби | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 28 | Пари за семејни забави | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 29 | Пари за шетање | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 30 | Пари и време за одмор-патување | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |